**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

од Тринаесеттото продолжение на Педесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 18 февруари 2004 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала број 1 со почеток во 11,05 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа по Педесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Неџдет Мустафа, Ванчо Ѓоргиев, Ристо Пејоски, Љубчо Георгиевски, Љубе Бошкоски, Никола Груевски, Петар Нумовски, Али Ахмети, Трифун Костовски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Пред да почнеме, еден апел од мене како претседател, ова е петти ден како дискутираме по оваа точка, тоа е многу битно и важно, мене ми е многу јасно за тоа, но би апелирал сепак говорите да бидат во една разумна временска димензија, Не чека и законот за Град Скопје. Имаме една заедничка изјава дека сето ова ќе го завршиме во предвиден рок.

Има збор господинот Орданчо Тасев.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Почитуван претседателе, почитуван министре Гештаковски, почитувани колеги пратеници,

Денес на денешнава седница на Парламентот т.е. пред пратениците на Собранието на РМ имаме една исклучително важна точка на дневниот ред, а тоа е Предлогот за донесување на закон за територијална организација на локалната самоуправа во РМ кој во склоп заедно со Законот за локална самоуправа и Предлогот за донесување на законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, нормално тука спаѓа и Предлогот за донесување на законот за Градот Скопје претставуваат склоп т.е. систем од закони кои на некој начин ги тангираат правата на сите граѓани на РМ независно од нивната национална, верска, или друга

припадност , особено во делот на правото на она што значи територијална оргаизираност и територијална поврзаност според определени критериуми поради што граѓаните на РМ со право го очекуваат ставот по овој Предлог на закон, ставот на законодавниот дом т.е. на Парламентот и на политичките субјекти кои се застапени во макеоднскиот законодавен дом. Ова особено затоа што како по пишаните медиуми така и по електронските се нудат , т.е. во оптек се најразно разни решенија за она што значи територијална организација на локална самоуправа во РМ каде се оперира со најразно разни бројки за новите општини во зависност од критериумите што се нудат при таа распределба, потоа имајки ја во предвид официјалната верзија на Предлогот за донесување на Закон за територијална организација на локалната самоуправа во РМ. И конечно не апстрахирајки го притоа условно кажано народното незадоволство, т.е. искажаната волја на народот преку референдумското изјаснвуање како облик на одлучување по ова многу витално и значајно прашање за граѓаните на РМ за тоа како треба да бидат организирани општините, колку треба да бидат на број и како треба едноставно да функционираат на територијата за која се организирани. Гледајки ретроспективно т.е. од историски аспект, локалната самоуправа, т.е нејзината територијална организираност бележи определена еволуција во зависност од различните околности каде што имало трендови за постоење на големи општини,односно поголеми општини, а и моменти кога се сметало дека децентрализацијата е многу пофункционална и реализацијата на потребите и интересите од локален карактер полесно и побрзо се остваруваат во помали општини. Притоа, и до денес се поставува дилемата за мала, или за поголема општина, но , сепак, одлучувачко е спецификата на секоја општина, како и фактот кои критериуми се доминантни, дали е тоа економската одржливост, демографските моменти, територијалниот принцип и друго при постапката за територијалната организација на една држава. Слични процеси во територијалната организираност се случуваат и во РМ каде што од 1945 година па до денес вакви целосни, или делумни територијални организациони промени се случуваат некаде помеѓу 10 и 20. Но, факт е дека од осамостојувањето од 1990 година наваму па до денес карактеристични се две промени, едната беше со 34 општини заклучно со 1996 година, а од 1996 година до денес со 123 општини. Значи, имавме една состојба на комунален систем со 34 општини и таквата состојба владееше некаде до 1996 година кога беа утврдени определени дефекти во постојниот систем на комуналното уредување т.е. територијалната организација, па беше предложена нова организација која сметам дека е многу пофункционална како од онаа до 1996

година, така и од сега предложената со Предлогот за донесувањето на законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија. Тоа пак од своја страна значи дека имајки ги во предвид сите помали, или помали територијални промени на општинските граници од 1945 па до 1992 година и промените кои настанаа после раздружувањето од СФРЈ, дека ние сеуште немаме изградено објективни и вистински критериуми од оваа област т.е. од областа на она што значи определување на општинските граници , или таканаречени општински меѓи. Можеме со сигурност да потврдиме дека сегашниот концепт на територијална организација на локалната самоуправа во РМ претставува според мене рефлексија на политички одлуки и политички договарања на коалицијата на власт на СДСМ и ДУИ со цел за стекнување на краткорочни политички поени и користи, но со далекусежни негативни консеквенции дури и по националниот интерес на РМ без притоа да бидат консултирани другите релевантни политички фактори и потписници на Охридскиот Рамковен договор. Дека е тоа така и дека овој Предлог закон претставува на некој начин меѓупартиски договор меѓу СДСМ и ДУИ ќе ја искористам изјавата на господинот Гештаковски министер за локалната самоуправа, кога кажа дека политиката влијаела на целиот процес и дека ова е коалициона Влада со свои политички програми и избирачи. Уште од самиот почеток, тоа е со поставувањето на контурите и концептот на овој Предлог закон, едноставно се беше завиткано под превезот на тајноста. Јавноста беше исклучена т.е. не беше запознаена, и вклучена во изготвувањето на овој за неа од витално значење проект, а резултат на тоа беа веќе многуте најавени или спроведени референдуми преку кои граѓаните на РМ го искажуваат револтот и незадоволството како од начинот на изготвувањето, така и од понудените решенија во самиот Предлог закон. Од самиот факт што беа закажани и спроведени многу референдуми, ми се чини повеќе од 30 општини самото по себе зборува дека понудениот концепт на определвуање на општинските граници не е погоден, односно не е адекватен, односно дека истиот треба да се преработи, односно да се доработува. Затоа, во оваа прилика саам да напоменам дека ние сме апсолутно скептици околу донесувањето на овој закон не од причини и заради тоа што сме против неговото донесвување, но и заради самата методологија и постапката во неговото донесување, заради поплаките и незадоволствата на граѓаните и над се заради масовно искажаната волја низ референдумското изјаснување. Имено, ние сметаме дека треба да донесеме практичен и применлив закон кој ќе егзистира и кој едноставно ќе биде на сервис на граѓаните, а не закон од формално-правна природа за потребите како доказ дека го имаме заради нашата

апликација во Европската унија и во крајна линија дека е изнуден, или пак донесен врз основ ана договор на една политичка елита на власт која во иднина ќе треба да профитира на локалните, или на претседателските избори.

Морам да потенцирам дека ние од опозицијата т.е. од ВМРО-ДПМНЕ очекувавме во најмала рака дек аод самиот почеток т.е. од определувањето на основниот концепт на овој Предлог на закон ќе бидеме информирани, или запознавани па се до конечната изработка на неговата верзија заради постигнување на општ консензус по овој многу значаен закон кој преоизлегува и од обврските предвидени во Охридскиот Рамковен договор. Но, наместо сето ова т.е. постигнвуање на целосна согласност особено помеѓу потписниците на Рамковниот договор, Владата и коалиционите партнери понудија нешто сосема друго и неприфатливо, да не кажам скоро за сите граѓани на РМ. Имено, Владата наместо со најавените процеси на децентрализација да понуди на граѓаните на РМ , понуди модел на територијална организација на локалната самоуправа која со својата уставна законска поставеност ќе биде на некој начин гарант за развивање на меѓунационалните односи во повеќе етничките простори на РМ, тој едноставно понуди сегашен проект, односно модел на централизација и дезинтеграција кој така моделиран остава широк простор за целосно истиснување на макеоднците, особено од Западниот дел на Македонија. Тука јас би го спомнал примерот со предложената територијална организација особено на општините Кичево и Струга. Имено, со вака предложените измени т.е. со присоединувањето на големи населби и населени места кои етнички се со чисто албанско население, се создава простор за создавање на вештачки политички мнозинства и тоа пак од своја страна зборува тоа што би значело особено за идните локални избори. Од друга страна тоа би сакал да го потенцирам дека вака конципираниот закон отвара можност за повторни дезинтеграциони процеси, потоа отвора можност за повторна дезинтеграција на руралните простори во РМ за што најголемиот дел од овие рурални општини едноставно се спојуваат со поголемите градски центри, а тоа во услови на слабо развиена градска инфраструктура, распаднато стопанство и економии во градовите и да не кажам во услови на скоро нерешливи урбани проблеми. Доколку го прифатиме овој предлог на закон со вака предвидените решенија во него повеќе од сигурно е дека селата повторно ќе се претворат во места каде што ќе се зборува за иселување, за пустошење, запоставување кој процес на дезинтеграција беше особено карактеристичен за некаде во 50-ти години кога според филозофијата на

тогашниот естаблишмент требаше од селани и земјоделци да регрутираме индустриски работници.

Почитувани колеги пратеници, анализирајки го текстот на законот, т.е. на Предлог законот, можеме да констатираме многу нелогичности во примената на критериумите кои се карактеристични за овој проект закон. Имено, нелогично е поврзувањето на карактеристични урбани центри со карактеристично рурални. Таков е примерот, на пример спојувањето на Дојран со Богданци. Овие две општини ниту економски, ниту функционално се компатибилни, т.е. туристичко-рибарско подрачје се спојува со типично земјоделско. Потоа Осломеј, Зајас, Вранешница и Другово со Кичево, а кон Струга како урбан центар се придодаваат руралните Велгошти, Луково, Велешта, Лабуништа, Вевчани и други. Со ваквиот предлог почитувани колеги пратеници, всушност се постигнува поголема централизација, а не децентрализација. Имено, Кичево од постојните 6 населени места се зголемува на 80, Битола од 18 се зголемува на 52, Струга од 17 на 49 и т.н. Со вака понудениот модел на територијална поделба се врши целосно редефинирање на просторот на РМ и се создаваат претпоставки и услови за формирање и егзистенција на политичкиот поим Западна Македонија кој со текот на времето ќе стане и фундамент за реализација на радикалните албански концепти за територијално прекројување на балканските простори, а РМ како дел од тој концепт повеќе од сигурно ќе се судри со сите можни последици и со целата тежина од тие дезинтиграциони процеси.

Исто така, мораме да бидеме реални , со овој предлог се дава можност за целосна смена на етничкото управување со просторот во РМ, особено како што реков во Западна Македонија сето тоа благодарение на вештачки и политички создадено мнозинство по пат на спојување на неколку општини со што всушност доаѓа до мајоризација и натамошно создавање на услови и претпоставки на засилен процес на иселување на неалбанското население од овие простори. Тука би набројал неколку примери. Прво, Кичево моментално со пописот од 2002 година 53,55% е со македонско население и 30,53% албанско население. Со новата организација и припојување на општините однсот е обратен. 35,47% е македонско население, а 54,52% албанци. Иста е состојбата со Струга, Чашка и други. Постои голема непринципиелност и нелогичност со припојувањето на Градско кон Росоман, укинувањето на општина Конопиште, а голем број на општини од Источниот дел на РМ кои се укинуваат , дали е тоа коинциденција , или не, нивните градоначалници се од ВМРО-ДПМНЕ.

Сметаме дека овие општини кои се претежно рурални да опстојат како такви, затоа што само така ќе се продолжи процесот на ревитализацијата на македонското село во овој дел од државата. Ваквиот став еднаш генерален став т.е. ние , еве , изјавуваме дека сме апсолутно против припојувањето на руралните со урбаните населени места од сите погоре образложени причини.

Почитувани колеги пратеници, уште еднаш во овој момент јас сакам да ја нагласам и нетранспарентноста во изготвувањето на овој Предлог на закон која не транспарентност се манифестира со невклучувањето во процесот на конципирањето на овој проект како на опозицијата, така и на пошироката македонска јавност и експерти од оваа област поради што, еве денес имаме таков проект кој предизвикува и масовно незадоволство манифестирано преку најавените и спроведени референдуми. Почетни контакти и консултации на ниво на позиција и опозиција имаше, но тоа остана само на тие почетни контакти од кои причини позицијата ќе треба да одговори на тоа прашање зошто тие контакти не продолжија.

Од страна на ВМРО-ДПМНЕ е понуден предлог според кој територијата на РМ ќе биде поделена на 85 единици на локалната самоуправа , раководејки се притоа од она што значат географски, економски, социјални и демографски критериуми. Од друга страна СДСМ нудеше помал број на општини, но според наша оценка тоа намалување на бројот на општините би значело пред се намалени инвестиции во самите општини, нарушување на основната идеја на локалната самоуправа за нејзино приближување до граѓаните т.е. одалечување на градоначалникот од граѓаните поради неможноста за негови дирекни контакти. Со ваквиот пристап т.е. Предлог, се придонесува најголемиот дел од постојните општини во Западниот дел на РМ со мал исклучок да доминира населението од една националност, односно СДСМ под притисок на ДУИ како и заради внатре коалициони пазарења Западна Македонија да биде сведена едноставно само на политички поим. Ваквото нешто неминовно ќе придонесе голем број на македонци да бидат принудени да ги напуштаат своите домови, а од друга страна се погласни се идеите за регионализација од страна на дел од албанските политички субјекти перспективно да се создаде регион кој политички ќе биде контролиран и управуван од една националност. Кога зборувам за политичката димензија на територијалната организација на локалната самоуправа во РМ , би сакал да спомнам нешто и околу предлогот за општинските меѓи на Кичево и на Струга и за сложеноста на овој проблем создаден со новата територијална организација,особено од она што значи меѓуетничка доверба и меѓуетничка толеранција. Имено кога зборуваме за новата

територијална политичка поделба на државата врзана за законот за локалната самоуправа мораме да ги имаме во предвид и историските настани и збиднувања како и сегашната постојна состојба на Струга и Кичево, така и во нејзината непосредна околина. Со една добра анализа на сето она што се случувало таму веројатно ќе даде одговор на прашањето како да се постапува таму во иднина. Може да се констатира дека Владата на РМ со предлогот што го има изготвено т.е. со додавањето на населби со чисто албанско население на постојните две општини со што овие општини ќе се претворат од општини со доминантно макеоднско население, во општини со доминантно албанско население, очигледно е дека таа не водела сметка како за сложеноста, така и за последиците од тој предлог. Имено, се работи за тотална површност, или пак за еден свесен политички компромис со коалициониот партнер ДУИ со кој заради зачувување на позицијата на власт како и за зачувувањето по секоја цена на коалицијата се прави непоправлива грешка со непоправливи последици како за македонскиот народ така и за македонската држава. Нема никаква случајност во однесвуањето на претставниците на ДУИ кои грчевито и со сите сили настојвуаат да опстои предлогот со кој општините Зајас и Осломеј се припојуваат кон општината Кичево, со што доминантното македонско население станува малцинство о пбратно, малцинската албанска заедница станува доминантна. Мораме да кажеме дека зад ваквите настојувања на ДУИ се крие длабоко скриена и смислена идеја и намера со цел тој дел од РМ да падне под исклучива управа на албанските елементи кои се свесни, а за жал Владата на РМ можеби е несвесна дека со добивањето на јурисдикцијата врз Кичево и Струга конечно се поврзува линијата Приштина, Тетово, Гостивар, Кичево и Струга, линија која беше воспоставена во текот на Втората светска војна т.е. од 1941 до 1943 година кога овој дел беше под Италијанска окупација, а претставуваше територија на голема Албанија која беше и подржана од италијанските окупациони власти.

Значи, во овој момент фали во таа замислена линија, т.е. претставува прекинување на таа линија доколку Кичево и Струга останат со положба и статус кво каква е сега. Клучните луѓе на ДУИ тоа го знаат, односно свесни се за стратегиското значење на Кичево и заради тоа е нивната присутна упорност во своите намери. Доколку претставниците на ДУИ се со добри намери, за какви што и се прокламираат, и доколку навистина сакаат демократски да се интегрираат во македонското општество, реално треба да ги сватат и да ги гледаат работите и да ја сватат чувствителноста на македонските граѓани по ова прашање и едонставно да го

остават неговото решавање во други порелаксирани услови, кога довербата навистина ќе достигне едно високо ниво. Во спротивно ќе се смета и јасно ќе биде дека нивните намери не се добри.

Сметам дека во кичевскиот и струшкиот случај трпението на македонскиот човек ќе попушги и ниту еден интелектуалец или било кој друг ќе може да ги убеди дека граѓанската војна беше војна на права, а не за територии и нова територијална поделба на Република Макединија . Во случајот со Кичево и Струга не смее да се повтори иста грешка која беше направена со Тетово, каде заради обезбедување на мнозинство на албанската заедница кон градот беа прилепени Мала Речица и Порој со над 20 илјади албанско население, со што се обезбеди апсолутна власт на албанското население.

Но, како и да заврши случајот со општинските меѓи во Кичево и Струга, мораме да се заложиме принципот на консензус прифатен на државно ниво, истиот буквалон да се преслика и да се преифати и локалната самоуправа, а тоа значи таму, како што на државно ниво неможе да се донесе одлука ако повеќето од половината од претставниците на населението од заедниците што претставуваат помал дел не дадат согласност, аналогно тоа да се применува и во локалната самоуправа.

Уште еднаш потенцирам, почитувани колеги пратеници, дека навистина е симптоматично тоа што во случајот Струга се припојуваат шест општини, со Кичево пет, а во другите случаи со две или три општини и навистина се поставува прашањето за лојалниот и за чесниот пристап кон идеите за овие две општини. Ете зошто македонското населени од овие две општини, каде доминантно е македонското население, со право се сомнева, односно не го прифаќа предлогот на Владата кон нив да се спојат, т.е. да се придодадат општини со чисто албанско население, а со тоа всушност вештачки и со политички договор да станат општини со доминација на албанското население. Населението е свесно дека ова не се прави за подобро функционирање на локалната самоуправа, туку за политички мотиви на албанскиот политички фактор и за реализација и остварување на нивните зацртани стратегиски цели. А за какви стратегиски цели се работи, мислам дека сосема е јасно, особено на македонската популација која живее во тетовскиот, гостиварскиот, кичевскиот, струшкиот и другите делови на заспадна Македонија, за кое впрочем во своето интервју зборуваше и претседателот на ВМРО-ДПМНЕ , особено за затечените и постојните состојби во тие делови на Република Макединија . Да го спомнеме и повикот на еден верски лидер од муслиманска вероисповест кој повика

од џамијата за чистење на христијанското население, за обидот за насилно преземање на една легално купена земјоделска задруга, ми се чини тоа беше Брвеница, за владеењето на правото и на правната држава, нормално во наводници, на чело со командатот Баци итн.

Тоа се всушност, почитувани колеги пратеници, стратегиските цели на определени албански фактори , но се надевам дека ете со практични и конкретни активности од страна на албанскиот фактор ќе бидам и практично демантиран и дека тоа не е нивната намера.

И сега сосема на крајот би проговорил нешто за укинувањето на општина Конопиште,  за која сметам дека Владата на Република Македнија ги немала предвид сите релевантни факти и околности кои се од битно значење за донесувањето на одлуката за укинувањето односно за нејзиното опстојување. Сосема накратко, општината Конопиште е со површина од 630 км.2, и веројатно претставува една од најголемите општини во Република Македнија и е најбогата со природни ресурси. Таму има огромни количини води, шума, рудно богатство, пасишта итн. Располага со голем број културон историски споменици, а според местоположбата е идеално место за развој на туризмот итн. Според некои подалечни податоци, на тој простор егзистирале околу 7500 жители , а таа бројка егзистира и после 1948 година. Ако се направи една паралела дека Кавадарци после 1945 година брои само 5000 жители, општина Конопиште 7500 жители, може да се свати општина Конопиште во каква ситуација била. Од тој период датираат и други податоци и таа општина располага со огромен број сточен фонд. Само еден податок, околу 120000 овци има, 6500 грла крупен добиток итн. Има земјишен фонд од преку 63000 хектари. Меѓутоа, со масовната миграција село град на почетокот на 60-тите години, кога заради нерешената инфраструктура, поради развојот на индустријата во градот, сето тоа има придонесено поголем дел од населението од овој крај својата егзистенција на некој начин да ја побара во градот Кавадарци, Неготино и во другите општини во Република Македнија . Меѓутоа, од 1996 година па наваму присутни се обратни процеси кога бројот на семејствата на овој терен се зголемува. На некој начин, со новата територијална поделба од 1996 година општината повторно почнува да заживува, изградени се неопходните инфраструктурни објекти, а тоа подразбира изградба на патишта, градење телефонски врски, електрична мрежа, водоводни канали и каналски мрежи, автобуски врски итн. Со новите процеси на транзицијата во Македонија голем дел од граѓаните од Кавадарци, кои беа вработени во индустриските капацитети, останаа без работа, немаа средства за

егзистенција, а сите се на работ на она што значи социјала и социјална егзистенција. Поради овие причини голем дел од нив се повратници во своите родни места, а уште поголем е бројот и на потенцијалните повратници кои својот животен и работен век на некој начин го гледаат во развојот на оваа општина и во обработката на плодното земјиште на оваа општина.

Од направените анализи од стручните сллужби во самата општина може да се констатира дека има огромни природни ресурси, само во делот на она што значат шумски ресурси може да се каже дека годишно се сече дрвна маса од 66000 метри 3, наслаги од никел во Рудникот "Ржаново" од 43милиони резерви годишно, од кои 14 милиони се користат годишно, што значи има резерви за повеќе од 30 години итн. Тука се наоѓа водоводот "Лукар" , на реката Бошевица е изграден канал кој служи за наводнување на плодното земјиште итн. Да не кажам дека веќе е во постапка изградбата на она што значи Пуљевац, тоа е спрема грчкиот дел, порта или излез треба да биде спрема грчкиот дел, предвидена е изградба на ски центар Кожув и други можности за општина Конопиште.

Имајќи ги предвид сите овие моменти, сметам дека општината Конопиште би можела сама и самостојно на некој начин да опстојува. Има можност за градба и веќе има подигнато лозови насади, насади од овошје, јаболки, круши, вишни, малини итн. Исто така, можеме да кажеме дека за постоењето во овие 7 години општина Конопиште по разни основи има обезбедено околу 200 милиони денари кои се инвестирани во инфраструктурата и на некој начин служат за забрзан економски развој.

Од сето горе наведено, слободно можеме да констатираме дека општината Конопиште со новата територијална поделба на Република Макединија може самостојно да се финансира и да се развива, што пак од друга страна ако таа биде припоена кон општина Кавадарци мислам дека нема ниту теоретски шанси за позабрзан економски развој, како и за просперитет кој е достгнат на сегашното ниво.

Од сите наведени причини, почитувани колеги, почитуван министре, мислам дека овој предлог закон треба да претрпи определени корекции, да се чекаат резултатите на најавените и спроведените референдуми, па по искажаната волја на граѓаните на Република Макединија да се обидеме да донесеме најсоодветен закон кој на н екој начин ќе ги исполни очекувањата на граѓаните на Република Макединија

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Тасев.

За реплика се јави г. Талат Џафери, повелете три минути.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Благодарам г.претседател.

За три минути ќе се задржам на три точки што ги спомна г. Тасев. Во неговата дискусија многу пати беше речено “создавање на вештачко мнозинство” , значи политички, мислејќи и алудирајќи на Кичево и Струга како последица на окрупнување или доближување на Осломеј и Зајас кон Кичево и неколку други општини кон Струга. Мислам дека времето на централниот комитет е минато. Тие луѓе не ги добиле политичките партии,. Туку тие луѓе што живеат таму живеат откога постојат реално како мнозинство и тоа како реалност неможе да го смени никој, ниту филозофијата на г. Тасев.

Тој зборува за патот Приштина-Тетово, Гостивар, Кичево, Струга како страртешка цел на ДУИ, но г. Тасев заборава дека 1998 , 1999 година неговата партија прифати идеја на еден коридор за етничко чистење, а тоа беше идеја на Милошевиќ, а се знае каде стигна Милошевиќ со неговата идеја.

Што се однесува до периодот 1941-1943 година, зборувате за една теза за која верувам дека сигурно панданот не го знаете, не го познавате. Често пати ја спомнувате тезата на голема Албанија, но би ве замолил до колку можете да кажете што за вас подразбира мала Албанија, која што ти ја замислуваш и ја пласираш како спротивставена теза за создавање голема Албанија. Леете “крокодилски солзи” за македонците кои живеат во Тетово, Гостивар и во тој дел од Македонија, а од друга страна имате пратеници кои доаѓаат од таа страна. Оставете ги тие да зборуваат за нивната состојба и нивната позиција. Верувам дека ниту еднаш не сте биле да ги посетите македонците во тој дел . Затоа вербалните тези на политичките филозофии кои вие ги имате се само тези на заплашување, особено на македонското население таму, за кое “роните солзи” , а врз таа филозофија ја градите вашата теза за заплашување на албанците каде и да се во Албанија. Но и тоа време е веќе минато, г. Тасев. Ние сме во 2004 , а не во 1944 година.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Тасев, една минута контра реплика.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Ќе се обидам сосема накратко да кажам за една минута. Г-динот тврди дека ова се тези, а јас сметам дека воопшто не се работи за тези, туку тоа се факти.

Г-дине, ние никогаш не сме се залагале како ВМРО-ДПМНЕ за бинационална држава и за федерализација на Република Макединија , сме за мултиетничко општество, а вие досега со ниту една конкретна ваша активност не сте докажале дека вие се залагате за мултиетничка држава. Напротив, сите ваши активности се насочени токму во правец на создавање на бинационална или федерална држава. Во кој дел од западниот дел на Македонија и во северозападниот дел , во кое село да влеземе, едноставно ќе видиме само албански знамиња. Покажете ја вашата лојалност, извадете ги тие албански знамиња - тоа е првиот момент со кој вие ќе докажете дека навистина сакате да живеете во Република Макединија . Тоа е првата работа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За втората работа нема време.

За реплика се јави г. Хусеинџеват Хусеини.

ХУСЕИНИ ХУСЕИНЏЕВАТ:

Господине Тасев, во демократскиот период од 1990 година наваму, во политиката на македонија јас разликувам две многу значајни етапи. Едната е онаа кога граѓаните излегуваа на протести и на еден начин искажуваа анти НАТО расположение и анти европско расположение и вториот период, кога сите имаме еден консензус, а вие сте тие претходници што ја предложивте декларацијата за зачленување во ЕУ.

Мене ме интересира, нормано, овие два периоди се разликуваат меѓу себе, но што се измени во вашата политичка платформа од тоа време и денес. Тоа е како прво.

Второ, незнам како можете да се изразите како артифицијално мнозинство, значи да изразите артифицијално мнозинство. Тоа ми дава право да кажам дека во овој Парламент вие сте артифицијално мнозинство, а ние сме вистинско мнозинство. А ова не е вистина. Ние сме 25, а вие сте толку колку што сте. Значи, не можеме да ги затвориме очите пред фактите, неможеме да појдеме од постојните претпоставки и од наследените премиси. Видовме дека тие не не водат кон добро и кон добар пат. За вашиот страв, тој страв е фиктивен или е страв со една предрасуда на вашето политичко размислување. Ако навистина верувате во зборовите што ги кажувате, тогаш верувам дека сте достоен да бидете еден протагонист на еден нов Сервантес.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете една минута г. Тасев.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Ако господинот добро го следеше мојот говор, јас реков дека јас се надевам дека претставниците на ДУИ ќе не разубедат во нашите размислувања дека се за кооперација и дека ќе работат за доброто и просперитетот на Република Македнија . Меѓутоа, сеуште неможат да не разубедат, заради тоа што Призренската лига и фикцијата реков голема Албанија се сеуште присутни кај дел од албанскиот политички блок. Можеби не кај нив, меѓутоа, кај дел од нив егзистира таа идеја и резултат на тоа се и борбите од 2001 година, од тие криминалци и незнам што, на крајот излегоа дека се борци за права. Зарем не можеше за тие права, ако се работи за човечки права, да седневме на маса и да расправаме за тие нивни права, туку излегоа по планините да се убиваме, да пљачкаме и да разрушуваме објекти од витално значење за Република Македнија .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Тасев.

Господине Зиди Џелили, повелете, имате три минути реплика.

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Господине Тасев, не е вистина дека овој закон е во корист на албанците, туку напротив, со овој закон и натаму албанците остануваат да се експлоатираат, да се колонизираат и остануваат нерамноправни во местата каде живеат како мнозинство. Им давате значење на Кичево и Струга и ги покривате неколкуте нерамноправности. Да launch, во некои енклави и поделбата на Скопје, ние овде од политичкиот блок , едниот блок на македонците прави лаги, а другиот измамува, така што и натаму вие имате главна цел да имате сепак влијание врз албанците. Јавно треба да зборуваме дека не и мислите добро на Македонија ниту на македонскиот народ, затоа што со измами и со окупирања неможеме да одиме во Европа.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута реплика,повелете господине Тасев.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Најверојатно ние не и мислиме добро на Република Македонија. Веројатно оние што излегоа во планините и мислат добро.

Меѓутоа, сакам да потенцирам, доколку они сакаат да кажат или да докажат дека навистина се лојални државјани на Република Македонија, во овој момент треба да сватат дека македонското население, македонскиот граѓанин, особено кичевско-струшкиот дел, едноставно се исплашени. Овој закон ниту е библија, ниту е коран. Што значи во овој момент, да оставиме така како што е. Има моменти, ќе има време кога таа меѓусебна доверба ќе достигне одредено ниво, па ќе ги измениме овие закони. Значи во овој момент немаме потреба нешто да форсираме непотребно, да се создаваат нови тензии и нови недоверби, меѓуетнички, меѓу двете заедници.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господинеТасев.

Немаме повеќе реплики.

Збор има госпоѓа Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници,

Со денови веќе расправаме за толку важниот закон за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија. Чувме дека децентрализацијата на власта е неопходна и еден од условите и обврските превземени со Рамковниот договор, дека тоа е нашиот услов за влез во Европската Унија, меѓутоа јас ќе кажам дека децентрализацијата на власта најпрвин е потребна заради сите нас, заради подоброто живеење на граѓаните во Република Македонија и подобрите услуги кон нив, во рамките на локалната самоуправа, а не само заради тоа што тоа е наш услов за влез во Европската Унија или пак обврска превземена со Рамковниот договор.

А, дали сега имаме со овој Предлог на закон вистинска децентрализација, вистинско пренесување на власта од централно на локално ниво. Дали ја доближуваме власта до граѓаните, дали децентрализацијата подразбира да се намали бројот на општините, а со тоа и да се оддалечат тие, односно локалната власт од нив или пак треба да има и нови општини кои поуспешно ќе одговорат на потребите на граѓаните. Тоа што се предлага во моментот со овој Предлог на закон, ми личи повеќе на централизација, отколку на децентрализација.

Владата бара бројот на општините речиси да се преполови, а причините што ги наведува за тоа се, ни кажува дека произлегува од физичко-географскиот, од демографскиот критериум и од финансиската немоќ или моќ на општините. Подоцна ќе се осврнам поконкретно на секој од нив.

Се дели значи територијата на државата на големи и мали општини, малите општини во државата се речиси сите рурални средини, кои се оддалечени од градот и подолг период запоставувани и оставени да немаат основни сервисни услуги од страна на власта.

Со добивањето на статусот на општини, со последната територијална поделба од 1996 година, кога беа формирани 123 општини во Република Македонија, се создадоа можности за нивна ревитализација, тие заживеаа и се трудеа во рамките на тоа, колку им дозволуват надлежностите, навистина постигнаа доста и како резултат на нивната инвентивност се изборија многу од нив покрај другото и за странски донации, за реализација на потребните проекти за населението во општините. Се направија патишта, водоводи, канализации, објекти потребни за инфраструктурата на општината и што ли уште не. И со тоа се создадоа подобри услови за живот на граѓаните во општините.

Со тоа, значи, дел од проблемите кои што долго време ги мачеа нивните граѓани, ги решаваа. Тие граѓани имаат и денес голема надеж во децентрализацијата. Тие ги осетија благодетите од своите општини, од патиштата направени, водоводите, канализацијата, тие не патуваат повеќе и не поминуваат километри за да завршат некоја работа во општината, односно во градот и не губат ниту многу време, ниту пак пари.

Сега со припојувањето на дел од малите рурални општини, кон други општини ќе се принудат граѓаните повторно да бидат оддалечени од услугите кои што треба да им ги дава локалната власт. Како што пред 1996 година патуваа до градовите за да остварат некое свое право или да воспостават некаква комуникација со подрачните единици на централната власт, тие сега треба повторно да патуваата за да остваруват права што произлегуваат од локалната власт. Зарем може во тој случај да зборуваме за децентрализација кога само се работи за менување на терминологијата, а не и за суштинско, полесно остварување на правата на граѓаните во локалната самоуправа. Ако пак граѓаните треба да патуваат, ако пак им е отежната комуникацијата со локалната власт, ако повторно бидат заборавени нивните потреби од големите градски центри, која е смислата тогаш на децентрализацијата.

Ако една општина од 6 населени места се зголемува на 80 како што е примерот со Кичево, ако Дојран со 13 населени места се приспојува кон Богданци, ако Василево со 18 населени места се припојува со Струмица, ако Куклуш со 10 населени места се припојува кон Струмица, тогаш тоа е децентрализација или централизација на власта.

Во контекст на новата децентрализација сакам да скренам внимание и на тоа дали во моментот кога неможе да се пофалиме многу со функционирање на правната држава, и кога на секој чекор се судираме со непочитување на правата и правилата поставени, утврдени со закон, ќе може да се спроведуваат законите од оваа сфера за да може да има некој степен на децентрализација.

Денес централната власт по својот авторитет неможе да обезбеди да се почитува правото на целата територија на државата, па затоа се сомневам дали и локалната власт воопшто ќе успее во тоа. За пример само ќе го посочам случајот со узурпацијата на просториите во Тетово Табак.

Оттука, оправдани се сомнежите на некои градоначалници, дека во денешни услови ваквата децентрализација како што се предлага, ќе направи вистински хаос во државата, посебно во образованието, урбанизмот и здравството и аспект на нефункционирање на правната држава. Приметите кои што ги имавме на непочитување на законите, и постапките на наметнување на нечија волја од аспект на сила, зборува во тој прилог. Тука ќе се навратам и на случувањата што беа во Шемшово, па во Битола, па во “Арсени Јовков”. Ако ескалираат и понатаму ваквите случки, сега провоцирани од страна на локалната власт, тогаш може да биде доведено во прашање заедничкото образование помеѓу разните етнички заедници, и тогаш неминовен е судирот и помеѓу централната и локалната власт. Дали воопшто Владата размислувала за превземање на соодветни мерки за тоа,дали има подолгорочна стратегија за решавање на ваквите проблеми или уште повеќе дали има воопшто стратегија да не се дозволи да дојде до вакви проблеми, да се отстранат можните причини за нив.

Оправдан е и сомнежот на некои од градоначалниците за функционирањето и на сверата на урбанизмот. Со огромниот број на дивоградби што го имаме во моментот, не се справуваше јспешно централната власт. Се менуваа преку ноќ дури и урбанистичките планови и се градеше легално таму, каде што не треба. Сегашната администрација не умееше успешно да се справи со сето тоа, тогаш како да не постои сомнежот дека локалната власт уште повеќе со поголемите овластувања што ќе ги има нема да успее во тоа, кога се работи за истата администрација и за

нефункционирање на институциите на системот. Истиот нивни сомнеж е оправдан и за функционирање на здравството, затоа што на локално ниво ќе се пренесат сите проблеми и од оваа сфера. Како што се несоодветни и застарени опреми, неквалитетни услуги, незадоволни здравствени работници, и најважното незадоволни пациенти.

Со сите овие проблеми во здравството, општините наместо да прават проекции за поквалитетни услуги, тие треба да прават програми за санации.

Затоа власта треба добро да размисли за сето тоа и конечно да започне да работи на обезбедување на вистинско функционирање на институциите во државата, на целата територија на Република Македонија, доколку сака вистински да функционира правната држава, а во рамките на тоа и да се остварува децентрализацијата на власта.

Почитуваниот господин министер, во експозето по повод овој закон во однос на територијалната организација кажа дека таа има за цел да обезбеди амбиент на зближување на сите граѓани во остварувањето на нивните интереси и права, во единиците на локалната самоуправа, да создаде општини во кои ќе се врати довербата и соживотот помеѓу граѓаните. Да направи општини што оптимално ќе одговараат на потребите и на традициите на граѓаните, и ќе создадат услови за остварување на нивните демократски права, да создаде општини кои ќе обезбедат подобар живот, поквалитетни услуги, без разлика на нивната етничка припадност.

Сето тоа мене ми личи на многу убави посакани желби, само што како да е нели, нова година, меѓутоа, го нема дедо мраз, па да ги исполни тие желби и сите да бидеме среќни и задоволни.

Но, дали ваквото политичко прекројување на територијата на Република Македонија вистински ќе обезбеди амбиент за зближување на сите граѓани, без разлика на нивната етничка припадност, во остварувањето на нивните интереси и права во единиците на локалната самоуправа и се тоа што толку убаво нели го посакува власта, а се во интерес на граѓаните.

Почитувани дами и господа, посебно вие од власта, не сакате да чуете дека и експертите од областа на етнологијата јасно ви зборуваат дека правило е, територијалните интервенции, од различен вид да иницираат нови етнички, односно културно-антрополошки процеси кои што се рефлектираат во сите сфери на животот. Значењето на локалната култура, која се воспоставила со тек на многу години е огромно, при територијалната поделба особено треба да се води сметка за тоа воспоставената локална традиција и култура. Зборуваме за Европската Унија и

за нашето интегрирање кон неа, меѓутоа заборава власта дека локалната култура во европските земји, се почитува заради нивната сопствена културна историја. Локалната култура кај нас е локалната традиција. Кај нас локалната традиција е две или три етнички заедници и верски различни заедници да живеат во исти населби и тие со тек на многу години, постигнале помеѓу себе една културна рамнотежа и меѓусебно почитување. Пореметувањето на демокграфскиот сооднос што сега се прави со оваа предложена територијална поделба, културната доминација на албанската етничка заедница во новите општини кој што се предлагаат во северозападниот дел од Македонија, претставуваат опасност за севкупното население во смисол на пореметување на воспоставената културана рамнотежа, бидејќи локалните заедници очигледно не сакаат да се откажат од својот идентитет и од досегашните освоени права. За тоа зборуваат и референдумите во државата. Вие неможете преку ноќ да го смените културно-историскиот развој на една заедница, со грубото прекројување на границите на општините. Треба да се почитува гласот на граѓаните од тие општини, бидејќи тие добро ги знаат причините и проблемите зошто некои села можат да функционираат заедно, а некои неможат. Нашата културна традиција зборува дека помалите заедници подобро се организираат на сите нивоа.

Територијалното прекројување што се нуди предизвикува повторно маргинализација на одредени предели и села. Ќе ги присили луѓето повторно да се иселуваат од тие краишта. Постојано пред сите нас треба да биде негативниот пример од нашата понова историја, а тоа е административната поделба на 34 општини од 1960 година. Тогаш беше дадена предноста на општествено-политичкиот критериум, како што тоа во најголем дел се прави и сега, без да се почитува културно-економскиот развој на традиционалните заедници. Таквата административна поделба предизвика масовни миграции во државата и надвор од неа. Беа обезљудени речиси цели подрачја. Дури освојувачите на овие простори, почитувани дами и господа, ја почитувале народанта внатрешна територијална организација на етнографски целини и предели и она што тие го правеле било само менување на нивните имиња, па затоа и немало вакво обезљудување на цели предели.

Тоа што не го направија туѓинските власти со векови наназад, во услови на сопствена држава, беше предизвикано вакво раселување и иселување како резултат на лошо водената политика и кроење на територијата на државата, водејќи се само

од политички интереси. Се јавија простори со голема густина на населеност и обратно со ретка населеност.

Со територијалната поделба од 1996 година, професорот Митко Панов и неговите соработници, почитувајќи ја географската карактеристика, но посебно и културно-антрополошката сродност, направиле групирање на населебите и резултатот од тоа е сегашната територијална поделба. Популацијата во државата, во најголем дел успешно ја поврзале, по основ на своите заеднички економски и културни интереси и направиле спој помеѓу затекнатата културна традиција и вредностите кои што ги носи новото време. И започна подемот во развојот на општините кои што дотогаш беа маргинализирани. Целта им била да се направи повторно ревитализација на селото бидејќи држава без село не е држава. Селото ја прави храната како што вели професорот Никола Панов, а стретегија на секоја држава е да има храна и енергија. Ако ги нема тогаш тешко може да остане независна. Затоа луѓето треба да се задржат на село а не да се стимулира нивната миграција кон градовите.

Затоа сегашната територијална поделба е многу подобра, отколку новата понудена територијална поделба. Новата територијална поделба е многу поголема грешка од која ќе има несогледливи негативни последици по развојот и опстојувањето на Република Македонија како држава.

Затоа почитувани дами и господа, да не се отвораат проблеми таму каде што ги немаме, туку да им помогнеме на општините преку децентрализацијата да ги активираат сите свои природни ресурси што ќе бидат ставени во функција на стопанскиот развој, најпрвин на нивната локална самоуправа, а со тоа и за развој на државата.

Овде, посебно ќе ги спомнам обезљубените простори од минатото, на пример од Мариовскиот крај, кој што располага со богати природни ресурси и чии што општини од 1996 година па до денес направија многу повеќе отколку што е направено за последните 50 години.

Ако Владата на Република Македонија навистина с залаа за вистинска ревитализација на просторот, за подобро живеење на граѓаните во локалната самоуправа во тие краишта, и сака не само да го задржи таму нашето население, туку и да го поттикне процесот на враќање на населенито, односно повторното населување и можноста луѓето таму да ја најдат својат егзистенција, тогаш нема да ги укинува општините со мал број на жители, а се големи по територија. Иако не го задоволуваат демографскиот критериум што го зацртале, туку со Стратегијата за

развој на држават ќе го зацртаат како приоритет опстојувањето на овие општини, бидејќи тие ќе бидат надеж и за невработените граѓани работно да се ангажираат, да се дислоцираат, искористувајќи ги природните ресурси најдобро што можат. Но, секако, овде треба многу да помогне државата и токму заради тоа е потребна државна национална стратегија.

Тоа е можно само ако останат да живеат овие општини што сега ги има и ако Владата на Република Македонија размисли во врска со барањата наградоначалниците за зголемување на процентот што од државната каса ќе се врати повторно на општините. Значи, процентот од данокот на додадена вредност, процентот од персоналниот данок и да размисли повеќе за делот од концесиите што треба да се врати од општините, а што го бараат градоначалниците.

Ако тоа се оствари, тоа значи дека отргнувањето од градските центри ќе придонесе населениет ода се задржи на лице место и да се поттикне развојот на општините. Спојувањето на градските со селските општини без да се каже врз основа на кои критериуми се прави тоа, со што во Северозападниот дел на Република Македонија се менува и етничкиот состав на населението во општините, што не е добро и од аспект на тоа што тоа ќе доведе до притисок и постепено тивко етничко чистење на македонците од тие општини, само поради тоа што се раскинуваат веќе воспоставените традиционално културни односи и врски. Не може да не обвинувате за ваквото мислење и да велите дека сме параноични, ниту пак националисти. туку едноставно, таквиот став го имаат и луѓето од овие општини што преку референдумите го искажаа својот протест против неправдата што им се прави, бидејќи според ова што се предлага со овој закон, тие чувствуаат дека ќе се загрози нивниот нивниот живот и нивниот опстанок.

Спојувањето на селските со градските општини  спротивно и на основниот стандард во европскит начела за територијална поделба, а тао е јасната поделба на градски и селски општини. Тоа на нашата Влада не и одговора во нејзиното политичко договарање со коалициониот партнер, па затоа и не се придржува, не ни го спомнува тој  стандард на Европската унија, значи јасното разграничување на градските од селските општини. На тој начин, кроејќи ја територјата на државата, според екстремно албанските барања за поврзување на етничките права со територија, работи спротивно и на основниот столб на Рамковниот дговоор дека нема да има територијални решенија за етничките права. Истото јасно ни го нагласува и Европската унија, дека земји што претендираат за

членки на Европската унија несмеат да имаат територијални решенија заетничките права.

Почитувани дами и господа,

Многу е лошо тоа што често, претставниците на власта се повикуваат на Рамковниот договор и го интерпретираат како што сакаат и во контекст на територијалната поделба. Во точката 3, насловена “Развој на децентрализацијата на власта”, јасно се вели - ревизија на општинските граници ќе биде спроведена од страна на локалните и националните власти со меѓународно учество. Тие наведената ревизија на некоја општина, што ќе се утврди дека не функцкиониа, ја поистоветуваат со територијалното прекројување на целата држава, што сега тоа го прават, а заборааат да спомнат дека обврска од Рамковниот договор е ревизијата да се прави и во согласност со локалните власти.

Дали власта имаше согласност и од страна на локалните власти? Ако имаше, немаше да има референдуми низ целата држава. И, немаше секојдневно да бидеме затрупувани со нивните барања да се исправи неправдата што сака власта да им ја направи со укинувањето на нивните општини.

Дали овој процес на територијална поделба требаше преку ноќ да се спроведе, како со ножици да се крои една карта, а не а се решаваат судбини на граѓасните, или требаше во еден поширок временкси период, со пошироки консултации, не само на челниците на локалните самоуправи, не само со совтите на локалните самоуправи, на невладините организации, здруженија, значи една широка општествена консултација и еден консензус со тек на години да се спотигнеше за новата територијална оганизација на Република Македонија.

Владата, сакајќи предлогот за територијална поделба да го искористи да ги релаксира односите помеѓуниверзитет заедиците, за жал таа ги задоволува само барањата на албанската страна. Со оваа политичка поделба на Република Македонија се менува етничката структура на населението, се создаваат само етнички доминантни институции во цела Северозападна Македонија. Со тоа се добива друга политичка рамка. Добиваме механизми на етничко надгласување кое што пак продуцира етнички тензии, делби и егзодуси. Со тоа ќе се создадат услови и за формирање на политичкиот поим “Западна Македонија”, што може да им оди во прилог само на радикалнит албански концепти за територијално прекројување на балканските простори.

Покрај другите критериуми што се битни за територијалното прекројување, што беше спомнувано од претставниците на власта, многу често

деновиве, како најважен, се спомнува и финансискиот, за што на почетокот на мојот говор кажав дека посебно ќе се осврнам.

Новата територијална поделба што се предлага, беше кажано дека произлегува од пакетот на закони за децентрализација, посебно од Законот за финансирање на општините, Законот на даноци од имот, комунални такси, административни такси, со што се уврдува основот за финасиско опстојување на општините, со цел да потенцирам дека Владата на Република Македонија не се водела при територијалното прекројување од примената на конкретните критериуми, ќе се задржам и на финансискиот критериум. Бидејќи тој беше потенциран како најважен критериум за тоа дасли да постојат некои општини или не, сакам да ја прашасм Владата на Република Македонија по трет пати се надевам дека вооj пат ќе добијасм одговор, зошто не ни ги дава анализите од експертите кои многу често се спомнуваат од повеќемина пратеници од власта дека ги имате, од кои што се гледа зошто некои општини не можат да опстојат. Ако е вистина тоа дека имате вакви анализи, да рзговараме и да споредиме врз основа на конкретни аргументи и вие како предлагачи на ваквата територијална поделба и ние како застапници на постојната територијална поделба. Значи, аргументирано да разговараме и да ги убедиме граѓаните на Република Македонија дека општините што се укинуваат, или оние  што се припојуваат не можат финансиски да опстојуваат, аргументирано, со податоци, со бројки и врз основа на тоа да им кажеме зошто нивните општини се укинуваат. Бидејќи ги немаме вашите аргументи, јасно искажани во бројки, сеопфатни анализи на потенцијалите на пооделни општини, јас немам друг извор на информации освен оние што ги добивме од општините што спроведоа, или пак сега во одборот на водокорисници овој период ќе спроведат референдуми за опстојување во нивните постојни граници.

Затоа, ќе земам за пример само неколку општини од регионот од каде што доаѓам, за кои што вие предлагате нивно укинување, а ниту јас, ниту пак граѓаните немаме аргументиран одговор зошто е тоа. Какви тоа критериуми не исполнуваат и во кој случај кој критериум употрбивте за да кажете дека тие не можат финансиски да опстојат.

При тоа, велите дека се раководевте од следните критериуми: првиот е демографскиот критериум, понатаму економската одржливост на општината, потоење на објекти од општествен стандард завршење на функциите на општините, инфраструктурната попременост на општините. Токму заради тоа ќе започнам од општините што ги укинувате, од регионот од каде што доаѓам, а за кои што граѓаните

навистина немаат одговор зошто се случува тоа, односно зошто се бара нивно укинување.

Најпрво, ќе започнам од општина Куклиш и од демографскиот критериум. Господинот министер спомна дека утврдениот број на жители од 5.000 треба да се почитува. Меѓутоа, може да има и флексибилност. Општинате Куклиш има 4.449 жители. Видовме дека во територијалната поделба што во моментов се предлага има пет други општини што имаат помалку од 5.000 жители. Само да ја спомнам општина Пласница што е под 5.000 жители. Значи, не е битен демографскиот критериум и не може Владата на Република Македонија да каже дека врз основа на овој критериум, затоа што нема околу 600 повеќе жители, општината Куклиш се укинува. Значи, може да постои според демографки критериум.

Ако вториот критериум е како што велите економската одржливос тна општините, токму заради тоа што немаме показатели од ваша страна, анализа, економска анализа зошто, конкретно општина Куклиш не може да постои, јас ќе се послужам со податоците што ми ги дадоа од Општината и кои тврдат дека тие економски можат да опстојат.

Во интерес на времето, бидејќи сме многу често опоменувани од господинот претседател, нема да навлегувам колку пари ќе соберат од такси, колку од други изворни приходи. Но, би кажала дека сеуште е непозната и овде треба повторно да потенцираме дека во Законот за финансирање на локалната самоуправа, конечно Владата на Република Македонија треба да даде точни критериуми за да знаат општините колку средства тие ќе добијат врз основа на предвидените дотации со кои ќе се финансираат толку значајните сфери утврдени во членот 22 од Законот за локална самоуправа. Тоа се здравството, образованието, социјалната заштита, културата и детската заштита. Значи, ако не утврдите точни критерими, како што многу често се повикувате на законодавството на Европската унија, таму никаде н стои, во ниту еден закон дека не се утврдуваат точните критериуми врз основа на кои ќе се врши распределба на финансиските средства што треба да стигнат до општината.

Доколку им бидат познати и овие средства што власта ќе ги префрли на ниво на локални самоуправи, тогаш тие тврдат дека ќе имаат многу повеќе средства за нивниот опстанок и во моментот имаат доволно средства, бидејќи платите се загарантирани од страна на државата во сите овие, значи платите на вработените во овие значајни сфери ги гарантира државата на постојното ниво.

Во однос на инфраструктурата, во последните години, од 1996 година до денеска, оваа општина, како и сите други општини од регионот од каде што доаѓам, а се укинуваат, имаат толку многу направено за сопствената инфраструктура што не е направено во последните 60 години. Инфраструктурното поврзување со патишта, општински згради, водоводни системи, асфалтирани улици внатре во селата, за 400% кажуваат дека осветлението е подобрено на ниво на нивните општини, воспоставени канаоизации, проекти преку разни меѓународни организации и фондации. Не би сакал да ве заморувам да читам што се тие луѓе имаат постигнато од како станаа самостојна општина.

Понатаму, кои се објекти од општествениот стандард ги имаат за вршење на функциите на општините? Имаат и за образованието и за културата ..

Повелете господине претседателе?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не ми мислам на вас, туку сакам да го опоменам аудиториумот, бидејќи навистина се однесуваме како аудиториум, а не како пратеници.

Ве молам за тишина, да се сослушаме.

Повелете.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Значи и од објектите што треба да се задоволи општествениот стандард на граѓаните, тие ги исполнуваат. Направија културни домови, направија здравствени амбуланти и да не редам, нови училишта. Значи, и овој услов е исполнет.

Понатаму, какво е стопанството во оваа општина?  Освен тоа што има 10 занаетчиски работилници, 14 угостителски објекти, да не читам колку хотели, колку имаат пекари, други преработувачки капацитети, фабрики за зејтин и пилани, значи од овие приходи што ќе ги соберат сметата дека ќе можат успешно да опстојуваат како општина. Барам повторно од Владата на Република Македонија да ми каже и мене како пратеник, меѓутоа и на граѓаните од регионот од кој што доаќам, кој критериуми не ги исполнува општина Куклиш, за да не биде општина во наредниот период, односно како што е предвидено со овој закон? Доколку осознаат дека вистина, врз основа на економски параметри општина Куклиш ги исполнува условите, барам во наредната фаза на законот да биде ставена и оваа општина како општина ќе постои во идниот период.

Понатаму ќе продолжам со општина Муртино. Повторно ќе се навратам на критериумите што вели Владата на Република Македонија дека ги исполнува и врз основа на тоа ни кажува дека треба да се укине оваа општина.

Општината Муртино има 7.000 жители. Значи, демографскиот критериум во потполност е исполнет.

Понатаму, дали имаат економска одржливост во општината? Врз основа не пресметките што ги доставија раководствата на општините, нивните градоначалници и нивните служби, се гледа, а тие тврдат дека имаат доволно средства во нивните буџети и дека со новите закони за финансирање на локалната самоуправа, за даноците на имот, комуналните такси, административните такси, тие ќе соберат мнгоу повеќе средства и тоа повеќекратно, ќе биде зголемен нивниот буџет во однос на денешниот буџет што го имате. Општината има развиена инфраструктура како стопанска, така и здравствена, комунална, образовна, сообраќајна, комуникациска, културна, да нагласам и туристичка, бидејќи и Банско прераснува во туристички центар. Тука е и Моноспитовскиот ѓол, значи има еден основ за туристички растеж. Се надевам дека и ова ќе биде земено предвид.

Да не зборувам дека општиан Муртино, како општина една од најголемите производители на раноградинарски производи, пресметале луѓето од општината дека 15.600.000 килограми раноградинарски производи се произведуваат на територијата на нивната општина. При продажбата на овие земјоделски производи се пресметува и данокот на додадена вредност од кои што дел се преостапува како приход на општината.

Во Бања - Банско има 4 хотели, да не зборувам колку вработени. Имаат комунално претпријатие. Понатаму, ги задоволуваат и објектите од општествен стандард што се потребни, имаат водовод што е изграден за 45 км. здрава вода, конечно, за пиење после 50 години. И, токму заради тоа, ако ги сумираат сите приходи, ас ги сумирале тие, велат дека нивнит изворни приходи изнесуваатс 12.697.000 денари без, значи 3,5 буџети од постојниот, без дотациите што треба да пристигнат на нивната локална самоуправа, бидејќи не знаат колку ќе бидат тие, бидејќи нема јасни критериуми врз основа на кои што тие ќе го пресметаат тие.

Значи, зошто тогаш, кога луѓето тврдат дека најпрво сите ние се убедивме дека го исполнуваат демографскиот критериум, го исполнува финансискиот критеирум, имаат објекти од инфраструктурата, постојат објекти од општествениот стандард, кој е тогаш условот што не го исполнува оваа општина да не биде општина?

Треба јасно и гласно да им се каже на граѓаните и нас да не убедите дека и оваа општина не може да постои, или пак се надевам во наредната фаза ќе ја исправите оваа неправда према граѓаните на општина Муртино, или пак ќе ги убедите и ќеим кажете зошто нивната општина не може да постои.

Сега ќе се префрлам на општина Василево, тоа е третата општина од Струмичкиот регион која што се укинува. Пред само еден ден преку невладината организација МОСТ, со неколку пратеници од струмичкиот регион, имавме средба со граѓаните, со градоначалниците, со преставниците на советите и разговаравме на оваа тема и токму и за оваа општина беше жестока борбата на претставниците од оваа општина и на граѓаните дека треба да опстои и општина Василево.

Ќе започнам повторно од критериумите. Демографскиот критериум и 5000 жители кои се неопходни за некоја општина да постои дали го исполнува и овој критериум. Општина Василево има 12.122 жители. Значи, демографскиот критериум двапати повеќе е исполнет, знажи може да постои како општина врз основа на тој критериум. Постои воспоставена локална традиција, хармонија на локалните култури, бидејќи овде постои турско малцинство, како што и во општина Куклиш постоеше. Значи воспоставена е една локална хармонија, меѓусебно почитување, која што е многу значајно за стабилноста на една заедница. Во овој период од 1996 година па до днес во општина Василево, речиси да нема села кои што немаат асвалтирани улици, улично осветлување и ќе ви кажам дури дека еден претставник од околните села кој што спаѓа во општина Стртумица, на трибината се произнесе дека со задоволство граѓаните на неговото село би се приклучиле кон општина Василево, бидејќи тие многу повеќе водат сметка за својата рурална средина, бидејќи тие живеат со нивните проблеми и ги знаат нивните проблеми и во овој период покажаа дека многу успешно ги решаваат.

Каква е нивната инфраструктура, веќе ви кажав. водоснабдувањето е решено во повеќе населени места, имаат три амбуланти, од образованието имаат основни училишта во повеќе населени места, од областа на културата имаат домови на култура, имаат кино сали, библиотека, значи почнуваат да ги ставаат основните потенцијални можности за азвој на културата.Од областа на стопанството имаат направено стратегија за сопствен локален економски развој, имаат индустриска зона. Секојдневно како печурки по дожд никнуваат многу стопански капацитети кои што ќе бидат идни нивни извори на приходи. Имат стопански капацитети од областа на преработка на дрво, има изработка на чевли, на текстил и да не набројувам што

се друго. Луѓето таму пресметале дека имаат 1000 мали стопанственици, кои што плаќаат редовно ДДВ и персонален данок. Имаат вкупен број вработени 5040, кои што исто така плаќаат давачки на државата и сите овие нивни пресметани приходи значи од такси, од ДДВ, што ги земаат, од даноци на имот пресметале дека нивниот буџет повеќе кратно исто така, се зголемува и дека доколку им бидат познати и дотациите, а доколку им бидат дадени и дел од концесиите, тоаш навистина, општините ќе можат многу посамостојно и поуспешно да ги решаваат своите проблеми. И да не должам многу, ќе спомнам само и тоа дека сите политички партии добивме лист во кои што постојат печати на општинските ограноци на партиите, каде што сите се изјаснија за постоењето понатамошно и на оваа општина.

Значи, доколку во наредната фаза се утврди дека оваа општина не може да опстои, треба јасно и гласно да биде кажано, кој е тој критериум што не го исполнуваат, зошто не го исполнуваат и кој е тој финансиски показател, таа бројка која што вели дека тие не можат да го исполнат овој стандард на јуслуги кои што треба да им ги дадат на граѓаните и заради тоа се припојува кон општина Струмица.

Бидејќи регионот на општина Струмица го завршив, сега ќе се префрлам, бидејќи сум замолена од граѓаните на општина Миравци да го кажам и нивниот став, нивното мислење, за новиот закон за територијална поделба, кои што нив многу ги засега.

Општина Миравци не го исполнува демографскиот критериум, меѓутоа, беше кажано дека може да има толеранција и сметам дека не треба цврсто Владата да се држи за демографскиот критериум. Добро е тоа што се кажа дека има флексибилност, токму заради тоа што сметам дека сепак, основниот критериум треба да биде финансискиот, дали може финансиски да опстои општината и дали располага со инфраструктура и објекти. Оваа општина, како што велат граѓаните била буквално запоставена пред периодот додека била дел од поголемата градска општина и тие во периодот од 1996 до денес, како и многу општини во државата од кога станаа самостојни ги искористиле сите свои можности да си ги решат основните проблеми со водата, со канализацијата, со изнесување и третирање на отпадот, со улиците. Значи постоењето на општина Миравци го променила квалитетот на животот на граѓаните во таа општина.

Токму заради тоа, граѓаните на оваа општина исто така донеле одлука дека на 29.02.2004 година, под притисок на севкупната јавност од ова населено место, бидејќи еднаш беше донесена таква одлука, па беше ставена во мирување од

политички причини и политички притисоци, меѓутоа, не можеле да не попуштат на притисокот на граѓаните од нивното населено место и референдумот е закажан за 29.02.2004 година. И се надевам дека ќе биде успешен. Истото она што го кажав за оправданоста од постоење или од непостоење и на оваа општина, барам Владата да се изјасни со точно утврдени показатели, зошто треба да постои или да не постои оваа општина.

И на крајот од моето обраќање ќе се осврнам сосема накратко на општина Дојран, која што со новото територијално организирање на Република Македонија се предлага да не постои како општина, туку да биде споена кон една рурална општина, како што е општина Богданци. За жал, граѓаните на општина Дојран не се убедени дека подобро ќе им биде и подобро ќе живеат како општина, односно како граѓани, доколку градоначалникот на општина Богданци, во чии што рамки и тие ќе влезат биде и нивен градоначалник и дека тој ќе може успешно да ги следи сите проблеми кои што произлегуваат од специфичноста на нивната сегашна општина. Не може една туристичка општина, една општина во која што туку што почна да се враќа животот, почнаа да се враќаат водите на Дојранското езеро, наместо да се унапредува, наместо да се стимулира најпрвин како погранично подрачје во нејзината соработка со регионалните проекти кои ги предвидува ЕУ во пограничните проекти, наместо да и дадеме можност за зголемување на бројот на населението, со укинувањето на оваа општина повторно ја враќаме назад и верувајте, убедени се сите граѓани, а и јас сум убедена како пратеник дека никој не може подобро да им ги реши нивните проблеми а да не зборуваме конкретно за летниот период кога многу пати повеќе, 10 пати повеќе се зголемува бројот на населението, односно на присутните граѓани туристи во општина Дојран, не може некој градоначалник да речеме во општина Богданци да води повеќе сметка за постојните проблеми, за проблемите со вода, со колекторот, или со снабдувањето со прехранбени родукти, отколку што тоа ќе го прави градоначалникот на општина Дојран. Бидејќи се укинува оваа општина, граѓаните сметаат дека рибарството кое што туку што почна да зазема подем, како посебна дејност бара градскиот татко сериозно да се занимава со овој проблем и токму заради тоа сметаат дека Дојран ако биде општина, нивните проблеми многу посериозно ќе можат да бидат третирани од нивен градоначалник. А финансиските средства кои секогаш биле примамливи во околните општини, порано за Ѓевгелија, сега за Богданци од туристичките такси, од таксите од увоз на риба, од граничните такси, од таксите за екологија што сега ги плаќаат при влез во Р.Грција и ред други такси и даноци, што

не се карактеристични за другите општини, а што многу брзо и ефикасно се ефектуираат за период од многу кракто време, тие сметаат дека сите овие погодности што ги носи општина Дојран прави да бидат примамливи да бидат приклучени кон некоја друга општина и со години така наназад се прави. Сметам дека овие податоци кои што ги добивме од градоначалникот на општина Дојран која што произлегува од партијата која сега е на власт, јасно зборува дека неговите финансиски пресметки и неговите финансиски показатели, дека приходите на општина Дојран, откако стана општина, повеќе кратно секоја година се зголемува. Буџетот на општината секоја година е се поголем. Комуналните такси, туристичките такси, приходите од граничен премин како што кажав, персоналниот данок, бидејќи во моментов во Дојран има 930 врабвотени, значи тоа се се услови кои што прават Буџетот на општината да се зголемува.

На крајот сакам да напомнам дека, бидејќи со враќањето на водостојот се враќаат и условите за повторен подем на туристичкото стопанство на транзитниот туризам, ако се модернизира и граничниот премин фрекфенцијата ќе биде многу поголема и со тоа ќе се реализираат многу поголеми приходи за буџетот на општина Дојран. Да не зборувам за стопанските капацитети, бидејќи нема човек што не бил во општина Дојран и не знае што се има таму. Сметам дека финансискиот аспект за постоењето и на оваа општина, покрај тоа што не убедува општината Дојран е дека таа општина може финансиски да опстои. Доколку не може да опстои повторно ќе апелирам, доколку не го исполнува овој финансиски критериум, јасно и гласно да се напише, да се направи пресметка што е тоа што не го исполнува, во кој обем не го исполнува и зошто општина Дојран не може да постои како самостојна општина.

И сосема на крајот од сето тоа што го кажав досега, може да заклучам дека Законот за територијална поделба е резултат на чист политички договор, без да се користат јасни критериуми. Без да се донесе една стратегија за долгорочен развој на државата, не може ни да имаме јасни критериуми, за да се утвди територијалната поделба. Ако имаше стратегија за развој на државата почитувани дами и господа, немаше да ни се случи да добиеме ваков предлог на закон за територијална поделба во кој што ќе има повеќе урбани, отколку рурални средини, 34 урбани а само 29 рурални општини. Немаше да се прават општини со кои што ќе се менува етничкиот состав на населението наспроти локалната традиција и воспоставените односи на населението на меѓусебно почитување внатре, немаше да ни се случи погранични општини да се предлага да се укинат, туку ќе се работеше на нивно опастојување, на тоа не само како да се задржи населението, туку и како да им се

помогне тие уште повеќе да се развијат и да се зголеми бројот на жителите, како што пред малку зборував за општина Дојран. Тоа е од стратешки важен интерес за скоја држава да има жив ѕид на својата граница со другите држави, а не празна територија. Ако Владата имаше стратегија за развој на државата и преку територијалната поделба ќе се обидеше да го решава проблемот со невработеноста. Невработеноста и денес е најголема во градовите, а со понудената територијална поделба на големи градски општини, таа уште повеќе ќе се зголеми, а ќе се засили и деагравизацијата, односно луѓето од селата наместо да си останат на огништата ќе почнат повторно да се печелуваат кон градовите. Повтоно ќе се провоцира веќе виден процес на запустување на селата и пренаселеност во градовите, а со тоа и зголемување на невработеноста.

Затоа почитуван министре, почитувани колеги пратеници, послушајте го гласот на народот, кој со референдумите јасно ја декларираат својата волја, да им останат општините во сегашните граници. Нека ни бидат за поука грешките од минатото за да не ги повторуваме, повлечете го овој предлог на закон, а децентрализацијата извршете ја во сегашните граници да им оставиме простор од период од 2 години на општините да се види кои општини можат да опстанат, па да се пристапи дури тогаш кон цртање на новата територијална карта на општините во Република Македонија. Тоа уште повеќе ќе ги мотивира граѓаните да го активираат целиот свој интелектуаелен потенцијал во функција на искористување на сите ресурси и создавање на можности за уште поголем развој, кој што е толку потребен, не само за нивниот опстанок, туку и за развојот и опстанокот на Република Македонија како држава.

Ви благодрам за вниманието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, госпоѓо Бонева. Јас апелирав да бидете кратки и вие го спомнавте тоа, меѓутоа не бевте кратки но тоа го прифаќам, малку ќе омекнам од апелирање за краткоќа, затоа што такви работи кажавте сега што јас навистина дефинитивно благодарам и прв пат да чуеме такви оптимистички тонови од оваа говорница дека не е се црно. Зборувајќи за општините, што е факт, вие направивте пофалба на оваа власт дека нешто се работело за да може да опстанат тие општини и имате аргументи за општините. Сега да не бидам толку цврст околу временското ограничување.

Господине Најдовски, повелете имате реплика.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Сосема накратко сакам реплика или дообјаснување и контрадикторност во дискусијата на г-ѓа Бонева и на голем број од членовите на опозицијата. Постојано го спомнуваат д-р Митко Панов и се повикуваат а неговиот авторитет. Јас тука се согласувам и почитувам дека тој човек уште 1996 година кога се носеше Законот, ако не е еден од најдобрите познавачи на оваа проблематика во Република Македонија. Но она што сакам да го реплицирам е контрадикторноста да се повикувате на авторитетот на г-дин Панов, а од друга страна се што дискутирате е против концептот кој што го имаше д-р Панов. Само да напоменам. 1996 година, некои колеги пратеници се сеќаваат ден пред расправата или во текот пред расправата, г-дин Панов имаше интервју на Сител каде што децидно рече дека не се согласува со територијалната поделба на 123 општини и дека територијалната поделба од 123 општини е политички договор. Веднаш после изборите 1998 година, Владата на ВМРО ДПМНЕ го ангажира г-дин Панов за изработка на новата територијална поделба. Според таа негова студија, госпоѓо Бонева ако се повикувате во првиот дел на г-дин Панов, повикувајте се до крај. Во тој предлог кој што ВМРО-ДПМНЕ го работеше почетокот во 1999 година, според предлогот на г-дин Панов, општините за кои вие се залагате не беа предложени да останат и тоа Куклиш, Муртино, Миравци и Дојран. По ваша нарачка, односно по нарачка на тогашната Влада на ВМРО ДПМНЕ работеше г-дин Панов. И неговото залагање во 1996 година беше дека Македонија реално може да има 74 општини. Министерот неколку пати ви го прочита тоа, но упорно не сакате да го прифатите. Иако се повикувате на авторитетот на г-дин Панов тогаш до крај повикувајте се и почитувајте ги неговите ставови што јас според мене сметам дека треба да се почитуваат, а не да се повикувате во првиот дел, а после тоа се да зборувате спротивно од она што тој се залагал. Уште еднаш ќе ви напоменам. Општините за кои вие се залагавте Куклиш, Муртино, Миравци и Дојран, по порачка на Владата на ВМРП-ДПМНЕ во тој материјал од г-дин Панов беа предложени за укинување.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете госпоѓо Бонева, една минута.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Ќе го упатам колегата пратеник да ја прочита монографијата на д-р Панов, во која што тој предлага 111 или 145 општини. Не знам дали воопшто тој ја видел

оваа монографија и јас не се повикувам на никакви авторитети, туку кажав дека постедната територијална поделба, која што е направена во 1996 година, а основот за оваа територијална поделба односно основите ги поставил професорот Панов, токму заради тоа беше спомнато неговото име. А, дали ќе треба 123 општини или 80 и неколку општини, ставот на господинот Панов може да го прочита колегата во монографијата, каде што тој зборува за 111 или 145 општини во Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Процедурално има господинот Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Се извинувам, претседателе, меѓутоа навистина морав да интервенирам процедурално. Пред нас е Предлог за донесување закон за територијална организација, а не за територијална поделба. Мислам дека да беше лапсуз неколку пати се споменуваше, меѓутоа, во излагањето и во репликите повторно се оди со територијална поделба. Пред нас е законот за територијална организација на локалната самоуправа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

И јас ги молам пратениците да се држат до точниот закон така како што бараат и името на партијата точно да се изговара.

Повелете, сега, господинот Апостолов Петар има реплика од три минути.

ПЕТАР АПОСТОЛОВ:

Благодарам претседателе, мојата реплика ќе биде кратка, а се однесува за општина Миравци. Со колешката Бонева се сложуваме дека треба да постои референдум како највисоко демократско изјаснување на граѓаните, но сметам дека пред секој референдум треба добро да се осмисли зошто е тој референдум, бидејќи основниот критериум е финансиската состојба на самата општина. Затоа, јас би ја прашал колешката Бонева, дали знае колку време била и е сеуште блокирана сметката на општина Миравци. Дали знае колкав е буџетот на општина Миравци и

дали знае да одговори дали Гевгелија добива или губи, условно, со припојување на општина Миравци кон Гевгелија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Бонева една минута.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Колегата ме праша дали знам колку време е блокирана сметката на општина Миравци. Јас ќе го прашам дали тој знае колку општини во Република Македонија имаат блокирани сметки или дали знае општина Охрид колку време има блокирано сметка и дали врз основа на тоа не треба да постои општина Охрид.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Паунков, а нека се подготви пратеникот Зуди Џелили.

ВЛАДО ПАУНКОВ:

Почитуван претседателе, почитуван министре, колеги пратеници,

Денес пред нас ја имаме огромната одговорност, обврска но и привилегија да донесеме еден издржан закон за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија. Тоа ќе го постигнеме ако во старт се ослободиме од калкулантска политика, која за жал непотребно, бескорисно го опфати македонското општество како и една еуфорична атмосфера оптоварена со лажен локалпатриотизам и голем излив на емоции, за носење на оптимални решенија. Меѓутоа, длабоко сум уверен вашето министерство да оддолее на сите овие предизвици и ќе опстои на појдовните критериуми, издигајќи ги на ниво на аксиоми, бидејќи само тоа е гаранција за носење на еден квалитетен закон, кој ќе продуцира во локалната самоуправа, пред се, локален економски развој, покрај другите надлежности кои се предвидени, но кои не можат да се остварат без оваа надлежност. Токму оваа надлежност, која во досегашните надлежности на општините беше изоставена, сега е клучниот фактор врз кој се засновуваат критериумите, врз кои е извршен и предлогот за донесување на закон за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија.

Човечките ресурси односно демографската големина на општината и општинскиот центар, кои овозможуваат концентрација на административни и

финансиски ресурси, а истовремено обезбедуваат постоење на здравствени, социјални и образовни институции, при што е водено сметка за бројот на вкупното население во општината да не е помал од 5000 илјади жители, а бројот на населението во општинскиот центар да изнесува најмалку 2000 илјади жители, е главниот основен критериум врз основа на кој произлегуваат и другите 4 критериуми и на основа на кои е изготвен овој законски проект.

Непридржувањето односно прекршувањето на овој критериум ќе значи неуспех на проектот, кој ќе има далекусежни последици врз идниот економски развој на Република Македонија. Овој законски проект е заснован на можноста идната општина да биде економски способна од сопствни извори на средства, сама да биде способна да ги собере и да ги ефектуира во надлежностите што ги има добиено врз основа на проектите на децентрализација на власта.

На територијата на Република Македонија постојат искуства од функционирање на еден таков тип на локална самоуправа, кој може да се каже дека функционираше со многу поголеми надлежности на локалната самоуправа во однос на она што денес се предлага. Мораме да констатираме дека тоа беше добра локална самоуправа, која иако во еден друг систем, сепак, донесе висок економски развој во републиката.

Денешниот предлго за територијална организација на локалната самоуправа на Република Македонија, предлага големина на општини приближно иста со оние до 1965 година да се направи грешка и некои општини, меѓу кои и општина Богданци, која го изгуби статусот на општина, припојувајќи ја кон Гевгелија.

Во оваа прилика сакам да нагласам дека укинувањето на општина Богданци беше резултат на политички пресметки меѓу тогашните функционери на тогашната власт, а не на фактичката состојба, односно, иако општина Богданци беше меѓу ретките општини во СФРЈ која егзистираше без државни дотации беше укината, за разлика од други со иста големина, а економски многу послаби. Од тие причини ќе изнесам мои согледувања на оваа тема, се со цел да го мотивирам вашето министерство во своето одлучување и работа на овој закон да опстои на поставените принципи, кои се резултат, пред се, на стручна анализа. Верувам дека ќе се спротивстави на сите политички притисоци било од која страна да доаѓаат.

До 1965 година општина Богданци територијално беше идентична со денешниот Предлог на закон односно, согласно член 10 точка 4 општина Богданци со градот Богданци и селата, Ѓавато, Селемлија, Стојаково, Ѓопќели, Чаушли, Црничане, Дурутли, Фурка, Куртанзали, Николиќ, Нов Дојран, Органџали, Седедекли,

Сретеново, Стар Дојран, Ѓумадбос, плус Богородица, која со овој Предлог на закон не е предвидена. Административно изгубената општина во 1965 година од граѓаните на Богданци никогаш не беше прифатен тој факт и не се помирија со тоа, па преку разни форми, а особено преку стопанските субјекти продолжија да ги развиваат сите можни активности што ја карактеризираат една фактичка општина. Се разбира, со висока цена за се она што се постигнуваше во споредба, доколку општината не се укинеше.

Како резултат на ваквите стремежи се поостигна рамномерен стопански развој на целата територија. Само да наведам некои покарактеристични примери. Развојот на земјоделското стопанство се вршеше преку “ЗИК Изворски” кој подигна 48 ха оранжерии, од кои 6 ха во Дојран. Изгради две туристички населби Ачикот и Мрдаја. Ланец на продавници во целата општина. Пекара со капацитет за целата општина и туристите во летниот период. Лозови насади како во богданската котлина, така и во дојранското подрачје. АД “Млаз” кој прерасна во водечко претпријатие во СФРЈ беше и е исто така носител на целокупниот стопански развој на ова подрачје односно подоцна ја презема од Изворски туристичката населбаљ Мрдаја, за да изгради современ високо туристички хотел, бунгалови и други инфраструктурни решенија во функција на туризмот. Сите овие активности како на стопански план, така и на решавање на целокупната комунална, водостопанска, образовна, здравствена инфраструктура,  се одвиваа преку формата на месна заедница, а подоцна после 1996 година преку локалната самоуправа. Меѓутоа, секогаш во преден план бил локалниот економски развој на целата територија на општина Богданци до 1965 година.

Како резултат на таквата политика денес на оваа териториај имаме заокружен рамномерен стопански развој, стопански претпријатија кои имаат потенцијал и моќ за економска експанзија на оваа општина. Современи просторни капацитети за висок степен на примарна здравствена заштита на целата територија, современи заокружени просторни услови за одржување на современо средно, основно и претшколско образование, развиен спортски живот со современи стадиони и спортски сали за постигнување на врвни резултати во спортот.

Таквата економска политика овозможи да се создаде и поволна политичка клима при решавање на проблемот на Дојранското езеро. Подземните води од Богданска котлина, го враќаат животот во Дојранското езеро, а со тоа се создаваат услови за ефектуирање на туристичките капацитети, кои доминантен дел ги изградија претпријатијата од Богданци.

Водејќи таква локална политика, придонесе задржување на населението на своите родни огништа, за разлика од други региони каде имаме масовно празнење на населението од селата и населување во градските центри. Човечките ресурси како битен фактор за економскиот развој на општината, успеавме да ги сочуваме, а нарочно високо образовните и квалификувани кадри, останаа во општината како голем потенцијал, кој гарантира, покрај инсталираните економски капацитети, економска експанзија на општината.

Од горе изнесеното сакам да резимирам дека територијата на општина Богданци претставува една заокружена локална единица, која долг временски период развивала локален економски развој, кој нераскинливо функционира на целата територија. Како последица на тоа се постигнати резултати на полето на здравствената заштита, образованието, културата, спортот, комуналната инфраструктура, патната мрежа, развојот на хидромелиоративните системи.

Почитувани министри, колеги пратеници,

Одговорноста пред нас е огромна. Од нашата одлука зависи дали на ова подрачје ќе му дадеме шанса за економски развој или со нашата одлука ќе придонесеме за економски застој и емиграција на жителите од овие населби. Жителите на овие населби се определуваат за вашиот предлог. Тргнувајќи од вас поставените критериуми и со досега презентираното, а растоварени од емоции и размислувајќи со ладни глави, ве охрабрувам господине министре, да опстоите на вашиот предлог и да не попуштите пред политичкиот притисок, без разлика од која страна доаѓа, бидејќи во многу краток рок ќе согледаат и сегашните противници на вашиот предлог дека сте биле во право, а ние пратениците сме донеле вистинска одлука.

Почитуван министре, колеги пратеници,

Тргнувајќи од интенциите на министерството за исправање на некои грешки и пропусти во утврдувањето на подрачјата или дефинирање на границите, што претставува и една од причините заради кои треба да се донесе законот, веданш ми се наметна можноста со овој закон да се исправи една огромна неправда, која се направи со носење на Законот во 1996 година, а се однесува на село Богородица, што треба да биде содржан во член 10 точка 4 од овој закон. Се работи за случај кога политиката грубо се замеша во работата на стручњаците и оневозможи да се добие, природно, издржано и стручно решение.

Во мај 1996 година Месната заедница Богданци издаде брошура со наслов Зошто комисијата за подготвување на предлогот за територијална поделба на

Република Македонија и Богданци се убедени дека Богородица треба да биде во составот на единицата за локална самоуправа што се основа на левиот брег на реката Вардар. Истата беше доставена до сите тогашни пратеници. Сега, ви ја доставувам вам, господине министре, и пак уште еднаш се повикувам на вашата храброст да се спротивставите на политичките притисоци, да ја прочитата и да ја проучите брошурата и доколку се држите на стручните мислења, општина Богданци ќе биде во веќе историски потврдените граници.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Реплика Орданчо Тасев.

Повелете.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Благодарам потпретседателке,

Една кратка интервенција. Сметам дека колегата пратеник не беше во право кога дискусиите на пратениците од опозицијата ги нарече дека се тоа калкулантски, дека се тоа еуфорични и исполнети со маркетинг.

Еве, користам прилика да го прашам, значи ли дека тоа опозицијата не смее апсолутно да размислува по било кој проект, па и по овој законски проект. Зошто нашите предлози се сфаќаат како калкулантство, иако евентуално, барем соред неговото мислење, не знаеме да размислуваме, барем според неговото мислење не смееме да размислуваме, тогаш едноставно да ја растуриме опозицијата и нека не постои. Нека го донесат законот сами и воопшто да не расправаме по овој пропис и нека не бидат прифатени воопшто забелешките од опозицијата.

Меѓутоа, од неговата дискусија забележав дека произлезе определен предлог и од каде сега како претставник на позицијата има право, произлегува дека тој има некакво патентирано право да предлага, а ние како опозиција да немаме право, односно да молчиме или пак нашите предлози да бидат сфатени како еуфорични и како некакво калкулантство.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Господин Паунков нема одговор, нема коментар.

Господин Блаже Стојаноски, реплика.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Јас имам само едно кратко прашање до претходниот дискутант, а тоа се однесува на следното.

На кои министри им се обраќаше кога немаше ниту еден министер во салата додека тој зборуваше.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Јасно беше дека министерот е зад вратата.

Нема други реплики, продолжуваме со дискусија.

Има збор господинот Зуди Џелили.

ЗУДИ ЏЕЛИЛИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани дами и господа,

Пред нас го имаме Предлогот на законот за територијална организација на локалната самоуправа на Република Македонија предложен од страна на Владата, кој во себе опфаќа низа неправилности, низа непринципиелности и нерегуларности. Овие нерегуларности и оваа неискреност не треба да не изненади бидејќи актуелната Влада на перманентен начин дејствува во оваа насока.

Главна карактеристика, а претставува како лајт мотив е перманентното настојување за деградирање, омаловажување и минимизација на секое барање кое доаѓа од албанската страна. На секој начин без да ги избираат средствата се омаловажува желбата на албанците настојувајќи да се сместат односи на две категории односно на првата категорија која нема многу желба за да смести едно право и втората категорија која повеќе личи на питачот кој бара милостиња.

Би сакал на хронолошки начин, така како што е претставено во овој Предлог на закон да ја демаскирам, за да бидеме неискрени во тоа што се предлага.

Доколку појдеме од Предлогот за донесување на овој закон, а кој доаѓа по донесувањето на Законот за локална самоуправа со што видливо се зголемува бројот на надлежностите,  како и одговорностите каде се наведува дека претставува потреба за окрупнување на општините. Доколку ова начело е искрено, а ние знаеме дека не е тогаш се поставува прашањето на оправданоста на примерот на егзистирањето на општина Маврови Анови, која иако има толку мал број на жители

се предлага да егзистира. Рационален одговор за ова нерационално дејствување се однесува само со политичката позадина за создавањето на таканаречената леопардова кожа односно артифицијалното воспоставување на границите помеѓу општините кои се со ваква околина. Овде немаме окрупнување на општини туку напротив имаме нивно намалување. Ако за основа се земат окрупнувањето на општините не може да се оправда непостоењето на општина Чегране или на општина Полошко Неготино кои биле меѓу поголемите општини.

Се поставува прашањето како е можно една општина со толку мал број на жители да има толку голема територијална опфатеност за разлика на пример од општина Гостивар која има многу помалку територијална површина, а бројчано е многукратно поголема. Во секое од претпоставените прашања одговорот ќе биде дека ова се однесува на политичката позадина односно ова прашање кое ќе треба да опфати рационални елементи и поволни дејствија дејствува во спротивна насока.

Ова не е една рационална работа со што не може да дојде до израз вистинската децентрализација на власта, како и креативноста на локалните раководители кои се поблиску запознаени со барањата и потребите на своите граѓани.

Што се однесува до Скопје да бидеме поискрени. Скопје како најголемо населено место во државата е во една супер положба во однос на другите општини. Ако ја имаме перфидната улога која се развива во Скопје, каде општините населени со албанци остануваат без капитални објекти вршејќи неприродни поделби на штета на албанците тогаш нема да се чудиме на констатацијата дека политичките референдуми имаат ексклузивна цел за оддалечување на јавноста од Скопје занимавајќи се со незначајни прашања како што е прашањето за кое зборуваме.

Кога сме кај референдумите, политички референдуми би рекол за тие референдуми кои се поткрепени од страна на едно население или популација или еднонационални референдуми. Што се однесува до другите референдуми што имале економски карактер, социјален, инфраструктурен би ги одвоил референдумите кои се одржаа во општина Камјане, општина Полошки Неготино а посебно референдумот во општина Вруток каде сите жители без оглед на нивната национална припадност, верска припадност ги поддржаа овие референдуми и поддршката беше голема.

Повторно ако се навратиме во централната позиција на Скопје било од политичко, економско или стратешко гледиште тој ја обезбедува доминантната улога и повлекувањето на паралелите помеѓу оваа општина и другите општини во

минијатура сакајќи да ги потцениме малите општини само ја пооддржува тезата на одалечувањето на јавноста од едно круцијално прашање.

Меѓу целите за донесување на овој закон се споменува и исполнувањето на обврската од Рамковниот договор. Обврска земена во присуство на претставници на меѓународниот фактор. Не треба да се заборави во кои услови дојде до овој договор и зошто се случи истото. Можам слободно да кажам дека Охридскиот договор е надвор од вистинското имплементирање што коенсистира со фактот дека на секој начин се настојува да се спречи вистинската имплементација. Ако воените дејствија од пред три години беа како последица на едно незадоволство кое беше поради нерамноправноста помеѓу двата етникума бројчано поголеми, а од друга страна јазикот на вториот етникум се деградира до тој степен за да не може да биде службен јазик како што е практика на бинационалните држави или мултинационалните држави во светот, тогаш се подразбира дека Договорот не се почитува.

Во продолжение каде може да видиме дека начелата се само празни зборови без реална поддршка. Било потребата за стопанисување, рационалност, ефикасност во суштина не се искрени начела. Имаме примери на повреди на начелото за неподелба на границите на општините. Зборувам за катастарските граници иако со овој принцип се поддржува и законот, ова можеме да го аргументираме со општина Сарај каде овој принцип според членот 4 не се почитува.

Ако за основа се земе Европската повелба која ги има дефинирано на многу јасен начин настојувањата за автономија, за прашања од локален карактер како ќе се оправда случајот на земањето под чадорот на централната власт на институциите изградени со самопридонес на граѓаните, како што е случајот со општина Гостивар каде е Домот на културата, Градската библиотека, Домот на пионерите се земаат од централната власт. Ако ја апстрахираме целта со политичка позадина, станува збор за една општина со доминантно албанско население тогаш не гледаме друго логично образложение. Образложението за немање извори за финансирање на овие институции е неприфатливо бидејќи состојбата во која се наоѓаат овие објекти, а кои се финансирани од Владата зборуваат за спротивното. Со години не е инвестирано во овие објекти и тие вршат секаква друга дејност освен намената за која се изградени. Ако општината не одлучи за дејноста на објектите за кои станува збор како се предвидува да се развива културата во оваа општина и во другите општини каде доминира албанското население.

Ние како партија сме заинтересирани за вистинска централизација на власта а не ваква децентрализација на виртуален начин, а не содржаен начин. Оваа децентрализација да биде токму вистинска бараме да се земат во предвид нашите начелни забелешки и бараме да се отстранат истите политички позадини од прашањата кои требаше да бидат повеќе од практичен карактер и рационален карактер. Нека им се овозможи на граѓаните да ја почувствуваат власта, а не виртуелна власт. Нека одлучуваат истите за прашањата кои се однесуваат на граѓаните бидејќи истите се заинтересирани и да ги решат најдобро проблемите. Нека им се овозможи исто така и на албанските граѓани во делот да ја почувствуваат вистинската равноправност со што ќе отпочнат да придонесуваат во добробит на државата која е се разбира и нивна.

За крај, од средбите што ги имав со неколку институции, со група граѓани во канцеларијата на пратеникот на ДПА во Гостивар има неколку конкретни барања.

Едно барање се однесува на жителите од село Чав, ова населено место да се врати во општина Гостивар, бидејќи документите, било имотно правните или личните документи ги имаат во евиденција во општина Гостивар, бидејќи ова населено место до 1996 година припаѓаше на општина Гостивар. Сега заедно со општина Осломеј припаѓа на општина Кичево. Бидејќи нема постојани жители и бидејќи нема гласачи, бидејќи тие жители од Ќафа кои живеат во Кичево гласаат во Кичево, а тие кои живеат во Гостивар гласаат во Гостивар, па добро е поради документите ова населено место да се врати на општина Гостивар.

Исто така треба да ги нагласам успесите на некои општини, како што е општина Бањица, Србново, општина Камјане, општина Полошки Полог, општина Чегране, кои имаат направено многу инвестиции во инфраструктурата и многу други активности и се третираат меѓу поуспешните општини во Република Македонија.

Друго барање, што е конкретно, да се потруди што помалку да се создадат артифицијални општини кои ќе ги прекинат врските меѓу актуелните општини. Зборот ми е за енклавите, како што е општина Мешеишта, Маврови Анови, Јагуновци, Чучер Сандево.

Последно барање, да се подобри распаѓањето на Скопје предвидувајќи ја општина Кале која ќе вклучи една голема област заедно со општина Чаир и ќе биде вистинска општина за да ги исполни потребите на албанците во ова место.
Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Јас се извинувам колега, меѓутоа прво би сакала да му укажам на колегата Џелили да не ги искривува толкувањата на Уставот.

Имено, беше спомнато дека Македонија е бинационална и мултинационална држава. Тоа не е точно, сите знаеме дека според Уставот, уставната дефиниција Македонија е унитарна држава.

Ова го говорам заради јавноста, ние сите овде го знаеме, меѓутоа заради јавноста за да не доаѓа до манипулација на нашите гласачи до искривување на нивната претстава за државата. Мислам дека е тоа нужно и мислам дека треба да ги почитуваме барем ние овде, пред се ние овде уставните одредби.

Одиме понатаму.

Има збор господинот Борис Кондарко.

БОРИС КОНДАРКО:

Благодарам почитувана потпретседателке, министре, почитувани пратеници,

Изминатите неколку денови по повод расправата во јавноста и во Парламентот за предложениот закон за територијална реорганизација чувме секакви дискусии со критики од страна на опозицијата дека законот за територијална организација не е добар, дека тој е на штета на некого, дека со него некој нешто давал а некој нешто ќе изгубел и дека ваквите законски решенија водат единствено кон поделба на Република Македонија  и дека на тој начин директно се загрозени националните интереси и опстанокот на Република Македонија  а дека некои дури се и предавници.

Сметам дека ваквите тврдења кои ги искажа опозицијата се неточни и злонамерни и напротив токму со нив се подгрејуваат меѓуетнички тензии и со тоа се придонесува за зголемување на недовербата а вниманието на јавноста се одвлекува од самата суштина, значење и цели на реформите кои се предложени со Законот за територијална реорганизација.

Сметам дека картата на која заигра опозицијата во парламентарната расправа е погрешна и штетна токму за интересите на Република Македонија. Имено, со се позачестените и понагласените искажувања на национализам на говорницата, а со цел некои да се прикажат како наводни заштитници на македонскиот народ всушност се покажува само лажен патриотизам и тоа единствено за дневно политички цели и партиски поени. За жал ваквата политика се покажа како кобна во блиското минато

како во Република Македонија така и пошироко на балканските простори и доведе единствено до војни, кои пак единствено завршуваат со последици за сите.

Почитувани пратеници,

Таквата ригидна политика и радикални ставови кои говорат за наводни заговори, за наводни сценарија, за политички договори помеѓу определени личности и партии само не оддалечуваат еден од друг и не враќаат назад во самоизолација.

Господа од опозицијата тоа не е патот кон Европа. Вистинскиот правец кон Европа се реформите, а пред се европскиот начин на размислување и пристап кон решавање на проблемите.

Во поткрепа на ова ќе го поставам прашањето до опозицијата како е можно истовремено да се залагате и за децентрализација на власта, но во исто време и да остане постојната територијална организација. Тогаш повторно се надоврзува прашањето каде се реформите, а притоа за потсетување, 1996 година бевте против постојната територијална организација за парадоксот да биде уште поголем. Можеби на ова некој ќе реагира со тезата дека децентрализацијата не се прави со нова територијална организација меѓутоа за оваа теза сметам дека ја правите основната грешка.

Имено, територијалната реорганизација е составен и неопходен дел од реформите при децентрализација, а најважен критериум според кој таа треба да функционира е токму економскиот момент или Законот за фискална децентрализација кој веќе го донесовме и согласно кој општините ќе мора да ги остварат своите зголемени надлежности а за тоа е неопходна економска база. Сведоци сме дека во најголемиот број дискусии и предлози во расправата токму оваа компомента ни недостасуваше како реален аргумент. Од друга страна истовремено се сомневам и еден добар дел од мотивите да остане токму постојната организација на општините се токму личните или партиски интереси на некои локални моќници кои би добиле поголеми овластувања со пренесувањето и зголемувањето на надлежностите. Во сето ова жалосно е што повторно за се се забораваат и запоставуваат интересите на граѓаните и нивните реални проблеми и потреби што треба да ги остваруваат и полесно и побрзо со новиот закон, а притоа сите се повикуваат во името на граѓаните. Затоа сите треба да сфатиме дека треба заеднички да работиме, да им го олесниме секојдневниот живот на луѓето и она што значи нивно секојдневие и реално остварување на нивните права и подобрување на условите за живот во нивната средина.

Во дискусиите овде се изнесоа многу аргументи против решенијата во законот што е сосема и легитимно, демократски и нормално да се опонира и критикува, затоа што секако дека постои простор за одредени измени и корекции кои ќе значат само подобрување на законот.

Сметам дека сепак ова е прва фаза од која ќе бидат сублимирани аргументите и забелешките од целокупната расправа, се разбира и на опозицијата , па потоа претстои јавна расправа, а Владата веќе се изјасни дека најсериозно ќе ги земе во предвид и ќе ги разгледа сите сугестии како и мислењата на граѓаните од одржаните референдуми. И тоа е во ред и тоа е демократска и транспарентна постапка да се донесе закон кој ќе биде прифатлив за најголемиот број на граѓаните на РМ. Меѓутоа, од друга страна никој не треба во исто време да гаи илузии дека постојат идеални решенија за сите и дека до нив може да се дојде на идеален начин. Токму затоа не можам да го прифатам и да го одобрам ставот на опозицијата дека во овој закон буквално ама баш ништо не чини. Ова го извлекувам од фактот што буквално од ниедна дискусија и во ниеден момент не чувме ни еден збор дека барем нешто добро е направено, или исправно во овој Предлог закон. Ова се разбира е премногу индикативно и симптоматично бидејки нема никаква логика и едноставно не е можно ама баш се' да е толку лошо и трагично како што тврди опозицијата. Тоа ме наведува на помислата дека опозицијата свесно работи на блокирање на реформите, а со тоа и омаловажување на нашиот капацитет како држава пред Меѓународната заедница, а истовремено од друга страна сака да ја прикаже оваа власт како неефикасна. За жал со таквата стратегија опозицијата не само што не одалечува од Европа, што е наша заедничка цел, туку и самата си го поткопува тлото под нозете, бидејки со тоа ниту си носи поени самата на себе што е видно од рејтингот, туку и што е најважно ги урива перспективите за развој на РМ и пред граѓаните прикажува неединство токму околу вака значајни проекти како што е овој закон што воедно претставува и последна обврска, крупна обврска од Рамковниот договор кој го потпиша и опозицијата.

Да потсетам дека токму опозицијата најгласно се декларира и повикува на единство и консензус помеѓу политичките пратии за вака крупни прашања. Зборувам за законот и ве молам да не упаѓате од место. За вака крупни прашања опозицијата секогаш повикува на единство и консензус што претставува и државен интерес, меѓутоа секогаш како по обичај работи токму спротивно од декларираното. Единствено единство не се постигнува без констуктивен и реален и рационален пристап кон проблемите и без елементарна конструктивност и соработка , посебно

кога имаме дефинирано заеднички цели со опозицијата кои претставуваат европски цели. Недопуштено е се' да се негира и минира без притоа да се сноси одговорност, бидјеки некој е опозиција па има комотна позиција за последиците и за тоа што остава зад себе. Затоа да претпоставиме ситуација кога опозицијата би имала можност да предложи закон и да се запрашаме, дали тој закон би поминал без забелешки, без реакции и дали тој, или било кој друг закон би ги задоволил интересите буквално на сите. Секако дека тоа не е можно и затоа опозицијата треба да има многу пообјективен пристап и да биде свесна и да понесе соодветен дел од одговорноста кога за тоа се донесуваат вака значајни одлуки и закони. Понатаму, не е допуштено лидерот на опозицијата да вели, додуша тоа го рече во друг повод во Парламентот, но тоа сепак се однесува и на овој закон дека само доколку опозицијата процени дека е нешто добро, ќе го подржи. Дали тоа значи дека ако позицијата проценила дека овој закон за територијална организација не е добар, притоа се разбира раководејки се од своите интереси, дека единствено вистината која ни ја претставува опозицијата е единствен и правилен критериум за објективната стварност во оваа држава. Секако дека вакви настапи се неприфатливи пред се бидјеки се косат со основните начела на парламентарната демократија и на демократијата воопшто за што постојано позицијата се залага во овој Парламент. Бидејки ниту опозицијата, па ниту било кој друг нема ексклузивитет над вистината, туку единствено само граѓаните кои одлучуваат со својот глас, а одговорноста во демократијата не можеме да ја понесеме сите подеднакво.

На крајот, опозицијата изгледа го заборава фактот дека 65% од населението во РМ се македонци, а останатите како и сите подеднакво се граѓани на оваа држава и со подеднакви права тие живеат и ќе живеат во РМ без разлика какви ќе бидат општините. А ние заедно со нив и во заеднички интерес ќе ги решаваме проблемите. Тоа значи дека иако се битни, сепак административните граници на општините не се пресудни и нема ништо да променат во секојдневнието за да живееме и соработуваме заедно , а токму на тоа треба да ја насочиме нашата енергија и потенцијал и повеќе да мислиме и да зборуваме за она што не обединува сите и на она од што сите живееме без било какви етнички, верски, партиски, или други предрасуди.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г-динот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам потпретседателке, јас се надевав дека Вие ќе му кажете на колегата Борис Кондарко дека на дневен ред е законот за територијална организација, а не закон за однесувањето на опозицијата. И би се запрашал доколку беше во мандатот од 1994 до 1998 година, незнам дали ќе се јавеше за дискусија, бидејки тогаш немаше опозиција. Инаку, конкретно на неговите дискусии, дека ние сме ги блокирале реформите во Република Македонија. Тоа е извадено од неговата дискусија. Како опозиција сакам да го предупредам дека тоа не е точно. И претходно му реков на нивниот генерален секретар на г-динот Ќуркчиев дека и пратеници од позицијата го критикуваа овој закон, особено пратениците од Кичево и од Струга. Дали тие сега ќе ги прават опозиција, ќе ги исклучуваат од партија, незнам што ќе им прават, бидејки не размислуваат исто. Значи, не се работи сега дали само кога ќе зборуваме за закон на кој што ние треба да ги најдеме нашите аргументи. Впрочем се одржаа голем број на референдуми, населението го кажуваше својот збор. Ние имаме канцеларии , контактираме со граѓаните на РМ и не смеат да не заплашуваат, можеби пред Меѓународната заедница тоа го кажуваат, дека ВМРО-ДПМНЕ ги блокира реформите во РМ. Впрочем исто така кажа дека ова е обврска од Рамковен договор. Мислам дека ова им е единствениот аргумент кој што го користат, а всушност кој што не е точен. Имано, во точка 3 се вели дека Собранието на РМ ќе усвои ревидиран закон за општински граници, меѓутоа земајки го во предвид пописот и релевантните упатства според законот за локална самоуправа. Воопшто не се земени податоците од пописот. Пописот заврши, сеуште ние немаме анализи по тој попис. Имаме некои груби бројки. Така што воопшто не држи тоа дека овој закон , уште еднаш сакам да потенцирам и ние секаде во нашите дискусии го потенцираме, дека овој закон не е од пакетот на закони кои што треба да се донесат според Рамковниот договор. Можеби е во пакетот оние што се во фискалната децентрализација, како што беше Законот за финансирањето на локалната самоуправа, Законот за данок на имот , за комунални такси, за административни такси, но не и овој закон. Ние укажавме многу пати и пак сакаме да кажеме дека овој закон е производ на политички договор меѓу двата коалициони партнери меѓу СДСМ и ДУИ. И затоа не би сакал оваа говорница да се употребува за одредени пратеници од позицијата кои што немаат што да кажат по законот, бидејќи очигледно не можат да го бранат, инаку очекувавме малку да го бранат. Нивните дискусии се сведуваат на напади на опозицијата како таа размислувала.

БОРИС КОНДАРКО:

Дали можеби г-динот Коце Трајановски очекува да не ја напаѓаме опозицијата, мислам што е суштината на демократијата. Господине Трајановски, Вие нема да ми кажете како да зборувам за законот и јас имам легитимно право да ги коментирам дискусиите на опозицијата по оваа точка на дневниот ред. Тоа е демократија, а вие тоа не го дозволувате, а од друга страна го барате кога се работи за вашите настапи. Замислете со вашето сегашно недемократско однесување случајно вие да бевте на власт како ќе се однесувавте со нас? Ќе не бркавте од салава и од говорницата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ве молам ако може во спокојна дискусија да ги расчистуваме различностите.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

После една ваква слепа апологетика разбирливо е зошто се нема слух за јавноста која секојдневно се изјаснува што мисли за предложениот закон од Владата, на начин што е познат и како нивна морална обврска и право, а и нашиот правен систем го познава, затоа што е во рамките на Уставот и законите на РМ. Значи, не станува збор за она што мисли опозицијата сега, односно ВМРО, или што мислела ВМРО во 1996 година. Практично околу 200 илјади граѓани во РМ се изјаснуваат за предложениот закон од Владата и тука е ирелевантно што впрочем мисли ВМРО за тој закон, затоа што граѓанинот е оној пред кого се потчинуваат и законите и уставите не само во нашава земја, туку во сите земји каде што владите инсистираат на својата демократска определба. За жал ова е слепа апологетика која сега ја слушнавме која инаку воглавно во Собраниево се занимава со разместување на келнери, очекуваме наскоро да се занимава и со разместување на хигиеничарите, затоа што тие едноставно не се доволно брзи сите валканици на време да ги тргнат од очите на јавноста.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колега Трендафилов, јас ве молам малку да внимаваме со зборовите.

БОРИС КОНДАРКО:

Нема што да се реплицира, мене ми е позната и на јавноста настапите на поедини пратеници од ВМРО и нивната пред се некултура . Господине

Трендафилов, јас почитувам и прифаќам поинакво мислење. Меѓутоа, во одредени ситуации фактите и вистината е сосема нешто друго , а тоа знае некогаш да биде непријатно и да боли.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колеги, јас уште еднаш би замолила меѓусебно сепак да покажеме повеќе почитување и покрај различностите.

Процедурално бара госпоѓа Ганка Самоиловска Цветанова.

ГАНКА САМОИЛОВСКА ЦВЕТАНОВА:

Госпоѓо потпретседател, очигледно беше дека репликите и контра репликите ќе бидат во ваква насока и затоа сметам дека требаше да реагирате и да кажете дека за време на излагањето на г-динот Кондарко на дневен ред е законот за територијална организација, а не час по демократија, или анализа на работата на опозицијата. Во таа насока ве молам сега да не ги спречувате пратениците да си го кажат своето размислување во форма на реплики.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колешке, воопшто не спречувам никого, јас само замолувам сите , буквално сите што учествуваат во репликите да имаме сепак повеќе чувство за почит еден кон друг во изјаснувањето.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Јас морам да изразам големо разочарување заради ставовите на позицијата, бидејки сите наши предлози и сите наши несогласвуања особено по овој проект се критики, шпекулации и т.н. Значи, вокабуларот останува ист. Ни се ампутира дека ние на некој начин со нашите ставови ги подгреваме меѓуетничките тензии. Напротив јас сакам да кажам дека е обратна состојбата, затоа што со лошите решенија на овој закон за територијална организација на локалната самоуправа сметам дека со ваквите предлози напротив се подгреваат меѓуетничките тензии со овие лоши решенија. Значи, тоа го прави позицијата, а не опозицијата. Понатаму, не обвинија за некаков лош патриотизам и дека некоја наша ригидна политика има доведено до војни не само на макеоднски простори, туку и на Балканот. Јас сакам само на кратко да го потсетам г-динот Кондарко за состојбите после 1945 година кога имаше демонстрации во 1968 година, 1969, 1971, 1972, 1978, 1989 година од

страна на албанците. Незнам дали има слушнато за Призренската лига и за идеите на Призренската лига. Мислам тоа треба да го знае и тоа не е резултат на нашиот лош патриотизам, туку тоа е резултат на идеите коишто егзистираат меѓу албанскиот политички блок. Јас се сложувам ние да најдеме заеднички јазик, овој закон да го донесеме ако треба и со консензус, но немојте секој наш настап , секој наш предлог било каков да е , да го нарекувате  дека е , или да му ампутирате некреативност и популизам.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине Кондарко, можеби опозицијата која што толку ја обвинувате во вашата дискусија сее национализам, можеби има лажен патриотизам и можеби сето тоа што го прави е штетно за РМ како што вие кажувате. Но, г-дине Кондарко и да е така, тоа е многу помало зло од она што вие како позиција го правите. А што вие како позиција правите, дозволете да ве потсетам. Ви г-дине Кондарко заедно со вашата политичка партија на која што сте портпарол ја играте најлошата улога, а таа улога се вика растурање на РМ, или нејзино распарчување. Вие со вашиот коалиционен партнер донесовте Закон за тетовски универзитет, сега носите закон со кој што дефинитивно РМ , особено во нејзиниот западен дел го кантонизирате. Во вашата дискусија два збора не слушнав  за Кичево и Струга да кажете дали е тоа добро решение кое што го нуди овој закон, дали она што граѓаните го истануваат на референдум  е позитивно, зошто тие реагираат, особено за тие два града. Значи, вие цело време се занимавате со опозицијата, а вашата сервилна улога како партија, значи, особено спрема коалициониот партнер ДУИ ама никако да ја спомнете. Според тоа, не се занимавајте само со опозицијата, малку погледнете што се случува кај вас во позицијата и на кого фактички му служите?

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас би го потсетил г-динот Кондарко дека нон стоп се повикува за културата на некој друг , треба да ја провери и својата култура.  Истото беше кажано дека пратениците доколку сме биле ние власт дека некој ќе биде избркан од Парламентот. Целокупната Влада моментално е од пратениците кои што беа во претходниот Парламент и кои што 4 години не дозволуваа ни да започне било која седница со регулирање на дневниот ред. Затоа г-дине Кондарко тие работи треба да ги имате во предвид пред да кажете било каква реплика кон било кој претставник на опозицијата.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Господине Кондарко, со тоа што велите дека со овој закон се остваруваат интересите на етничките заедници во РМ, дека неможат да бидат почитувани интересите на македонците кои што претставувале само 65% од населението на РМ, вие практично признавате дека овој закон е правен врз основа на етнички критериуми. Ако е тоа така, а така е, затоа што тоа така го кажавте, зошто тогаш јавно не признаете дека го носите овој закон затоа што ова му го имате ветено на вашиот коалиционен партнер Али Ахмети, а со единствена цел да станете власт во РМ независно од последиците кои ги предизвикувате врз иднината на РМ и врз интересите и на македонците и на сите други граѓани на РМ. За вас е нормално жител на едно населено место да биде градоначалник на град со многукратно повеќе број на жители, за вас е нормално на пример жител на Велешта да биде градоначалник на Струга, или жител на Зајас да биде градоначалник на Кичево кој што ги штити интересите на жителите на Кичево. Независно, тој може да биде албанец, меѓутоа за да може градоначалникот да ги штити интересите и да ги остварува потребите на граѓаните од градот мора да произлегува и да ги познава нивните проблеми. Фактот дека единствено се обраќавте кон опозицијата не е ништо друго, туку потврда дека немате аргументи и потврда дека во однесувањето на болшевиците и на нивните наследници разликата е само во времето во кое што се случува тоа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колеги, јас ве молам без такви изрази. Навистина не е пријатно тоа ниту за нас овде, ниту за јавноста. Да не се навредуваме, никој не добива со навредување едни на други.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Реплика за г. Аднан Ќахил.

АДНАН ЌАХИЛ:

Многу кратко ќе се обидам да кажам неколку зборови во врска со изјавата на г. Кондарко, кој кажа дека 65% од населението е македонско, а останатото од заедниците и дека овој закон е во прилог на заедницата на македонскиот народ и на заедниците кои живеат во Република Макединија .

Во однос на законот го кажав моето мислење, а ќе зборувам само турската заедница, кажете ми врз основа на кој елемент турската заедница, врз основа на овој закон, ќе има определени придобивки, кога можевме да видиме и од моето искажување и од компаративната анализа што може да се направи, врз основа на постојните состојби, секаде каде што турците имале определен процент или биле во мнозинство во некои општини, тие општини се спојуваат или процентот на турците опаѓа. Таков пример е со Центар Жупа што се спојува со Дебар, Долна Бањица се спојува со Гостивар, Другово со Кичево, Василево со Струмица, Долнени со Житоша итн, а да не зборувам и за градот Скопје каде во определени реони турците живеат традиционално со одреден процент и тие на некој начин се скроени. Мислам дека ова не оди во прилог на заедниците - читајте за турската заедница, бидејќи да се имаа предвид сите елементи на едно нормално демократско живеење и да се третираа размислувањата на определена заедница, односно на турската заедница, сигурно немаше да се излезе со ваков предлог, каде сите тие општини, пак ќе повторам, каде што живеат турците на некој начин се претумбани, односно направени така што воопшто турската заедница нема добивка односно ќар од ова прекројување на општините.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Господине Кондарко, повелете.

БОРИС КОНДАРКО:

Само мало објаснување, не заради репликата и пратеникот Аднан Ќахил, туку и заради јавноста, бидејќи во неколку реплики се импутираат некои зборови кои не ги кажав во дискусијата, а тоа може да се провери од стенограмите, дали бил во прилог или не на некого, таков збор “прилог” не е употребен. Треба да слушате повнимателно, така што да не се изместуваат од контекст некои работи.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Следна за реплика е г-ѓа Ристана Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Во прилог на јавноста што ја следи седницата би сакала да продискутирам за некои мисли што ги искажа г. Кондарко во неговиот говор.

Вие, г. Кондарко, рековте дека во овој закон ама баш ништо не чини како заклучок , ваш личен став дека опозицијата мислела дека баш ништо не чини во овој закон. Тоа воопшто не е точно. Ниту еднаш, ниту еден пратеник јас лично не слушнав да каже дека овој закон не чини. Пратениците кои говореа од опозицијата, а и од позицијата, говореа само за она што не е добро решение во законот, а не дека целиот закон не е добар. Тоа е ваш личен став.

Друга работа, рековте кога опозицијата би можело да предложи закон. Јас незнам дали ви се познати деловничките норми дека секој пратеник може да биде предлагач на закон, а вие овде изнесувате ставови кои воопшто не кореспондираат со Деловникот, затоа што секој пратеник може да предложи закон и не им е забрането на пратнеиците од опозицијата да поднесуваат предлози.

Би сакала уште да ве прашам, истакнавте дека опозицијата од личен и партиски интерес не сакала да се укинат некои општини. Јас би ве прашала што мислите, кој е личниот  и партискиот интерес на општините Струга, Кичево, Дојран и да не набројувам други кои бараат, граѓаните на овие општини бараат нивните општини да останат да останат во постојните граници.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Следен за реплика е г. Љупчо Мешков.

ЉУПЧО МЕШКОВ:

За најголемиот дел од говорот на г. Кондарко не би коментирал затоа што тоа се негови лични ставови, меѓутоа, искрено да кажам за еден дел морам да реплицирам, а тоа е делот во кој тој ја обвини опозицијата дека е кочничар на реформите. Јас бев токму директор на една устаонва која спроведуваше реформи и за тие спроведени реформи од главниот консултант од Америка и од Светската банка имав редовни извештаи, па кога г. Кондарко зборува така воопштено мора аргументирано да зборува, нека ги прочита извештаите до каде беа реформите, со која динамика одеа до пред година ипол и во која фаза се сега, па дури тогаш би можел да разговарам со него дали навистина се кочеле реформите. Сега зборувам за она за што сум компетентен и каде што знам до каде се тие работи. Инаку, често нему му се случува, а што не е добро за еден млад човек, самиот да си постави тезата, самиот да си ги каже одговорите и аргументите и на крајот си изведува заклучок, без да има аргументи и аргументирано да зборува, дури некогаш сам си

реплицира. Значи не е вред од еден млад човек така да се слуша, туку треба аргументирано да зборува. За тоа има извештаи, има аргументи. Веројатно тој се сеќава дека неодамна Законот за капитално финансирано пензиско осигурување го изменивме и ја избришавме датата до која требаше да профункционира тој сегмент од реформираниот пензиски систем. Ја одложивме таа примена на неодредеон време. Понатаму што да зборуваме? Кога се кажува нешто, навистина треба со аргументи да се зборува, а не само така на памет.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Реплика за г. Кондарко.

БОРИС КОНДАРКО:

Г-динот Мешков сакајќи да се прикаже како реформатор, токму за неговата работа и реформите во таа институција каде што работеше пред да стане пратеник заработи кривична пријава.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Следен за реплика е г. Ѓорѓи Оровчанец.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Јас ќе почнам малку поинаку. До пред некое време новинарите ме прашуваа дали се потребни лекарски уверенија за да стане некој пратеник и јас категорично одговарав не. Меѓутоа веќе денес почнувам да се сомневам во таа моја изјава.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колеги, ве молам без такви инсинуации.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Ништо не реков.

Понатаму, би сакал да кажам дека сите тези кои беа портпаролски поставени и тоа на една промашена доктрина, портпаролски поставени, неможат да држат.

Прво почна со обвинување и напади г. Кондарко за национализам, радикализам итн. Би сакал да најде елементи и да посочи кој го исполил и на кој начин сето тоа. Меѓутоа, очигледно нема такви работи. Меѓутоа, постои нешто друго.

Тој повикува на едноумие во ова Собрание, односно повикува на еден ретрограден процес.

Второ, овој закон што е денес на расправа дека бил врз основа на изгласаниот закон за финансирање на локалната самоуправа. Тоа не е точно, ова е само прва фаза, далеку сме од тој закон.

Дека опозицијата ништо добро не нашла во законот - крајно контрадикторно, нека се консултира со претседателот на Собранието, кој 10 минути пред тоа ја пофали опозицијата за конструктивноста и добрите прилози кои ги дава.

Понатаму за 1996 година за законот - изгледа тоа е некој носталгичен момент кај г. Кондарко затоа што 1996 година во ова Собрание не постоеше опозиција и ред други работи кои беа декларирани со една единствена цел, за спроведување на еден невиден антагонизам спрема опозицијата.

Повикувајќи се на Рамковниот договор, во Рамковниот договор г-дине Кондарко дословон пишува, но треба да знаете да читате што значи децентрализација, а во развојот на децентрализирана власт во точка 3/2 во врска со овој закон буквално пишува:

“Во рок од една година по завршувањето на новиот попис кој под меѓународен надзор ќе биде спроведен до крајот на 2001 година ќе бидат ревидирани општинските граници.

Ревизијата на општинските граници ќе биде спроведена од страна на локалните и националните власти со меѓународно учество”.

Тоа е, г. Кондарко, Рамковниот договор и ова што сега овде го имаме нема никаква врска со Рамковниот договор, а овој начин на кој вие приоѓате сигурно да не одведе во Европа, туку ќе останеме длабоко во корените на самоуправното друштво.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г-дине Кондарко, повелете.

БОРИС КОНДАРКО:

Јас сум крајно разочаран, меѓутоа не сум изненаден од некоректното и нецивилизирано однесување на г. Оровчанец. Овде демонстрира крајна некултура. Тој е возрасен човек, академски професор, а за жал без домашно воспитување и тоа е срамота за еден пратеник.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колеги, ве молам да се воздржуваме. Немора на едно ниво со исто да се одговара, ве молам. Ве молам , немојте.

БОРИС КОНДАРКО:

А истиот треба да биде педагог. Ова е катастрофално однесување за еден лекар и интелектуалец, кој треба пред се да извршува хумана професија и да применува етички норми. Засрамете се , г. Оровчанец.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Процедурално, има збор пратеникот Никола Апостоловски.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Сакам една работа да расчистиме. Г-динот Оровчанец кажа дека за избор на пратениците им требаат лекарски уверенија. Законот за ибор на пратеници го донесе Владата на ВМРО-ДПМНЕ и таа инсистираше пратниците да бидат без лекарски уверенија, со цел да се протуркаат некои членови на ВМРО-ДПМНЕ.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Сега е 14,00 часот и давам пауза до 15,00 часот.

(пауза)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,05 часот).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Чедомир Краљевски реплика имате, 3 минути.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Веднаш да кажам дека од вака одгледан и култивиран експонент на СДСМ, не ме изненадува и неговиот говор, бидејќи истиот ексклузивно си го присвои правото, како што го присвојува и неговата политичка партија, што ја претставува, исклучиво државотворна партија и исклучиво реформаторска партија во Република Македонија. Во неговиот говор експлиците произлезе дека опозицијата цело време го опструирала процесот на реформите во Република Македонија, што апсолутно не е точно, затоа што во периодот на владеењето на ВМРО-ДПМНЕ многу реформски прописи почнаа и сега тие реформски процеси ги наследува оваа владеачка гарнитура.

Исто така, не му служи на чест на господинот Кондарко што рече дека опозицијата заиграла на штетна карта. Мислам дека не ја погоди работата, бидејќи опозицијата само сака со една отворена дебата да се согледаат сите можни последици од вака предложениот предлог закон за територијално разграничување бидејќи на тој начин, ќе се сочува она што е заедничко за сите пратеници овде, а

тоа ни е унитарноста на Република Македонија. Така да таков настап, такво инсистирање, да се стават работите под тепих и да не се гледа отворено и со чиста душа и со отворено срце према поставените проблеми, мислам дека не води никаде, води кон она што самиот не е за тоа, а тоа е разбивање на унитарноста на Република Македонија.

И на крајот затоа што опозицијата не обрнала доволно внимание на интересите на граѓаните, мислам дека е апсолутно контрадикторен со она што се случува на терен, бидејќи граѓаните на Република Македонија, своите интереси ги искажаа преку масовните референдуми и со нивното масовно учество на нив, за сочувувањето на статусквото на нивните општини.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг има реплика?

Повелете господине Шајновски, имате 3 минути реплика.

ДРАГО ШАЈНОВСКИ:

Бидејќи во дискусијата на почитуваниот пратеник немаше дискусија по законот, така и во мојата реплика нема да има реплика по деловникот, туку само ќе дадам еден исказ.

Почитуваниот пратеник е во право...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Шајновски, реплицирајте по дискусијата на господинот Кондарко.

ДРАГО ШАЈНОВСКИ:

Почекајте малку, бидете стрплив. Да дадам прво увод.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вие рековте дека ќе дадете исказ.

ДРАГО ШАЈНОВСКИ:

Исказ давам да ја објаснам мислата. Конструкцијата на говорот е моја работа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи во дискусијата на почитуваниот пратеник немаше дискусија по законот, така и во мојата реплика нема да има реплика по деловникот, туку само ќе дадам еден исказ.

Почитуваниот пратеник е во право. Навистина не може да се каже нешто конструктивно за законот во ситуација кога се знае дека нешто мора да се брани, по налог на партијата, а не може да се каже тоа, плашејќи се од казната на народот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Слободан Даневски има реплика.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

На господинот Кондатенко, би му реплицирал во делот на тоа дека...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Даневски, дали погрешно ве разбрав дека името на господинот Кондардко..

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Се извинувам, Кондарко.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ќе ви го одземам зборот за таквото однесување.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Не намерна грешка.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас ќе проценам дали е намерна или не е намерна.

Повелете.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Во делот на она што сакаше да упати и спрема македонската јавност и спрема граѓаните, во делот на ова за што зборуваме, да научи дека ова е историски момент и ова ќе биде на дебата на идните генерации.

Слушавме тука обвинувања од типот, вие внесувате етнички тензии, етничка нетолерантност, патот спрема Европа.

Би го посоветувал господинот дека за неговиот говор нема да заслужи браво, затоа што народните мудрејци, браво му викаат на магарето кога ќе испадне од кал.

Сакам да му кажам за другиот дел што заплашува со кривични пријави. Оние што биле реформатори добиле кривични пријави, а тие што јадат бурек, незнам што ќе добијат.

Јас би го посоветувал господинот Кондарко, власта не е планина Водно, власта се менува. Ќе добиеш тие 1000 кривични пријави. Кога беше времето да ја браниш Македонија, со секси бикини се сунчаше на Халхидики и сега ти ќе ни држиш лекции во делот на она што е..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута реплика има господинот Кондарко.

БОРИС КОНДАРКО:

Господине Слободан Даневски, јас немам кривични пријави, а колку што македонската јавност знае, вие сте тој што имате кривични пријави и тоа за повеќе кривични дела.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Процедурално за збор се јавува господинот Орданчо Тасев.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Почитуван претседателе, да не се расфрламе со разно разни термини. Поимот кривична пријава се уште не значи вина, сеуште не значи казна. Според тоа господинот Кондарко немој тоа да го експлоатира. Кој од опозицијата ќе се јави, за секој, тој има кривина пријава, тој има две, тој има три кривични пријави. Кривичната пријава не значи ништо. Според тоа во иднина да водите сметка за дигнитетот на пратениците.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Добро процедуралното заврши, ќе го примиме тоа на знаење и ќе се однесуваме така како што законот налага.

Завршивме со репликите.

Има збор госпоѓа Емилија Костадинова.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Почитуван претседателе, господин министре, колешки и колеги пратеници,

На денешната седница на Собранието на Република Македонија продолжуваме со разгледување на Предлогот за донесување закон за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија, по кој што предлог еве и јас ќе земам учество со оваа кратка дискусија.

Овој предлог за донесување закон уште пред да влезе во собраниска процедура предизвика големо внимание во јавноста и медиумите. А и многу реакции, посебно во оние општини што со овој предлог го губат досегашниот статус на општина.

Имено, со Законот за територијална поделба на Република Македонија и определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа “Службен весник на Република Македонија” број 49?1996 година), малиот број на дотогашни општини 34 на број нагло се зголеми и порасна на 123 и градот Скопје, како посебна единица на локалната самоуправа. Таквото енормно зголемување на бројот на новосоздадени општини, со различна територијална и по број на жители големина, со различен степен на економски, социјален, културен и инфраструктурен развој, ги покажа слабостите на една многу раситнете децентрализација, без реална финансиска моќ, зависна од интервенциите на државата и дотациите од републичкиот буџет. Сето тоа не беше воопшто во духот на европската повелба за локална самоуправа која што промовира целосна самостојност на локалната

самоуправа, па дури и самостојност во креирањето на сопствениот локален, економски развој.

Изминатиот седумгодишен период, покажа дека таквата територијална поделба не е идеална. Голематараситнетост на општините не даде реални резултати и многу општини станаа целосно зависни од финансиските средства од централната власт. А со тоа и основната цел да го планираат локалниот развој со сопствени средства не се оствари.

Исто така, не се оствари и можноста локалната самоуправа да биде основен носител на процесите за демократизација. Проблемите на граѓаните да се решаваат во локални рамки. Да се избегнува испраќањето на граѓаните до централната власт да им ги решаваат проблемите од локален карактер. Но поради очигледната диспропорција помеѓу желбите и можностите освен во исклучителни случаи некој позитивен ефект не се постигна.

По донесувањето на Законот за локална самоуправа во 2002 година, кој што им даде поголеми надлежности на општините, во насока на тоа тие да бидат основниот креатор на сопствениот развој и да ги создаваат условите за подобрување на квалитетот на живеење на граѓаните, преку развојот на инфраструктурата, заштитата на природата и животната средина, унапредувањето на здравствената заштита,образованието, социјалната заштита, зачувувањето на културните и историските специфичности, грижата за младите и спортот и слично, се дојде до сознанието дека така раситнетите општини тешко дека ќе можат да одговорат на сите тие барања.

Новиот предлог за донесување закон за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија тргнува од една подруга концепција и критериуми, кои што со помалку отстапки се почитувани со овој предлог, а тоа се следните:

Бројот на жители во едно новоформирана општина, да не биде помал од 5.000 жители, при што општинскиот центар да има најмалку 2.000 жители и да има изградено установи од областа на здравството, образованието, социјалната заштита, културата и слично.

Тука веднаш ќе напомнам дека се направени неколку исклучоци. Барем според бројот на население и тоа кај следните општини: Демир Капија 4545 жители, незнам дали е грешка или навистина и Пласница има исто толку 4545 жители, потоа Карбинци 4012 жители и Новаци 3549 жители, Ранковце 4144 жители. Сигурно предлагачот има образложение за тие исклучоци од кои причини се направени.

Друг критериум од кој се раководел предлагачот со оваа територијална реорганизација е да се создадат економски самостојни општини кои нависина би можеле да егзистираат од своите локални приходи. Тука би напомнала нека предлозите за донесување на закони, што ги разледувавме неодамна, од сферата на финансирањето, не им одат во прилог на малите и неразвиени општини, кои имаат мал број на вработени и мали можности за остварување на други видови сопствени приходи со што и можноста за нивно самофинансирање е мала, или незначителна.

Како трет критериум што треба да се исполни е да се има постоечка мрежа на објекти од општествен стандард, како и кадри од областа на здравството, образованието, социјалната заштита, културата, развиена локална администрација и слично.

Нареден критериум е изградена инфраструктура во општинскиот центар и негова пристапност и поврзаност со останатите населени места.

Природните и географските услови на едно подрачје кое го издвојуваат како една целина се исто така битен критериум. Покрај напред наведените критериуми законодаваецот се раководел и од други потребни специфичности, имајќи ги предвид културните, историските, еколошките и слични карактеристики на определени подрачја.

Почитувани колеги и колешки,

Во овој момент секако неможеме да ја заобиколиме и да не ја кажеме главната причина што доведе до овој предлог, а тоа е испонувањето и на оваа обврска што стои на патот за влез на Македонија во Европската Унија. Всушност пакетот закони од децентрализацијата е последната обврска што треба да ја исполниме пред поднесувањето на апликацијата во Даблин. Неминовно се наметнува и констатацијата дека за одредени прашања морало да има компромис. Па затоа воопшто не е ни чудно ако за некои општини имало и одредени компромисни решенија. Имајќи го сето тао во предвид, понуден ни е и овој концепт на територијална организација, кој секако не е идеален, но сепак е обид да се направи таква територијална реорганизација на општините што ќе одговара на веќе усвоенио закон за локална самоуправа и на веќе поддржаните предлози за донесување закони од сферата на финансирањето на локалната самоуправа.

Негодувањата на тој план се разбирливи затоа што оние општини што со новиот предлог се припојуваат кон друга општина, сметаат дека губат нешто веќе

стекнато, дека им се одзема некое право, а притоа во целост се губи смислата за реалност, за објективност и за самокритичност.

Почитувани колеги, сега накратко би се осврнале и би го изнела барањето на граѓаните од општина Блатец која со овој предлог го губи статусот на општина и се припојува кон општина Виница. Историска желба на граѓаните од општина Блатец е да имаат сопствена општина. Но очигледно предлагачот оценувајќи ги сите реални параметри и основните критериуми што се користени за овој предлог за територијална организација, оценил дека пореално и економски поиздржливо е општина Блатец да се припои кон општина Виница.

Сега, малку би се вратила назад во минатото.

Село Блатец било општина се до 1956 година, кога со комуналото уредување општината била расформирана и припоена кон општина Виница. Блатец повторно си го вратил статусот на општина по 40 години, односно во 1996 година, кога не преминуваат сите населени места кои биле во состав на општината Блатец и тоа селото Лаќи, село Пеклани, село Драгобрашта, село Крушево, село Трсино, односно во 1996 година, општината Блатец е формирана со едно населено место. Село Липец и општинскиот центар Блатец.

На ден 25.12.2003 година Советот на општина Блатец донесува одлука за распишување референдум и самостојност на општина Блатец. Референдумот се одржа на ден 11.01.2004 година и од 1761 гласач, на референдумот гласале 1447 лица, или 82,16%. Од излезените гласачи за се изјасниле 1398 лица или 96,61%, од што произлегува дека референдумот е успешен. Волјата на граѓаните од општина Блатец е неспорна. Но имајќи ги предвид научните, стручните, економските и други критериуми врз кој е подготвен предлогот за донесување закон за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија, граѓаните на општина Блатец треба најобјективно нив д ги анализираат и да не стравуваат, бидејќи сите предизвици што произлегуваат од процесот на децентрализацијата заедно ќе ги споделиме.

На крајот сакам овој предлог за донесување закон и конечниот закон да биде една објективна реалност, која ќе и овозможи на Република Македонија да ги надмине пречките што стојат на патот кон евроинтеграцијата.

Давајќи и поддршка на Владата и ресорносто министерство во нивните настојувања, тоа прашање конечно да се симне од дневен ред, очекувам дека во понатамошните фази страстите ќе стивнат и ќе ја прифатиме реалноста и објективноста заради нас самите и заради нашата заедничка иднина.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Костадинова.

Повелете господине Рустеми, а нека се подготви пратеникот Никола Груевски.

ЕЈУП РУСТЕМИ:

Почитуван господине претседател, почитуван министер, почитувани министри,

Предлог-законот за територијална организација на локалната самоуправа има неколку дена кој се придружува со расправи и застарени модели и реплики, повторени реплики, и за други прашања кои се во планот на меѓуетничките односи.

Ова сега ја оправдува причината да им се дадат појасни одговори од наша страна на неколку реплики и дискусии, слушани до сега, со цел да се редуктира колку што е можно просторот за манипулации и меѓуетничките односи сега и во иднина.

Јас ќе се залагам на дискусиите во погрешна насока врз меѓуетничките односи кои неопходно се актуелизираат во текот на дискусиите за овој проект закон да ги ставам во фокусот на едно поекsплицитно толкување околу истите.

Прво, е дека со случајот на  разгледување на овој педлог закон е неизбежна дискуијата внатре во овие односи,бидејќи токмуова е еден од законите кои меѓуетничките односи, но и државно рамниште, треба да ги воспостави во едно ново рамниште, правилно еквилизирано и стабилизирано рамниште.

Разбирајќи го во ова светло значењето на овој закон врз стабилноста на етничките односи, сите треба да разбереме и правиме дека токму административната и територијалната организација на локалната самоуправа е како една обврска од Охридскиот договор, додека во досегашните дискусии, со цел или не, се вршат залагања значењето да се релативизира прекумерно и доколку, односно ако ова го разберевме според оваа релативизација ќе се согласевме дека тогаш не требаше да се вклучи во еден ваков договор.

Но, вистината разбрана на правилен начин е токму тоа дека донесувањето на овој закон што треба да ги опфати правилните решенија, еквилибрирани за сите граѓани, треба да се постигне и создавање на една европска парадигма меѓу етничките ондоси на локално рамниште и пошироко од и во државно рамниште.

За мене, не е никаква случајност дека овој закон е дел на Охридскиот договор. Затоа и неговото донесување од страна на овој Парламент треба да се направи токму во духот на начелата на овој договор. Во суштина, овој закон треба

да ги подобри, ако не сите, тогаш најголемиот дел на неправдите направени во минатото со територијалната поделба на општините, кои поделби се направени еднострoвно. Значи, воопшто, без консултација на албанското население и без нивна волја, од фактот дека монистичкиот режим, слободниот израз беше недозволен.

Второ, таквите поделби територијални се направени на арбитрарен начин, како и на демографската целина на албанското население, така направија и разголување на ова население од правата на природните ресурси, комерцијалните и еколошките од средината во која живеат, како и други последици што им го зедоа правото за нивни опстанок во поширока смисла на зборот, со што се подразбира и правото на користење на ресурсите што обезбедуваат животна егзистенција, колективна, една егзистенција на сит граѓани и стандард за живеење. Овие неправди создадоа долга историја на дискриминација и апартхејд врз економска основа и врз други рамништа од социјаслниот и политичкиот живот, а посебно ова создаде длабоки диспаритети во внатрешниот развој на Република Македонија. Што е еден структурен диспаритет, но манифестиран како диспаритет поттикнат од мотиви на влијание на мнозинството население врз помалиот број на населени. Мене во овој случај не ме интересира дамнешната историја на меѓуетничките релации, туку ме интересираат последиците на законите од оваа природа што ја имаат разрушено основната на правилните меѓуетнички односи.

Затоа, доколку сакаме овие односи сега и во иднина од овој аспект да ги ставиме на една еднаква основа што би го оправдало ставањето на оваа обврска со Рамковниот договор и соодветна имплементација на оваа обврска во вид на закон, може да биде токму во духот на овој договор. Секој спротивен став на ова, колку и да се изрази на прикриен начин, може да се разбере реално како еден усовршен начин, разбирањето на овој договор и во овој случај индеферентноста на нејзиното нарушување не треба да дојде до израз.

Тргнувајќи од ова, мојата констатација е дека и предлагачот на овој закон во одреден решенија што ги има понудено направил позитивни обиди да не го земе како модел поранешното решавање на природата на овој закон, посебно на тој од 1996 година, каде што се собрани сите најнегативни пракси на поранешни територијални организации што ги тангирале интересите на најголем број на населението. Со овој закон се направи навистина еден афрички модел на урбаните средини. Овие обиди може позитивно да се разрешат доколку се земат предвид сите позитивни забелешки што се прават на овој закон од страна на оние аспекти што

потсетуваат на поранешните пракси. Ова се однесува на Скопје и на одредени општини, каде албанското население е малцинство, а има демографска хомогеност за да се опфати во општини каде ќе станат мнозинство.

Почитувани колеги, предлагачот на законот од една страна, но и дискусиите што тука се искажаа, како и референдумите одржани во одредени постојни општини создадоа простор ваквите дискусии да се стават на етничко рамниште. Сосема се јасни некои решенија кои се засноваат врз етничкиот параметар и стратегија на непринципиелен начин. Велам, непринципиелно, затоа што доколку беа принципиелни, тогаш немаше да бидат на пример толку проблематични.

На пример, македонското население што не е мнозинство, како во Вратница, Јегуновце и Маврови Анови, се организира институционално како мнозинство, додека пак аналогните средини со албанско население и тоа не само албанско, околу Прилеп, Крушево, Битола, се растураат на две или повеќе општини. Дури, во одреден простор што претставува општина, на пример Житоше. Доколку општината од една страна се подразбира како политичка институција што обезбедува сигурност на политичко претставување и сестран развој за едната страна, меѓутоа на другата страна таа е спротивна, нема заштита и има доминација врз нив. На тој начин повторно има дискриминација и доминација на еден етникум врз друг и се фаворизира повторно политички мнозинското население, односно македонското.

Овој предло на закон, прочитан во ова светло, дава решение обратно за начелото што важи за мултиетничките држави. Тоа е опасно решение, затоа што едно население што е мнозинство, социолошки и политички, што станува мнозинство на локално ниво каде е малцинство, додека пак малцинството на државен начин во најголемата област на локално ниво станува, каде што е мнозинство станува малцинство, значи имаме ситуации каде едно население два пати се прогласува за мнозинство, а друго население каде два пати се прогласува за малцинство. Ова не го дозволува ниту една логика, ниту едно демократско начело и затоа предлагаме да се отстранат од натамошните решенија.

Почитавани пратеници,

Нови нерамноправности се создаваат и во соодносот на бројките во рурално ниво кај една или друга етничка заедница, иако георграфскиот простор, поделен во помалку рурални општини каде една етничка заедница е малку појмала од географскиот простор на рурални општини кај другата заедница. Ова, понатаму

ќе ги продлабочи постојните разлики. Меѓутоа, ќе создаде и нови структурни разлики во многу области. Така и етничките односи повторно ќе ги постави и ќе ги направи конфликтни односи. Од ова, потоа, излегуваат сосема банални и образложението дека се создаваат нови 13 општини што не се функционални за територијалната организација и затоа што наводно немаат критична маса да станат општини, затоа што не може да имаат економска и финансиска сигурност, но се измислуваат затоа што произлегуваат како обврска тие да се одржуваат од републичкиот буџет.

Во овие меѓуетнички математики нема простор за изнаоѓање на решенија за територијална организација и за создавање одредени општини што сосема ги исполнуваат критериумите во донесувањето на овој закон. Или општини кои што со ниту еден критериум или реалност не може да учествуваат во овие математики. Како на пример општината Џепчиште во близина на Тетово, Гостиварско Неготино, како и некои други слични во Полошко чие гасење би било флагрантно кршење на демократските начела на спомнатите критериуми во овој закон. Меѓутоа и други критериуми што обично во одредени земји во транзиција, во нивната демократска транзиција на Југоисточна Европа ги зеле предвид за да ги имплементираат во законските решенија, како препораки на европските институции.

Затоа, посебно би сакал да истакнам дека врз основа на одредени критериуми и дефинирани во предлогот на законот, на општина Џепчиште што гасне се предлага да се припои кон Тетово, претставува флагрантно газење на принципите и критериумите врз кои се гради предлогот на закон и го прават неплоден, некористен овој закон во однос на функциите што треба да ги извршува за социо - економскиот развој и на рамништето на натамошниот развој на локалната демократија, во согласност со европските стандарди.

Ова се аргументира со искуството на позитивното функционирање, сега веќе 8-годишно функционирање на економските ресурси, како и насоката што ја има земено економскиот развој преку инвестирање со локалните жители, како и оние кои живеат привремено надвор од државата, така и иницијативите за инвестирање на странски капитал.

Човечките ресурси од разновиден профил што можат да се стават во функција на економскиот развој ја прават оваа општина со економска и финансиска сигурност, имаа поголема сигурност, критериуми што овозможуваат оваа општина да биде способна на ефикасен начин, рационално и на квалитетен начин да ги извршува надлежностите содржани во Законот за локална самоуправа усвоен 2002

година. Затоа, мој предлог е оваа општина да остане и натаму во новата територијална организација на локалната самоуправа на Република Македонија.

Земено во целина, мислам дека во натамошните процедури низ кои ќе помине овој закон да се земат сите конструктивни пердлози што се даваат, за да се корегираат несоодветните решенија во проектот што го имаме пред нас. Надвор од емоциите што се засноваат врз етнички чувства и надвор од партиските оптики што се јасни.

Во натамошното дополнување на овој закон да се дефинираат решенија што ќе ги почитуваат критериумите што се блиско поврзани со пазарот на трудот, со производството на добра, услуги, како и на потребите на потрошувачите. Решенија што ќе ја почитуваат реалноста на физичката географија врз која се организираат овие општини  решенија кои што ја почитуваат функцијата на управувањето на територијата, што на видлив начин ќе ги намалат развојните разлики во нашата земја, што ги витализираат, ги поттикнуваат традиционалните врски и еколошките целини и посебно да се даде нова функција на пограничните зони на денешната Европа. Подобра формула за добри меѓутнички и соседски односи нема да има освен подготвување на еден ваков закон што ќе ги почитува духот и принципите на Европската повелба, како духот и принципите на Рамковниот договор. Да, со опфаќањето на обврските на Рамковниот договор, што со спомнувањето на овој закон, со своите одредби би имало за цел да ја докаже важноста на овој закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Рустеми.

Има реплики.

Па јас мислам дека го кажа сето она за што и вие се залагате. Со законот не се согласува.

Добро, повелете, пријавен е прво господинот Трајановски Коце, повелете.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, ова што ќе го кажам немојте да го броите во времето, не го мерите.

Имено, вие коментирате, прејудицирате што ние ќе зборуваме и како ќе зборуваме. Наше право е да говориме и мсилсма дека не треба така да постапувате. Сепак, вие сте еден од еднаквите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Добро, прифаќам.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Инаку, на колегат Ејуп Рустеми би сакал да му реплицирам околу некои негови ставови во врска со овој закон.

Имено, во својот говор рече дека онаму каде што албанското население е малцинско, со припојувањето им се оневозможува да се припојат кон одредени урбани средини, најчесто со што би станале тие мнозинско население и нормално би ја имале локалната самоуправа.

Практично, тоа е главната генеза на овој закон што го пдржа и СДСМ и при тоа е најголемото, од еден аспект, едно од големите стравувања за донесување на овој закон.

Имено, да потсетам дека тој припаѓа на политичка партија ДУИ што произлезе од териотристичката ОНА што 2001 година меѓу другото рече дека Јегуновце, Вратница и Маврови Анови не треба да опстанат како македонски општини, бидејќи ќе има добар соживот или имало добар соживот во тие простори.

Само сакам да му напомнам дека 2001 година општина Теарце во која што градоначалник беше од албанската националност, населението беше избркано од своите домови, раселено низ Македонија, додека во општина Јегуновце и општина Вратница, благодарение на тоа што градоначалниците беа од македонска националност, се успеа да се организира одбрана на тие општини и да се сопре теророт и агресијата што ја правеше терористичката ОНА, претходница на партијата ДУИ. Мислам дека оваа политичка партија нема морално право да повикува на тоа дека таа гради соживот, бидејќи со своите постапки во 2001 година уште многу треба да придонесува државјанство го врати соживотот и довербата меѓу населението од различна етничка припадност. Бидејќи сите знаеме дека сеуште има повеќе од 3.000 раселени кои не живеат во своите домови или пвоеќе од две години се надвор од своите домови, живеат во катастрофални услови, благодарение токму на политичката партија ДУИ.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Ууште еднаш ќе напомнам да сепак внимаваме какви изјави даваме. Јас не спорам дека можете да кажете што сакате, така се профилираат политички партии, на леви и десни, имаме партии во центар, меѓутоа, мислам што е нешто минато и нешто што со Законот за амнестија го регулиравме правно, мислам дека не треба да се враќаме во минатото.

Тоа е мој коментар како претседател и на тоа имам право.

Господине Рустеми имате право на една минута контра реплика.

ЕЈУП РУСТЕМИ:

Благодарам г-дине претседател,

Првенствено сакам да му го привлечам вниманието на г-динот Трајановски, дека овде нема теористи, туку ние сме претставници на народот, дојдени со гласот на народот.

Второ, г-динот Трајановски воопшто немаше реплика на мојот говор, туку сака да се повика на една историја, на едно минато г-дине Трајановски. Охридскиот договор подразбира и измена на политичкиот менталитет во Македонија. Вие треба да размислите добро која беше причината за 2001 година, за овие менталитети за кои вие предлагате, но на декларативен начин зборувате за имплементација на Охридскиот договор, не се на пат по кој треба да одиме во Европската Унија и вие и вашата партија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете г-дине Трендафиловски.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Сакам да го потсетам претходниот дискутант дека во текот на минатата седница реплицирајќи еден негов сопартијец, ако добро ме служи помнењето, буквално изјави дека откако ќе помине законот за територијална организација на земјата, македонците кои се вработени во локалната самоуправа на подрачните единици на министерствата во дел од градовите во западниот дел од Република Македонија, каде што мнозинското население не го прават македонците, после донесувањето на овој закон, тие ќе бидат отпуштени со цел во иднина да се спроведе некаква споредба во замислена правична застапеност. Сакам ова да го потенцирам затоа што после ова разногласие што понекогаш излегува од клучниот партнер на СДСМ, едноставно некогаш е неразбирливо дали тие се залагаат, како

главните поддржувачи на Владата на г-динот Црвенковски, за содржинска суштинска децентрализација во Република Македонија, сакаме да добиеме општини кои ќе функционираат во интерес на граѓаните кои живеат таму, или сакаме да правиме буквално чиста некаква етничка поделба по линија на разграничувње. Тоа мора прво Владата и пратениците на Владиното мнозинство да го расчистат самите со себе и конечно до крајот на расправата на овој предлог закон да знаеме во која насока да дискутираме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате една минута г-дине Рустеми.

ЕЈУП РУСТЕМИ:

Господине претседател, пратеникот тоа што го кажа немаше никаква врска со реплика со мојот говор кој го имав. Навистина изгледа дека опозиционата партија ВМРО - ДПМНЕ сака да посее страв кај своето население во Западна Македонија. Јас тоа воопшто не можам да го разберам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Оровчанец.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Благодарам г-дине претседателе,

Во проевропскиот карактер на дискусијата на г-динот Рустеми и би се сложил доколку во самиот говор не се внесени дупли параметри на однесување, што за мене не е добро и сужење со ставови кои не се ни јавно прокламирани, ниту анализирани, односно се зборува за негативната пракса на локалната самоуправа врз база на сегашната состојба, односно од Законот 1996 година, со негативен став. Никаде не постои анализа дека имаме негативни работи во општините каде што е донесена локална самоуправа. Напротив, сознанието се обрати, меѓутоа, Министерството за локална самоуправа не излезе со никаков став по однос на ова прашање, односно со никаква анализа која што би била на пример валидна, или околу која би дискутирале. Меѓутоа, индикациите се дека праксата е позитивна. Потоа образложувајќи некои елементи спомна за некои афрички урбан модел, кој мене не ми е јасен, јас би сакал да ми го објасни и второ, дупли параметри на техничките принципи, кои исклучиво беа во неговата дискусија апострофирани, незнам дали не смета другите критериуми да бидат апострофирани, или дека тие се подразбираат покрај етничките. Како пример на двојно однесување, или двојно гледање е примерот кој го даде со општината Џепчиште.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете една минута г-дине Рустеми.

ЕЈУП РУСТЕМИ:

Благодарам г-дине претседател,

Само да му објаснам на почитуваниот колега, говориме за негативни начела, јас не спомнав афрички модел, туку афричко шишање што им е направено на урбаните општини. Тоа се општините Кичево и Струга, каде што албанците направија да станат составен дел на руралните општини. Негативни успеси има многу господине, јас ќе спомнам само еден и тоа дискриминации од економски аспект на ресурсите. Рудникот во Кичево, фабриката во Скопје, Попова Шапка во Тетово, а добрата ги добива Скопје. Овие се податоци кои ви се дискриминации и урбани шишања.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Претседателе, јас само сакам да прашам дали топонимите во Република Македонија за Скопје се Шкупи, за Битола е Манастири, итн.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас одговорив веќе еднаш. Го слушам македонскиот превод и таму е Скопје и Битола.

Повелете г-дине Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Сакам да реплицирам на делот на дискусијата од претходниот дискутант која што се однесуваша на општина Житоше. Сакам да ве потсетам дека општина Житоше беше до 1996 година, дел од општина Крушево. Во 1996 година, стана самостојна општина, а сега се предлага да се спои со општина Долнени.

Општина Долнени е и сега мултиетничка општина и таму нормално живеат македонците, албанците, босанците, турците и останатите жители. Со овој предлог Владата ги оневозможува турците и босанците да го користат својот мајчин јазик, бидејќи со овој предлог не се над 20%, а од друга страна создава услови за евентуално нарушување на соживотот во оваа општина. На овој начин само се создаваат проблеми, без да се каже ни збор за досегашното функционирање на општините. Јас сега би апелирал да се прашаат жителите на општина Житоше сегашно, дали ним им е подобро да останат општина со Житоше како општински центар, или за нив е подобро општински центар да им биде Долнени, кој е и многу оддалечен има и природен пат по кој ќе се движат и жителите на Житоше. Сигурен сум дека жителите на оваа општина размислуваат различно од овој предлог на

Владата и се надевам дека ќе бидат прашани за да може и Владата и парламентарното мнозинство да го промени мислењето по однос на ова прашање.
ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали име друг за реплика ? (Нема)

Бидејќи нема друг за реплика го повикувам г-динот Никола Груевски да земе збор. Нека се подготви пратеникот Абдулади Вејсели.
НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Почитуван, претседател на Собранието, почитувани пратеници, претставници на Владата,

Во денешното мое излагање со задоволство ќе ги искажам сите мои видувања и забелешки за овој закон кој што е дел од пакетот на закони за децентрализација. Процес кој што генерално е важен за Република Македонија од повеќе аспекти. Од аспект на развој на државата, од аспект на секаков вид просперитет, вклучително и од аспект на приклучување на Република Македонија во ЕУ, довршување на Рамковниот договор итн.

Сепак, овие закони не се само услов кој мора да го исполниме да застанеме во редот пред портите на ЕУ. Трендот на дефинирање на локалната самоуправа во земјите од Источна Европа кој започна во 90-тите години е неминовност и за Република Македонија.

Редефинирањето на локалната самоуправа и нејзино поставување на здрави основи, се основна претпоставка за функционална децентрализација која мора да биде во корист на локалното население.

Децентрализацијата мора да се случи и на нас останува да ја направиме онака, како најдобро што ќе функционира, во наши услови, во македонски услови, затоа што овие закони, се пред се, значајни за сите нас, за нас самите и затоа што сите граѓани од сите 123 општини треба да се чувствуваат како во сопствениот дом, во општината во која што живеат.

Ако граѓаните на Република Македонија, макар и најмал дел од Македонија престанат да се чувствуваат како свој, малку ни вреди целиот овој пакет и целиот процес на децентрализација.

Општините се исклучително значаен  субјект во политичкиот систем на државата. Затоа кога зборуваме за територијалната организација, неопходно е да се ослободиме од сите политички комбинаторики, калкулации и матрици, без оглед дали нив ги прави Али Ахмети, или Бранко Црвенковски, или некој трет. Мораме да погледнеме преку призмата на аргументите.

Она на што се обврзавме пред меѓународната јавност и пред самите себе е децентрализацијата и тоа е услов без кој што не можеме да чекориме понатаму. Факт е дека патот до децентрализацијата не е задолжителен и нова територијална поделба, особено не со драматични измени, какви што сега се прават.

Децентрализацијата е делигирањето на надлежностите од централната на локалната власт, која не значи и нови граници на општините. Децентралицацијата нема да пропадне ако има две три или 10 општини повеќе или помалку. Но, ќе колабира, ако се направи врз основа на неприципиелни критериуми и лични аспирации.

Функционалноста на општините треба да биде основен принцип, на секоја територијална реорганизација, бидејќи една од основните предности на добртата територијална организација е можноста да се почувствуваат позитивните ефекти на локално ниво, низ проекти од локален карактер, со локални развојни приоритети.

Еднаквоста на приоритетите за сите општини, не е ништо друго, освен носење на централизирани решенија под името на децентрализацијата.

Функционалноста на територијалната организација се гледа низ растоварување на централните органи од административни задачи и оставање на простор тие да се занимаваат со креирање на стратешките политики на државо ниво, додека локалните проблеми, ги решаваат локалните власти. На овој начин, поголем број на граѓани, локално население, го вложуваат сопствениот стручен потенцијал, енергија во развојот на сопствената заедница. Кај нив се развива чувството на припадност поврзано со општината. Тие се идентификуваат со органите на власт во сопствената општина. Така се намалуваат можностите за манипулација со општествените работи од страна на власта. Локалните информации овозможуваат побрзо и поефтино задоволување на потребите.

Со предлогот на нова територијална организација во Република Македонија се предлага намалување на бројот на единиците на локалната самоуправа и нивно окрупнување. Иако, општо познато е дека локалната самоуправа добро функционира во мали единици со јасно дефинирани надлежности и граници.

Окрупнувањето на единиците на локалната самоуправа значи намален заеднички интерес на населението во општината, пред се, заради големиот простор кој го зафаќаат, а големиот простор ретко претставува географска природна, социјална, културна, и економски поврзана целина, каде што тешко се идентификуваат заеднички потреби.

Во вакви услови комуникацијата меѓу населените места во рамките на големите единици на локалната самоуправа и гравитацијата кон центарот на општината е намалена.

Сепак, и покрај сите стручни аргументи за и против една територијална организација, постои одредена политичка димензија на децентрализацијата за која сите сме свесни.

Впрочем, најчесто кога се зборува за децентрализацијата и територијалната организација, доминира политичката димензија на овие процеси. Голем број на западно-европски аналитичари веруваат дека преку децентрализацијата се дава поддршка на одредени политички движења кои настојуваат да создадат посилни меѓусебни интегративни врски.

Впрочем, целата источна Европа историски е составена од различни етнички, верски и јазични заедници, кои во најголем дел биле под доминација на централизирана власт.

Револтот што се создаваше во ваквите вештачки создадени заедници во Источна Европа, резултираше со етнички војни. Примерот на СФРЈ и СССР пред се, заради тоа што ваквите заедници воопшто не ги рефлектираат историските и културните врски како единствен критериум за нивна организација. Беше создавање на комунистички устроен административен ред.

Во случајот на децентрализацијата во Република Македонија, се чини дека политичката димензија е единствената за која што се води сметка. При тоа, доаѓа до трансферирање на надлежности од централната власт на помалите г еографски единици, кое е мотивирано исклучиво од политички цели и се стреми кон задоволување на аспирациите на една етничка заедница.

Сега се соочуваме со една слична, а сепак, различна реалност во Република Македонија. Од името на децентрализацијата се пласира една непринципиелна територијална организација на земјата. Притоа, се предлага намалување на бројот на општините од постојните 123, од кои 7 се општините во градот Скопје, на 71, од кои 9 се скопски општини. Само за споредба на пример во една Словенија која по многу нешта, големина на територија, бројот на жители, традиција итн., е слична на Република Македонија, по извршените реформи и спроведувањето на децентрализацијата, има 193 општини, кои успешно функционираат.. Од нив шест општини имаат до 1000 жители, 89 општини имаат помеѓу 1000 и 5000 жители, 44 општини се помеѓу број на жители 5 и 10 илјади, во 51 општина има од 10 до 50

илјади, има една општина со број на жители помеѓу 50 и 100 илјади и 2 општини со повеке од 100 илјади жители.

Акцентот при дефинирањето на нивните граници е ставен на географската, природната, културната и економската целина, која секоја од нив ја претставува.

Во Македонија се прави токму спротивното. Нелогично се поврзуваат урбани со рурални средини, кои се меѓусебно некомпактибилни. Да го земеме примерот на главниот град и границите на општините Центар и Чаир. Со децении центар го отсликува градскиот дух, срцето на градот, со театарот, Универзитетот, библиотеката, старата чаршија. Со новите граници Центар го губи градскиот дух. Или на пример едно туристичко рибарско подрачје, како Дојран се спојува со едно претежно земјоделско подрачје, како Богданци, кој има свои потреби, свои проблеми и согласно на тоа своја стратегија за развој на општината. Арачиново со Скопје, Липково со Куманово, Осломеј, Зајас, Вранешница и Другово се спојуваат со Кичево, а кон Струга како урбан Центар со традиција се припојуваат руралните Делогожди, Луково, Велешта, Лабуништа и Вевчани, кои што има свое посебно значење и историја. Но тоа не е единствениот проблем. Преку една централизирана политика, под името на децентрализацијата се создават гломазни општини со огромен број на населени места. Така Кичево наместо постојните 6 ќе има 80 населени места, во Битола наместо 18 се предлагаат да има 52, а во Струга бројот на населените места ќе се зголеми на 49.

При дефенирањето на новите општини, предлагачот поаѓа од едно крајно нелогичен критериум, од кој минималниот број на жители на општината не може да биде под 5 илјади жители, а бројот на жителите на општинскиот центар не помалку од две илјади жители. Дури, доколку ова се прокламира како критериум, евидентна е неговата неконзистентна примена. Навистина е нејасно како предлагачот се придржува кон овој принцип само тогаш кога тоа одгова на она што и онака е претходно договорено. Така на пример, Зајас, Велешта, Џепчиште, Чегране, Лабуништа, Шипковица и Долба Бањица, иако имаат над пет илјади жители и општински центар над две илјади жители, сепак, се бришат како општини, додека една Пласница со само четири населени места и со помалку од пет илјади жители останува како општина. Едно Вевчани, кое не само што е општински центар со над две илјади жители, туку има и богата културна традиција како место, општина, според Предлог законот не може да опстои како општина.

Почитувани пратеници, секоја општина е приказна за себе. Неодамна посетив повеше општини низ Македонија, урбани, рурални, земјоделски,

индустриски и навистина човек не може да остане слеп пред аргументите на народот. На пример, во Оризари, која според новата територијална организација, би требало да се спои со Кочани, кој има околу пет илјади жители, исполнети се апсолутно сите предуслови, за да опстои општината. Има развиена инфраструктура, здравствен дом, образовни институции, дом на култура, занаетчиски стопанствени објекти, преку проекти и донации за кои се залагало пред се, самото локално население, многу е вложено во оваа  и во многу други општини слични на неа. Самите граѓани сведочат дека во општините многу повеќе се вложувало и се инвестирало во периодите кога тие биле самостојни, отколку кога тие биле дел од гломазни единици на локалната самоуправа во времето кога имавме 34 општини во Република Македонија.

Општините во Мариово, Конопиште, Витолиште и Старавина сега се укинуваат. Поголем број на општини во останатите делови на Македонија како Конче, како Извор и многу други, исто така се укинуваат.

Со ваквата политика само ќе се намалат можностите за ревитализација на македонските села и процесот на нивно изумирање, наместо да запре и понатаму ќе продолжи и тоа многу побрзо, од она што го имаме досега.

Децентрализацијата нема да пропадне заради десетина административци повеќе, кои ќе ги опслужуваат како општини на пример Арачиново или Облешево, кои и онака одлично функционираа или ред други општини слични на нив.

Затоа, пак, локалното население ќе добие многу, ќе добие локалната власт блиска до граѓаните, кои ќе се инволвираат во општествениот живот на општината, затоа што се чувствуваат дел од неа и затоа што нивниот градоначалник ќе биде градоначалник на пет илјади или на десет илјади граѓани, а не десет пати повеќе. Тоа значи десет пати поголеми шанси за секој од нив да го видат и да го остварат непосредниот личен контакс со него во приликите кога има нужност за тоа. Во вакви услови и механизмите на контрола функционираат поедноставно, луѓето имаат понепосредни контакти и не ретко се потпираат на лични контакти и сопствен углед во средината во која дејствуваат.

Граѓаните се тие кои треба да го имаат пресудниот збор при креирањето на општинските граници. Тие најдобро знаат кога и како живеат подобро. Впрочем, и европските стандарди почитуваат на суprematијата на волјата на граѓаните.

Владеачката коалиција треба конечно да престане зад името на Европската унија да се обидува да го реализира секој свој внатре коалициски договор. Како тие ќе изгледаат и како тоа ќе изгледа, тоа е внатрешно прашање на

Република Македонија, кое што треба да го уредиме на начин, кој најмногу им одговара на граѓаните на Република Македонија. Однадвор за границите внатре во земјата, нема никакви мешања, колку што можам да забележам досега. Значи, од нас овдека во Парламентот зависи како ќе бидат скроени границите на општините. Она што се бара од надвор, тоа е што побрзо да се договориме и да најдеме решение. Ако Владата не знае кои се реалните граници на општините, треба да го земе и да го слушне гласот на народот од она што се вика референдум, кој што покажа да се однесува онака како што треба, особено кога се работи за прашања од суштествено значење.

Во духот на членот 5 од Европската повелба на локалната самоуправа стотици илјади граѓани низ референдумите, јасно го изразија својот став во однос на промената на границите на општините. Во услови на демократија, ниту Владата, ниту ние како пратеници во ова Собрание не смееме да го игнорираме гласот на народот. Да не заборавиме општините постојат за животот на граѓаните да биде поедноставен.

Повторно ќе се навратам на примерот на Словенија, каде пред извесно време врз основа на законот кој ја регулира постапката за формирање на нови општини и врз основа на барање за општини, бројот на општини се зголеми врз основа на ново поднесени барања на општините. И таму, како и во Македонија локалната самоуправа е уставна категорија.

Конечно, на крајот уште еднаш би ги потцртал неколку важни елементи.

Прво, искуствата покажаа во минатото дека во периодот кога имавме 34 општини и периодот кога имавме 123 општини, од економска гледна точка е многу добар за општините, затоа што многу повеќе инвестиции имаше во периодот кога општините беа поголеми. Имаше повеќе градоначалници, секој од нив трчаше да добие некој гранд, некоја донација или на друг начин да обезбеди повеќе пари за својата заедница.

Втор момент е што основната идеа на локалната самоуправа е доближување на граѓанинот до локалната власт. Вака како што имаме од една општина се окрупнуваат пет општини и тоа не е доближување, тоа е обратен процес, имаме едно класично централизирано решение во името на децентрализацијата.

И, конечно, она стравувањето што многумина го кажаа тука дека во општините, каде што градоначалникот и воопшто локалната власт што не е од македонци, има еден процес на иселување на македонците, нешто што може да се забележи и статистички и со бројки во последните 10 или 20 години. Значи, треба да

се внимава на сите аспекти. Се надевам дека Владата по овие опсежни дискусии на пратениците и на целокупната јавност во Република Македонија што ги имавме последните два месеци, предлагајќи ја втората фаза, законот во втората фаза, ќе има доблест и ќе има разбирање за многу од аргументите и ќе ги стави во новиот предлог закон што треба наскоро да дојде кај нас.

Ви благодарам на вниманието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ви благодарам господине Груевски.

Има повеќе пријавени дискутанти.

Господине Шаќири имате збор или реплика? (Збор).

Госпоѓо Станковска вие имате реплика, повелете три минути.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

Благодарам претседателе,

Во оваа моја реплика не сакам да спорам со ставовите и излагањата на мојот пожитуван колега. Кога ќе имам прилика и кога ќе земам збор ќе кажам за моите сопствени ставови. Но, во неговото излагање се искажа една невистина и сакам овде да го прашам дали тоа беше лапсуз или со некоја цел беше тоа кажано. При излагањето за вештачко спојување на рурални со урбани средини односно општини колегата рече дека станува збор за предлог, во кој кумановската општина се спојува со липковската општина. Во Предлог законот за територијална организација воопшто не стои такво нешто. Ако е лапсус јас ќе му простам, а ако не е да ми каже овде која му била целта, со каква намера тоа го прави.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута господинот Груевски.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Благодарам за репликата.

Да, точно е тоа дека во законот нема такво нешто и може да се земе како лапсус. Меѓутоа, општината Липково има дадено таков предлог, за кој што треба Владата да одлучи дали ќе го прифати или нема да го прифати.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Абдилаќим Адеми, имате реплика?

Повелете три минути.

АБДИЛАЌИМ АДЕМИ:

Благодарам господине претседател. И денеска овде се направи едно настојување да се спореди Словенија со децентрализацијата овде во Македонија. Сакам да ги спомнам сите што ја спомнуваат Словенија и претходниот говорник дека Словенија има двостепено ниво со 193 општини и со подрачја, каде што просечниот број на жители е некаде околу 20 илјади жители во еден регион. Додека, кога се предложи од албанците двостепеното ниво, вие како партија ги обвинивте албанците дека се ангажираа за федерализација на Македонија. На почетокот на вашиот говор спомнавте дека децентрализацијата не е единствен услов за интеграцијата во Европската унија. Јас се согласувам со тоа и првата работа што треба да се направи е да се елеминираат многу штетните монополи, кои што вие како партија што ја раководевте претходната Влада, овозможивте, продавајќи ја ОКТА и Телеком, со кои ги оштетивте граѓаните на Република Македонија и во целост Македонија.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Груевски, за реплика од една минута.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Благодарам на репликата.

Прво, би сакал да реплицирам во оној дел каде што беше кажано дека во Словенија има двостепена локална самоуправа, значи, може да се провери на официјалниот  вејб сајд, такво нешто нема во Република Словенија. Во однос на другите препукувања за ОКТА и другото, вработените таму и граѓаните најдобро знаат како е тоа, да не ја менуваме темата, некој ако сака да ја дефокусира можеме да ставиме точка на дневен ред за економските проблеми во Република Македонија, за приватизацијата, за невработеноста, за тоа зошто минатата година имаме 16,5 илјади невработени, зошто избегаа странските инвеститори од Република Македонија, зошто нема големи вложувања во државата, зошто се влошува вкупната економска состојба, зошто се повеќе се зголемува сиромаштијата и можеме вака доста отворено да разговараме за тие прашања тука во Парламентот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Груевски.

Господине Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Благодарам претседателе,

Со задоволство ќе учествувам во дискусијата по повод приватизацијата на ОКТА и Телеком, но сега сакам да реплицирам согласно Деловникот на дел од проевропскиот карактер на дискусијата на господинот Груевски, да го цитирам господинот Оровчанец, бидејќи тој така се изрази за претходниот дискутант, а гледам дека ист став имаше и господинот Груевски со пратеникот од ДУИ во однос на општината Џепчиште. Ќе се осврнам само на европскиот карактер на тоа што беше повикано, а тоа е дека во Европа тенденција е окрупнување и тоа е факт. Од тоа нема бегање.

Второ, кога се повикуваме на Европа, Европа има ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам господине Макрадули, само да интервенирам.

Знаеме ли што е демократија и парламентарно однесување? Сакате ли да ги извадиме стенограмите и да ги видиме репликите од опозицијата и дали воопшто беа реплики. Ве молам, затоа дозволете да се искаже репликата, ќе се има и контра реплика. И, немојте, ве молам, гласно да коментирате. Прво правило во демократијата е она што не сакате на другиот, на вас да ви се направи, немојте и на другиот тоа да го правите. Нека заврши со репликата господин Јани Макрадули. Сега зборуваше пратеникот Јани Макрадули од СДСМ и не му упаднав во збор.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Јас барам да се симне стенограмот, каде што ќе се види дека господинот Груевски ја спомна општината Џепчиште дека како рурална средина се врзува со општината Тетово. Истото за тоа се залагаше и господинот Ејуп Рустеми. Баш би сакал да се симне стенограмот, јас на тоа реплицирав и тоа мене ни е драго што го слушам, бидејќи доколку важи едно проевропски став во однос на некој пратеник, важи и за друг. Тука сме сите да си ги кажеме нашите мислења. А, сакам да кажам дека Европа не вика така. Трендот во Европа е на окрупнување. Тоа е една работа.

Втора работа, Европа никаде не вика треба да имаме етнички приод на проблемот.

Трето, доколку важат референдумите, сега сваќам зошто ВМРО-ДПМНЕ цело време инсистира на референдумите. Тогаш, важи и референдумот што го направија граѓаните од општините што ја формираат општината Групчин, синоним за територијалната реорганизација на ВМРО-ДПМНЕ.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Груевски, дали имате контра реплика?

Повелете господине Груевски една минута.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Благодарам.

Навистина, тешко е да се свати кога реплика ќе земе господинот Макрадули и не знам што беше поентата сега и дали треба воопшто да се реплицира, па како по обичај не би го коментирал неговото излагање, бидејќи не може да се извлече некоја суштина од тоа излагање.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика има господинот Владо Паунков три минути.

ВЛАДО ПАУНКОВ:

Благодарам претседателе, јас ќе реплицирам на делот што се однесува на општина Богданци. Навистина, сум разочаран од господинот Груевски, од неговото тотално непознавање на стопанството во Богданци. Затоа, му препорачувам да го посети Богданци по ден, не во ноќните часови, за да ја согледа структурата и стопанството во Богданци и да не го презентира пред јавноста онака како што го презентираше пред малку.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика господинот Никола Груевски.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Благодарам за репликата.

Она што јас го кажав во моето излагање е дека и Дојран и Богданци посебно треба да си имаат општина како што е сега. Значи, апсолутно кажав дека Богданци си има свои потреби, свои проблеми и треба да си има своја развојна стратегија и тоа е тоа. Дојран, исто така, има посебни приоритети, таму е туризмот кој повторно се развива, риболовот и стопанството поврзано со него, така што, тоа беше поентата дек адвете општини си имаат разични приоритети, различни потреби, различни проблеми и не треба да се спојуваат во една целина, во која што едниот или другиот субјект како единица на локалната самоуправа, нема да најдат многу заеднички точки. И едното и другото треба да се развиваат, согласно нивните потреби, согласно нивните проблеми.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Витановски три минути реплика.

ЈАНАЌЕ ВИТАНОВСКИ:

Благодарам претседателе, сметам дека после ваквата дискусија на господинот Груевски, а и претходната дискусија на госпоѓата Ганка, мислам дека ќе ја завршиме оваа расправа по ова точка и мислам дека опозицијата имаше се што имаше да каже и дека со ова излагање на Груевски, кое според мене беше конструктивно, овде ќе ја завршиме расправата. Сметам, само во еден дел да реплицирам, а тоа е околу членот 5 од Европската повелба за локалната самоуправа, во кој што точно е тоа дека е предвидено да се консултираат општините преку пат на референдум, не во Повелбата јас никаде не сретнав дека референдумот треба да биде обврзувачки за Владата или за било кој. Сметам дека Владата ќе ги има предвид овие референдуми и дека ќе постапи онака како што таа ќе оцени. Сметам дека после излагањето на господинот Груевски, мислам дека овде ќе ја завршиме расправата. Со оваа негова дискусија и со онаа што беше на госпоѓата Ганка, мислам дека треба веќе тука да завршиме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Груевски имате контра реплика? (Нема).

Добро, тоа беше предлог што и јас го прифатив.

Господин Рафис Алити има три минути  реплика.

РАФИС АЛИТИ:

Благодарам господине претседател,

Јас навистина очекував од лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, господинот Груевски да говори со јазикот на аргументите, затоа што и тој самиот се изјасни дека ќе не увери со аргументите, меѓутоа, и неговите сопартијци во текот на сите овие денови се обидуваа да ги одбранат истите тези, кои тој се обиде да ги одбрани со аргументи. Меѓутоа, мислам дека тие не беа на негова страна. Така, тезата дека во Македонија на граѓаните им е подобро со 23 или повеќе општини, отколку со 123, отколку со 34, не држи, со оглед на тоа дека господинот Груевски е добар економист, тој сигурно подобро може овие математики  да ги направи. Нашето сиромашно население треба да финансира 123 градоначалници со нивните возила, нивните вработени секретарки, советници итн, а ние и натаму се обидуваме да го убедиме тоа население дека вака е подобро. Мислам дека кога Македонија имаше 34 општини, токму тогаш во градовите било тие од Западна или Источна Македонија, токму тогаш имаше видлив развој, било во селата, било во градовите. Така што, според мене, оваа теза не држи. Сигурно, дека и господинот Груевски е убеден во тоа, меѓутоа, сето ова што се обидуваа да го кажат овие денови, го прават од политички цели. Еден говорник пред него го кажа тоа дека секаде каде што еден градоначалник треба да биде албанец, тогаш се изразува сомнеж за тоа што ќе се случи. Јас ве уверувам дека ништо нема да се случи. Напротив, каков и да е градоначалникот, било албанец или македонец, влав, турчин или друг ќе има интерес да работи за интересот на граѓаните на таа општина.

Тезата која беше искажана тука дека еве на Скопје му се одзема театарот, телевизијата итн, односно се одзема од општина Центар, а се дава на општина Чаир или пак како ние ја нарекуваме општина Кале, еве јас му давам една понуда на господинот Груевски, таа општина Кале не мора да биде само од Кале натака, може и кон центар. Повторно тој центар ќе биде на Скопје на скопјани, нема да дојдат луѓе од Марс да живеат во центарот на Скопје.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави госпоѓа Биковска.

Повелете, имате три минути.

НАТАША БИКОВСКА:

Благодарам претседателе,

Би сакала да го запрашам господинот Груевски, кои се тие непринципиелни критериуми што го мачат господинот Груевски, а не се наведени во образложението на понудениот Предлог закон за донесување на новата територијална организација на единиците на локалната самоуправа.

НАТАША БИКОВА:

Понатаму тој рече дека локалната заедница добро функционира во мали граници. Тогаш како ќе го објасни текстот кој што јас во обид да го сфатам револтот на малите општини кои што со понудениот Предлог на закон се губат го најдов во весникот “Реформи” од 1999 година под напис “Локалните самоуправи во потраги по општини” каде што еден градоначалник пишува “не пуштија да се давиме во матни води за понатаму да се наредат низа проблеми за сместувањето на самите седишта на новоформираните општини, други витални инфраструктурни проблеми, организациони, кадровски проблеми и тн. Кога конкурираа за општини жителите не сметаа дека инфраструктурата не е повеќе буџетска туку дека ќе се финансира од месните давачки”.

Понатаму, господинот Груевски кажа дека поличтичката димензија е единствената за која се водело сметка за да на крај во понатамошната дискусија ги наведе како пример етничките војни во регионот што не опкружува.

Јас би сакала да му кажам на господинот Груевски дека си дозволи процесите на децентрализација да ги етнизира и политизира при што се губи основната смисла на стратегијата која што тие ја донесоа.

Сосема на крај морам да ве потсетам господине Груевски дека оваа Влада ја креира меѓуетничката политика така да финалната цел не и е да го задржи мирот само во моментот на нејзиното владење, туку го спроведува концептот на трајно решавање на проблемите, долгорочно планирање и трпеливост во однос на позитивните ефекти кои што сите ќе видиме дека ќе станат реалност.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете една минута господине Груевски.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Жалам што морам да констатирам дека почитуваната пратеничка очигледно го преспала половина мој говор во кој што објаснив кои се непренципиелности при праведњето на овој закон. Всушност половина и повеќе од говорот се темелеше и на

објаснувања кои се тие непринципиелности, меѓутоа би додал уште нешто, можеби би било добро за понатамошно размислување за почитуваната пратеничка.

Да размисли и можеби во некоја прилика да одговори која е принципиелноста Зајас да се припојува кон Кичев. Имаше некои размислувања односно обиди за објаснување дека тоа било од економски причини, Кичево било многу повеќе економски силно, а во Кичево една фабрика денеска не можете да најдете асално што работи. Според тоа апсолутно такво објаснување не можеме да прифатиме така да за тие непринципиелности, за кои што зборував половина говор добро е да си ги земе стенографските белешки пратеничката и да види точно за што станува збор, затоа што нема време во оваа една минута да одговорам за сите работи што ги кажа. Да види за се и плус да размисли и за едно вакво спојување.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има реплика госпоѓица Славица Грговска.

СЛАВИЦА ГРКОВСКА:

Господине Груевски јас да ве потсетам дека обврска на Рамковниот договор на кој што вие сте потписници како политичка партија е до крајот на 2002 година да се усвои ревидиран закон за општинските граници и до крајот на мандатот на претходниот состав на Собранието треба да се усвои закон за финансирање на локалната самоуправа. Значи да се заврши овој процес на закони кои се однесуваат на децентрализацијата.

Јас претпоставувам дека во заклучокот што го кажавте станува збор за лапсус затоа што рековте дека општините кога биле поголеми било подобро, што иде во прилог на тезата на окрупнување на општините за разлика од целиот ваш говор кој што беше контрадикторен на вашиот заклучок. Би сакала само да ве потсетам или да ве прашам, биејќи бевте министер во Владата на Љупчо Георгиевски, Џафери и Андов во моментот кога беше усвоена стратегијата за остварување на системот на локална самоуправа, ноември 1999 година во која што се вели дека со него не се решени на најадекватен начин можностите за целосна и објективна територијална поделба на Републиката дека треба да се преиспита оправданоста за егзистирање на 123 општини во Република Македонија и дека треба да се усвои закон за изменување и дополнување на Законот за територијална поделба и определување на подрачјата на единиците на локална самоуправа со цел да се исправат грешките, пропустите и недоследностите според јасни, прецизни и транспарентни критериуми

и со почитување на одредбите со консултирање на месното население за сите евентуални измени на територијалната поделба.

Како што знаете овој Предлог на закон е во функција токму на исправување на овие недоследности што се воочени до сега. Во ниеден случај до сега не рековме дека нема да се почитуваат и дека нема да се земаат во предвид референдумите што се организираат во општините и во локалната самоуправа.

Исто така да ве потсетам дека ова е прва фаза на законот и сите забелешки се добронамерни и треба да се земат во предвид.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете една минута господине Груевски.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Благодарам за репликатга. Еден мал лапсус имаше, 1999 година не бев министер за финансии туку  бев министер за трговија таа година.

За суштината што беше кажана точно е дека и во Рамковниот договор и во другите документи и коментари стои дека треба да се ревидира. Ревидирање не значи да ги скратиме половина општини или да скратиме 50-60 општини. Ревидирање можеби ќе значи во некој случај да се намали пет-шест или седум општини, можеби и да се зголеми но во никој случај под поимот ревидирање не треба да оправдуваме укинување на 50-тина општини во Република Македонија  или пак нивно спојување на крајно непринципиелни основи. Спојувања кои што немаат никаква логика. Да не го злоупотребуваме тој збор. Точно е на крајот на годината како било напишано и дека оваа година ние треба да го завршиме овој пакет, и ќе го завршиме веројатно, но како ќе го завршиме е многу важно прашање, суштинско прашање во кое што никој не ни се меша.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика има господинот Слободан Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Мојата реплика ќе биде на последната реченица која повторно сега ја повтори господинот Груевски, па сакате како реплика, сакате како дообјасување. Тоа е неговото тврдење дека треба да се ревидираат границите на единиците на локалната самоуправа и дека во тоа никој нема да ни се меша.

Јас директно би го прашал господинот Груевски убеден ли е во тоа што зборува дека никој нема да ни се меша. Конкретно ќе ви кажа. Вие сигурно повеќе од мене сте упатен како еден од екипите која што учествуваше во договорите, преговорите околу Охридскиот договор и сигурно знаете дека ова беше едно од важните прашања кое што беше таму поставувано. Многу ви е добра вашата идеја да успееме во Република Македонија да се договориме околу границите на територијалната поделба, но морам да ви кажам дека таа идеја ви е само за пред јавноста, барем според мое лично мислење, иако сметам и сум убеден дека вие во тоа сте убедени дека тоа не може да се направи. Ние не можеме господа овде сите ниту да се договориме ниту да постигнеме некој консензус. Ние сме господа затворени секој во свои рамки, во свои граници, ние сме закопани во ровови. Бидете убедени господине Груевски ако не успееме да се договориме некој друг ќе ни ја нацрта картата. Тоа е првиот дел.

Како потврда на ова само ќе ви потврдам нешто. Од овој ваш говор денес очекував да ја објасните вашата идеја односно вашето прво размислување дека Република Македонија треба да биде од 80-тина општини и да објасните зошто реферирафте од првата ваша изјава пред вашата зграда на 123 општини за денес. Тоа не го објаснивте и затоа уште еднаш ќе повторам. Сите ние сакаме да дискутираме, да се допадне нашата дискусија на увото на нашите гласачи, на оние кои што гласале за нас притоа ние ги заборававме стратешките цели. Ќе ме убедевте во ова што го дискутирате ако објасневте зошто вашата стратегија од 80 општини се смени на 123 општини. Тоа не го објаснивте, што значи реагирате како опозиција дневно политички, со дневно политички игри, само да има спротивставеност на одредено решение.

Јас како пратеник овде спремен сум да го прифатам секое размислување кое што нуди квалитетно решение но со аргументи. Од оваа расправа и денес не ме убедивте дека вие со аргументи го сменивте својот став од 80 на 123 општини и уште повеќе убеден сум дека вие сами знаете дека друг ќе ни ги нацрта границите ако не успееме да се договориме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор господинто Груевски.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Во оваа реплика можам да извлечам два моменти. Едниот момент е обид да се прикаже пред јавноста дека некој однадвор ни прави притисок токму вака како

што се сега предложени и вака да бидат усвоени. Јас од сите контакти што ги имам со претставниците на Меѓународната заедница во Македонија и со други релевантни фактори во Брисел, Вашингтон и тн. на ниедно место не добив впечаток дека Меѓународната заедница инсистира Зајас да биде припоен кон Кичево или Велешта кон Струга и тн. Значи такви работи нема. Единственото нивно инсистирање е во некој разумен рок во овој период законот да го усвоиме, што е дел од пакетот за Рамковниот договор, важно е за влез во Европската унија, за натамошен развој на Република Македонија и тн. Ако има некои такви притисоци добро би било да ги чуеме, да се ослободат од еден таков притисок.

Вториот момент беше околу нашиот прв предлог поврзан со 85 општини. Точно е тоа дека ВМРО-ДПМНЕ се обиде на стручна основа да направи скратување на општините на 85, меѓутоа тоа е многу различно. Тие 85 се со многу различни граници и тие не беа прифатени од СДСМ на нашата средба, беа отфрлени и најдовме дека во тој случај и во целата оваа операција не се оди на стручноста туку се оди на чисти политички заднини.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор министерот за локална самоуправа.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Јас внимателно го слушав говорот на пратеникот Груевски и сакам да истакнам дека во секој случај неговата дискусија и целокупното дискутирање со граЃаните Владата ќе го има во предвид и сигурно во втората фаза ќе води посебна грижа за ставовите и на опозиционата партија која тој ја претставува.

Се јавив да исправам една грешка. Не е точно дека на средбата меѓу СДСМ, претставниците на СДСМ и претставниците на ВМРО-ДПМНЕ дека беше предложен закон од 85 општини и ние не го прифативме. Постоеше средба на која за голема жал господинот Груевски не присуствуваше и по одредени интервјуа изнесуваше одредени невистини што мене ми е многу жал. Лично за мене како министер и неговите ставови мислам дека неговите соработници а во тој дел му беа некои други соработници и на претседателот на државата, што ми е многу жал кога зборуваме за државнички односи и за креирање на политика истиот човек кој што беше советник на претседателот на државата по два дена беше и во политичката партија ВМРО-ДПМНЕ. Разменувавме мислења за процесот за динамиката на процесот и сега ќе кажам, и тогаш кажав власта, претходната Влада во процесот на децентрализација

врз основа на делот на стратешките документи, тоа беше стратегијата, тоа беше делот на Акциониот план, тоа беше делот на Законот за локална самоуправа, оваа Влада продолжува и ќе се усогласува.

Во тој дел јас и при моето искажување ги презентиравме критериумите кои во основа беа прифатени со исклучок на критериумот 5000 граѓани како облигаторен и врз основа на укажувањата на претставниците на ВМРО-ДПМНЕ го прифати Владата и жалам што во образложението на Законот е претставен како грешка.

Ставот на ВМРО-ДПМНЕ од 80 општини, за кои разговаравме врз основа на критериумите никогаш не кажа СДСМ или Владата дека не го прифаќа. Јас и сега сакам да истакнам дека во понатамошните усогласувања правиме напори да се усогласиме во тој дел и процесот на децентрализација кој е многу важен за граѓаните, без големо политизирање, но нажалост јас разбирам политичка партија, личности да ги менуваат своите ставови, своите програмски определби, тоа е логично, но ако сакаме да ја развиваме Република Македонија како демократска држава, како стабилна држава не можеме да ги менуваме стратешките документи на Владата и на овој Парламент. Државните акти не смееме да ги менуваме. ВМРО-ДПМНЕ од дневно политички интереси сметам и најотворено ќе кажам тврди дека решението од 123 општини во Република Македонија е идеално. Во никој случај не е точно. Јас се согласувам може да бидат општините 70, може да бидат 80, не е проблем пет или десет општини повее или помалку, но стратегијата која е изградена во државата во процесот на децентрализација не може да има успешна, реална децентрализација врз основа на новите надлежности, врз основа на новите извори на средства без менување на територијалната организација.

Цело време претставниците на ВМРО-ДПМНЕ што го презентираа тој став, мислам неприфатлив, а задоволство ми е што господинот Груевски укажа на тоа и тој го призна тој дел дека е неможно без почва.

Господа пратеници,

Република Македонија спаѓа во редот или во врвот на централизираните држави. Со овој проект ја внесуваме во редот на демократските држави кои имаат огромен дел на децентрализација. Не смееме да дозволиме во овој процес да го изгубиме основниот дел и придобивка на граѓаните. Тоа е да се намали делот на услугите во образованието, културата, здравството. Тоа е најосновниот дел. Тие не се на многу високо ниво но без обезбедување на средства, трајни, сигурни извори, без обезбедување на механизми, административни, финансиски, јас неколку пати кажав и непријатно ми е да споменувам дека најголемите експерти укажуваат на тој

дел, не можеме да доведеме до голем дел на нарушување дури и на макроекономската стабилност на Република Македонија. Се работи за огромен трансфер. Свесен сум дека господинот Груевски е свесен за тој трансфер што значи пренесување образованието иако првата фаза е блок дотации, што значи пренесување на делот на културата, на вработените. Сметам дека овој процес, иако господинот Груевски истакна, јас не би сакал, јас го сфаќам објективниот дел на нереализирање, но оваа Влада се исправи пред едно прашање од една страна велиме се касни со обврските од Рамковниот договор, а од друга страна нас ни викаат дека брзаме со процесот на децентрализација и заокружување на обврските од Рамковниот договор.

Господине Груевски, претходната Влада со консензус на донесување на Законот за локална самоуправа, кој знаеме како се донесуваше, а ми е жал што не е тука господинот Оровчанец со кој учествувавме со едено, знаете трчање, договарање, меѓународен фактор, овој Парламент 20 - 30 дена и не доликуваше на еден процес на една држава која ја има сопственоста на водењето на процесот. Овој процес ве убедувам дека го водиме сами заедно Владата, експертите и сигурно во секој случај опозицијата која треба да има свое место. Опозицијата во тој дел, после нашите први разговори излезе со одредени свои мислења во јавноста и го напушти целиот процес. Процесот на децентрализација требаше да заврши до крајот на 2003 година. Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа требаше да биде донесен во мандатот на претходниот Парламент. Господине Груевски, не би сакал да навлегувам од кои причини тој закон не е донесен, а јасна експлицитна обврска има во програмата на Владата и во Парламентот, но сакам да ве убедам дека вие бевте директно вклучени во тој проект. Вие по ваше барање, тоа е точно, тој проект го преземавте од Министерството за локална самоуправа, бидејќи точно е дека Министерството за локална самоуправа нема капацитет, ниту имаше, ниту има сега да го води тој процес за фискална децентрализација. Но, во моите секојдневни средби со градоначалници, со ЗЕЛС, Комисија за финансирање со претставници на опозиција овој дел на финансиската децентрализација или фискалната децентрализација е највисок степен на можност на обезбедување на стабилни, сигурни извори и во делот на изворните приходи и во делот на дотациите. Сите варијанти претходни, јас не знам од кои причини, но вашиот дел на размислување на Министерството на претходната Влада морам да ви кажам беше многу ригиден и никакви извори на средства не се даваа.

И делот на измена, или ревизија. Често се употребува ревизија, ревизија не е намалување, може да се гледа како збор, како поим. Суштината на Охридскиот договор, суштината на договарање на учесниците, духот на Охридскиот договор, зголемвуање на надлежности, трајни извори на средства и сигурно сведување на оптимални општини со капацитети, за да имаме реална локална самоуправа. Претходната Влада со донесување на Законот за локална самоуправа ништо не презеде во остварување на другите законски обврски. Јас ќе кажам, нормативното регулирање и на финансиската децентрализација и на територијалната организација не значи многу во напредување на процесот на децентрализација. Вие сте свесни, оваа Влада со преземањето на своите одговорности веднаш пристапи кон имплементација на процесот на децентрализација. Сакам да ви укажам и да се надмине едно недоразбирање кое често од пратениците се истакнува, дека законот за територијална организација не е сегмент од Рамковниот договор, не е сегмент од процесот на децентрализација. Оперативната програма за процесот на децентрализација Владата ја претстави кај сите потписници на Охридскито договор во присуство на претседателот на државата, во присуство на претставник на ВМРО-ДПМНЕ, незнам точно кој беше претставникот, целосно беше подржана со целата своја динамика, со сите закони и во делот на огромниот дел на закони кои пред нас претстојат. Трансферот на надлежности, целокупниот политички систем треба да го смениме со пакет од 40, или 50 закони во сите сфери на живеење. Затоа, не ја сметам ниту задоцнето, ниту за критика од објективни, или субјективни причини зошто не го презеде претходната Влада тој дел, особено ниеден закон ни во култура, ни во образование, ни во спорт, ни противпожарна заштита, ни цивилна, не беше во ниедно министерство ниту започна да се работи. Овој процес е сложен, одговорен и бара единство од сите. Делот на закопување во одреден дел особено во територијалната организација не не води никаде. Да го најдеме оптималниот број на општини, општини кои во основа ќе ги извршуваат во интерес на граѓаните прашањето од локално значење. И добро кажа г-динот Груевски, ние зборуваме за водоснабдување, зборуваме за локални прашања. Во овој процес државата си ги задржува своите функции, функции кои се од државен карактер. И во тој дел сметам дека и овие дискусии , сигурно и понатамошните дискусии и ангажирањето на Владата ќе дојдеме до едно оптимално решение кое во основа ќе биде прифатливо за голем дел на граѓани.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Груевски, на вашето излагање има реплика господинот Никола Апостоловски.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Почитуваниот колега Груевски во својата дискусија истакна дека не се согласува со предлогот за донесување на закон за териоријална организација на локална самоуправа на РМ во оваа форма што е предложена од Владата. Од причини како што наведе , ќе се сопре процесот на ревитализација на македонските села. Отаму очекував г-динот Груевски принципиелно да го предложи селото Владимирово за нова општина од причини што ги има исполнето сите инфраструктурни карактеристики според неговите критериуми и тоа има нова трафостаница , нов асфалтен пат, пошта, училиште, продавница, нов водовод и нова канализација, ново изграден културно-историски туристички споменик, нов насад на вишна , реновиран задружен дом, со нова кафеана и биро за стокови резерви.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Процедурално, господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претходниот говорник два пати, еднаш пред паузата поради процедурално, исто така зборуваше за лекарски уверенија, не би сакал да коментирам, затоа што ќе биде многу незгодно. Исто така, и сега што исто така не се згодни ваквите реплики , мислам дека дискусиите беа сосема конструктивни досега и ако сметате дека треба да се движат во тој смер, би требало да го предупредите да нема вакви реплики. Се знаеше неговата асоцијација каква е.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Јас реагирам само кога се работи за дирекна навреда на некој од колегите, или на некоја личност, а инаку во стилот на колегите, начинот како тие се произнесуваат не можам да се мешам.

Имаме најавени реплики на излагањето на министерот.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Само една работа да прашам, дали имам право на три минути, или на една минута?

Овде имавме после долго време и после низа дискусии кои што беа едно обраќање на министерот за локална самоуправа каде што бев спомнат и јас. И јас ќе

потврдам дека точно е она што го кажавте дека тој закон за локална самоуправа беше донесен со консензус. За жал повеќето пратеници од СДСМ не знаеа дека е така, па ми реплицираа на моето обраќање. Значи, заборавиле како одеа тие работи.

За да се концентрирам на се ова , би потенцирал некои основни елементи. И вие бевте инволвирани и јас бев. Суштината на децентрализацијата е пренесување на ингеренции од централната власт на локалната самоуправа. Со други зборови, правата кои што ги отуѓува централната власт и ги пренесува на име на локалната самоуправа. Тоа е суштината на децентрализација.

Суштината на територијалната организација е само пример на кој начин може најлесно и најпрактично да бидат реализирани овие пренесени ингеренции од државата на локалната самоуправа. Преносот на ингеренциите е онолку колку што има и средства за тоа. Видовме со Предлог законот, досега беше тоа отприлика неполни 2%, сега преминува некаде на околу 20%. Значи, имаме значајно зголемвуање и тука е доблеста на децентрализацијата. Суштината на територијалната организација не е и суштина на самиот процес на децентрализација, туку пренесувања на ингеренциите. Принципот на територијалната организација треба да биде принцип кој ќе може на најдобро можен организиран начин да ги пренесе и да им даде можност на локалната самоуправа да ги спроведуваат сите тие ингиренции кои што се трансферираат веќе од централната спрема локалната самоуправа. Така што бројот на општините не е предоминантен. Треба да биде само многу прагматичен и врз база на критериуми јас не успеав да согледам кои се критериумите од досегашните дискусии и од вашето излагање овде, затоа што ги има премногу и не можат сите да бидат опфатени, или не можат сите да бидат опфатени во онаа мера во која што некој од нас мисли дека треба повеќе, некој мисли помалку.

Мојата интенција беше основниот принцип да биде економски развој и во мојата дискусија тоа го нагласив. По мое размислување и мое сваќање врз база на она што го имаме како релевантни податоци до сега добиено за состојбата во општините, можам да кажам дека бројот од 123 општини не само за да задоволува, туку може да оди и повеќе.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Со господинот Оровчанец не да реплицирам, и во тој дел да разменуваме. Сигурно може тоа подобро. Јас се извинувам, тоа не е мој стил, но г-динот Груевски подобро ќе му ги објасни овие работи бидејки ги разбира многу добро.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Продолжуваме со дискусии.

Има збор господинот Абдулади Вејсели.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Почитувана госпоѓо потпретседател, почитувани колеги пратеници, почитуиван минситре,

Навистина имаме пред нас еден многу сериозен закон, меѓутоа изгледа дека ние не сме сериозни со него и сигурно дека сите оние кои очекуваат од нас, бидејќи законот е во прва фаза, чекаат од нас сугестии, предлози за подобрување на законот. Ние толку многу го етнизираме и го политичираме законот што целата дискусија зема други размери, размери во кои даваме многу лоша порака на оние што чекаат многу од нас. Навистина се чудам не само јас, туку треба сите да се чудиме за тоа што се случува со нас. Прашањето треба да си го поставиме самите себе. Дали треба и натаму да продолжиме по старо, или треба малку да се свртиме кон реалноста да го гледаме хоризонтот, да ја гледаме правдата и навистина да работиме во интерес на граѓаните кои не избрале. Во овој случај воопшто не го подржувам Предлогот како што е предложен од страна на Владата, меѓутоа исто така воопшто не ги подржувам сите дискусии кои го етнизираат и политизираат толку многу прашањето што може да застраниме сосема на други теми и да го исполитизираме сето она што е направено до денешен ден. Направени се бројни консултации до предлагањето на овој закон, меѓутоа знам дека консултациите се правени со погрешните субјекти. Многумина велат дека не треба да го политизираме законот. Законот произлегува од еден политички договор. Законот претставува една обврска на политички договор на двете страни албанската и македонската. И се поставува прашањето што е ревидирање, што е територијална организација. Нешто треба да се измени во РМ, затоа што не било добро решението кое постоело. Самиот Рамковен договор го регулира ова прашање и вели дека нешто треба да се измени, дека нешто не е во ред и не оди во прилог на граѓаните на РМ. И сега ќе го наречеме ревидирање, дали ќе го наречеме територијална организација независно, нешто треба да се направи. Кога сум на ова посебно сакам да истакнам дека многу малку биле земени во предвид сугестиите, мислењата токму на партиите потписнички на Рамковниот договор. Тоа е прво.

Второ, многу малку биле земени во предвид мислењата и ставовите на најзасегнатите од ова прашање, односно граѓаните. И понатаму доколку ги

разгледаме предлозите многу лесно може да дојдеме тука и да кажеме сешто. Меѓутоа, овој Предлог закон не минува без гласовите на другите етнички заедници, не македонски во Република Македонија. Затоа тука треба да имаме потполн консензус, треба ние да се согласиме со консензус за да може да се усвои законот. А законот треба да се усвои затоа што овој закон и сите други пропратни закони се дел на Рамковниот договор, договор кој што е наша обврска и која сме ја презеле као обврска за самиот потпис кој сме го ставиле на тој договор, на Рамковниот договор. Сега македонската опозиција, албанската опозиција, власта можат да кажат се' , и се можеме да кажеме само за политички дневен маркетинг и само за да се оправдаме пред нашиот електорат. Меѓутоа тоа што треба е да ја кажеме вистината и тоа што е на место. Јас тука на пошироката јавност сакам да и кажам, што и да направиме, овој закон без албанците нема да се усвои. Тоа треба да го знаат сите. Тоа го регулира Рамковниот договор. Оставете ги на страна маркетингот кој го прават одредени пратеници, дека не треба ова , и не треба тоа. Охридскиот договор е дециден, затоа и го истакнувам, го повторувам неколку пати.

Имаме Предлог закон кој навистина и мене ме чуди, а и другите. Сме имале разговори и контакти кои ги спомна и министерот, како и опозиционата партија македонска, контактите во македонскиот камп се договориле и излегле со еден прелдог кој е во нивен национален интерес. Меѓутоа јас тука сакам да кажам дека треба да се предложи закон кој што ќе биде во интерес на сите. И во принцип албанскиот субјект во РМ се договоривме , а ова ќе го пренесеме на Владата на РМ дека треба да се вратиме на старите граници, односно 33 општини плус општина Скопје. И тогаш верувајте дека политичките проблеми ќе беа помалкубројни, затоа што би се вратиле на ситуација каде што би имале многу малку проблеми и денеска не би ги имале овие дискусии тука на Парламент дека треба да има 123 општини. А ова се знае зошто се проблематизира, затоа што сме во изборна година и дека по усвојувањето на овој пакет закони ќе дојдат локалните избори. И сега кој ќе биде најголемиот патриот за да ја зачува општината или пак кој ќе биде најмалку патриот и ќе ја припои општината кон друга. ПДП сака јасно да каже на општината, ПДП е за групирање на помалите општини, за претопување на руралните во урбани . ПДП бара 33 општини плус општина Скопје. Тоа треба да го подржат сите. И ова е најдобриот начин да се постигне вистинското решение и вистинската формула која им е потребна на граѓаните на РМ, а вака и сме се договориле во начело. Доколку се изменат работите , тогаш треба повторно да седнеме, да разговараме зошто се изменети, каде е грешката, дали е грешката кај албанскиот партнер во власта, или

кај опозицијата. Треба да се азјаснат дилемите, затоа што сме во една ситуација каде треба да создадеме механизми за приближување на етничките заедници и за враќање на довербата меѓу граѓаните, враќањето на довербата на граѓаните кон институциите. Ние тукауште пвоеќе нив ги продлабочуваме со нашите дискусии. Доколку некој ги слушне дискусиите на македонската опозиција, во Тетово и во Кичево не треба да има македонци, затоа што толку многу внесуваат раздор меѓу просечните граѓани што утре треба сите да си заминат од таму.

Според нас, треба да се создадат општини кои треба да бидат стабилни со финансиски ресурси. Еве, тука ќе се навратиме на законот за финансирање на општините. Со тој закон, според сите експерти кои ние како партија сме ги консултирале и кои ни предложија со овие ресурси и финансиски средства дека неможе да постои ниту една општина да не се залажуваме, ссо 3,1% на приходи од персонален данок и 1% од ДДВ неможе да постои општината, доколку нема дотации од самата Влада. Каде ќе одат дотациите тоа е голем знак на прашање. До колку сакаме да имаме општини силни со ефекти од различна природа било во однос на инфраструктурата, било во однос на администрацијата , во било што друго што е во рамките на општината: образование, здравство, култура итн, сигурно дека општината треба да ги има следните извори за самофинансирање. Јас тука помислив на нешто друго. Тука говориме за општини македонски и албански, така веќе не делат, тоа не го правам јас. Дали можеби албанските општини ги земаат на душа другите македонски тие што се во источна Македонија. Зошто неможат да го зголемат приходот од ДДВ и од личниот доход и затоа нема да се зголемат и во источна Македонија. Јас ви велам, немојте заради Тетово, Гостивар и западна Македонија да го намалувате ДДВ. Тоа треба јасно да го кажете доколку сакате така. А од друга страна не се придржуваме кон принципите за кои сме се договориле, туку одиме и правиме цик, цак во Република Макединија .

Го поздравувам чекорот кој е направен во Кичево и во Струга од страна на Владата. Тоа требаше да се направи во Липково. Општина Липково требаше да се припои кон Куманово. Тука веднаш ќе речете вие не сакате албанска општина. Не, ние сакаме да се придржиме кон нашите определби независно дали општина Куманово ќе биде со мнозинство македонци. Дури имам и еден предлог за политичкиот македонски субјект, Кичево доколку мисли дека ќе го добијат албанците, ајде Македонски Брод да го припоиме кон Кичево. Еве, ова ќе го кажам, не треба да разговараме за поединци и политички партии кои ќе ги добијат изборите. Кој ви гарантира дека еден албанец неможе да ги добие гласовите на македонците ,

или пак дека еден македонец неможе да ги добие гласовите на албанците. Вие го имате претседателот Трајковски кој доби 250 илјади гласови на албанци. Немојте да не обвинувате веднаш однапред дека Кичево и Струга ќе станат албански, или пак јас да кажам дека морам да одговорам на обвинувањата кои се прават за Кичево и Струга, јас да кажам нешто друго кое несакам да го кажам, но, ќе го кажам. Зошто Маврово го правите општина за себе. И јас не видов никој да реагира од македонците зошто Маврово е општина за себе. Не слушнав ниеден македонец да реагира зошто Вратница е припоена на Јагуновце каде немаат никаква инфраструктурна врска. Граѓаните на Јагуновце треба да одат во Теарце, а потоа да одат во Вратница. Јас знам зошто го направиле ова. Прават поделба, да нема спој меѓу општините. Ако одиме по стариот менталитет и по старо дека албанците се штета на државата, тогаш се греши. Албанците како и македонците се граѓани на Република Макединија и ќе се обидат со сите средства да го заштитат тоа, меѓутоа тоа незначи дека не треба да се обидуваат да постигнат граѓанска рамноправност. Сакаме да бидеме рамноправни граѓани. Јас знам зошто се прават општини со мнозинство македонци. Затоа што и во Вратница и во Маврово, Македонија се граничи со Албанија и Косово. И тука се прави една албанска поделба. Меѓутоа не е проблем. Ако сега го имаме Маврово кое навистина има бројни ресурси со кои може да помогне на целата општина Гостивар со околината според нашиот предлог од 33 општини, тогаш затоа се одзема овој дел кој не ги исполнува условите за да биде општина освен финансиските. Или да одиме уште подалеку. Со оглед на фактот дека не се прифаќа овој наш предлог и ова начело за кое ние се договоривме сите, некој застрани од овој Договор, тогаш сигурно ПДП ќе побара Липково да биде посебна општина, затоа што не си ги почитувале ставовите и начелата за кои ние се договоривме. Значи ќе бараме Липково да биде посебна општина.

Исто така имајќи ги предвид критериумите кои се опфатени во овој Предлог закон, ние тогаш ќе бараме во има на ПДП и ќе бидеме многу гласни и Џепчиште да биде посебна општина. Знаете зошто? Затоа што сме направиле една таква конфузија во територијалната организација што никој не си го знае стопанот. Тука веќе не се граѓанските интереси во прашање, туку во прашање се партиските интереси. Знаете зошто предлагаме Џепчиште да биде посебна општина? Затоа што има економски ресурси. Тоа е една општина која има многу брз економски развој, но исто така и во други области. Да одиме понатаму. Доколку нема пречки од овој аспект можеме да формираме општини колку што сакаме и ние предлагаме и Камењане да биде посебна општина, зошто да ја припоиме кон Боговиње. И едната

и другата ги исполнува стандардите и условите кои се бараат со законот. Да одиме понатаму, со оглед на тоа дека не се реализира тоа што беше наш првичен договор селата да се припојат кон Гостивар, ние велиме и Неготино да остане посебна општина затоа што и таа ги исполнува сите стандарди икритериуми кои ги предвидува законот, било геогравско природните услови, или општествените објекти кои постојат, Домот на културата, средното образование итн. И тука треба да направиме максимум за да зачуваме нешто што сме го стекнале со голема мака во 1996 година.

Сега говорам во име на мојата паритија. Мојата партија е партија на албанци. Со многу мака ја формиравме општината Житоше во 1996 година. И оваа молба ја имав кон сите вас да не ја растурите оваа општина, затоа што лесно е за мене како албанец да живееш во Тетово или Гостивар, меѓутоа многу тешко им е на оние во Прилеп. Затоа ве молам овој предлог посебно за Житоше треба да ја чуваме како двете очи на главата. Имаме многу, многу забелешки во однос на новата територијална организација, затоа што овде се работи за политички интереси. Навистина тука треба да бидеме достоинствени и сериозни во подготовката на тој закон. Јас реков дека како ПДП ќе ја подржиме територијалната организација која ќе има 33 општини плус општина Скопје. До колку ова не се случи, за сето ова што го спомнав сега, сигурно списокот ќе се дополни уште и тогаш ќе ги гледаме локалните интереси. Но, сакам да истакнам тука уште нешто. Многу пати не било кажано дека во времето на комунизмот имаше 33 општини плус општина Скопје. Дали сега сакате да не вратите во тоа време. Образложението е следно. Во тој систем градоначалникот бил поставуван од Централниот комитет. Додека денес градоначалник може да биде тој кој ќе ги добие изборите, кој ќе ги добие гласовите на електоратот и тоа мнозинството гласови, а тој градоначалник бидејќи не се поставува по клуч од Извршниот комитет, туку од гласачите, тој од тетовската општина ќе финансира и во Јажинце и во Теарце и во Челопек и во Желино, затоа што сака да ги добие гласовите од тој дел. И не е веќе тоа време кога се внесува забуна и се заплашуваат граѓаните на Република Македининја дека доколку се вратиме на бројот на старите општини, што направи Тетово за селата со градоначалникот за следните 4 години ќе финансира во селата, затоа што тоа е негово гласачко тело, таму ќе се обиде да ги собере гласовите доколку сака после да биде градоначалник, а доколку не финансира, нема да биде градоначалник. Затоа не држи образложението дека се враќаме на монистичкиот систем, туку е систем кој што најмалку ризикува да создаде меѓуетнички конфликти. Вака , со овие

предлози 70, 80 или 123 опшитни, тоа се конфликти кои се создаваат не меѓу партиите, туку меѓу етникумите што воопшто нетреба да се прифати во овој момент во Република Макединија . И со цел полесно да се надмине овој проблем, мислам дека единствено решение е ова. Доколку ова не се случи , нашата алтернатива е таа која што ја опишав претходно.

Но, исто така нешто што е загрижувачко и што е најзагрижувачко во овој Предлог закон , сигурно е територијалната организација на градот Скопје. Освен надлежностите ќе говориме за градот Скопје, за точката која следи после оваа точка. Меѓутоа, навистина оваа територијална организација е загрижувачка за сите нас во Република Макединија .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам , јас би сакал да зборувате за градот Скопје кога ќе дојде точката на дневен ред и затоа сега ве молам немојте да зборувате за градот Скопје, бидејќи има посебна точка на дневен ред.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Територијалната организација на Скопје е присутна и во овој закон. Општините кои се предлагаат и тука е овој начин на поделбата на Скопје за ПДП е неприфатливо и е против нашата волја и тука навистина треба да бидеме малку посериозни. Треба да бидеме тие кои треба добро да го ставиме прстот на глава, затоа што се отстранува употребата на албанскиот јазик во градот Скопје. Навистина е неприфатливо во еден град каде живеат најмногу албанци од другите градови во Република Макединија , тоа е неприфатливо. И за организацијата како што е направена внатрешно за лавиринтите и за цик,цак, што се направени внатре кои се гледаат во законот, навистина ова излегува од сите можни рамки и е сосема неприфатливо. Сигурно дека за ова ќе се отвори малку посериозна дебата. Неможе да се исклучат неколку општини од Скопје само затоа што тоа го рекол некој функционер од партијата на власта.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве замолувам за градот Скопје да не зборувате сега. Ќе имаме ден , два, три да зборуваме за градот Скопје. Ве молам, кога ќе биде точката на дневен ред за градот Скопје, тогаш да се зборува.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Добро, ќе го оставам градот Скопје затоа што сигурно дека има многу што да се каже за градот Скопје и дека таа е една од клучните точки на овој проект и дека нашата заинтересираност е многу поголема за Скопје како ПДП и за неговата организација. Јас ќе ја прифата сугестијата на претседателот на Парламентот тука да завршам со мојата дискусија околу законот за територијална организација и ќе се видиме околу точката за поделбата на градот Скопје.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас ви се заблагодарувам за тоа што имавте разбирање и мислам дека така треба да работиме во овој Парламент.

За реплика се јави г-ѓа Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Г-динот Вејсели во неговиот говор на самиот почеток кажа дека не ги поддржува дискусиите кои што ги етнизираат и политизираат прашањата поврзани со територијалната организација. А во неговиот говор тој ја разгледа територијалната организација од аспект на етничкиот критериум. Би сакала да го потсетам дека поврзувањето на етничките права со територија е спротивно на основниот столб на Рамковниот договор, дека нема територијални решенија за етничките права, а во исто време тоа е во спротивност и со начелата за прием на земјите во членство на ЕУ каде што јасно стои дека нема пристап во ЕУ за земји кои што имаат територијални решенија за етничките права.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Г-ѓо Бонева, жалам што ќе реплицирам со вас, затоа што би сакал повеќе да реплицирам со некој друг, но во ситуација сум неопходно да реплицирам со вас. Јас реков на говорница, не би сакал да го етнизирам , или политизирам денешнито закон кој го имаме денес на дневен ред. Меѓутоа, јас го етнизирав и политизирав толку колку за да им дадам одговор на вашите веќе 10 дневни дискусии во Републичкиот парламент. Што ќе правиме ние албанците од Кичево и Струга? Да си побегнеме од Кичево и Струга за да ви ги оставиме вас Кичево и Струга? Размислете добро. Овој ваш предлог нема да се прифати. Ние таму сме се родиле и таму ќе живееме и никаде немада одиме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г. Ефтим Манев, а нека се подготви пратеникот Зоран Заев.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министре,

Во однос на Предлогот за донесување на закон за територијална организација на локалната саоуправа, после толку долги и исцрпни дискусии би сакал сепак и јас да дадам свој придонес по однос на овој предлог за подготвување на Предлогот на законот.

Уште на почетокот би сакал да кажам  дека предложениот Предлог за донесување на закон со бројот на општините се предвидува  истиот да функционира од 2005 година натаму, сметам дека е прилично мал број и се направени големи рестрикции во однос на постојните општини, утврдени со Законот за територијална организација од 1996 година. Зошто го велам ова? Сметам дека непотребно правиме големи крупни експерименти кои се на штета на Република Макединија бидејќи во однос на територијалната организација, после втората светска војна во Република Макединија , со првиот тогашен Устав и законите се предвидени многу поголем број општини, околу 150, па за кратко време од 1957 до 1963 година е укинат голем број општини и како општини се оставени само градовите. Овие 34 општини како градови функционираат се до 1996 година. Се докажа дека е направена една голема катастрофа со таквата територијална поделба и укинувањето на општините од крајот на 1963 година па до 1996 година, која резултираше со огромно иселување од населените места од селата во градовите. Така направивме големи градови. Ако го земеме Скопје 1963 година пред земјотресот брои 200 илјади жители, а сега околу 500 - 600 илјади жители, што значи бројот на жителите е зголемен за два пати, а исто така и во сите други градови бројот на жителите е двојно зголемен, што зборува за големо  зголемување на населението во градовите, а голем број на села целосно се иселени, оставени се пустини без да има жива душа таму. Тоа зборува дека е водена една сосема погрешна политика во развојот на Република Макединија  и во целина би се осврнал само на тој дел.

Со намалувањето на општините сега со овој закон ќе имаме уште голема миграција од селата во градовите, граѓани од селата кои ќе доаѓаат во градовите.

Неправилна и погрешна е проценката на Владата и на Министерството со кое се предвидува дека овој број на општини кои што се предвидени можарт да опстанат

економски, а инаку оние кои што укинуваат скоро 50 на број, тие неможеле да опстанат економски. Еден од критериумите за нивното укинување, и другиот критериум е дека општините биле помали од 5.000 жители и тој е еден критериум што укажува дека општина испод 5.000 жители, пак таа неможе да опстани.

Сметам дека на овој план не е направена добра анализа. Во одредени места, во одредени општини можеби да истите не ќе можат да опстанат, но сепак треба да имаме во предвид дека треба да настојуваме и те како силовито и тоа треба да биде една од реформите на Република Македонија, како би обезбедиле живот на целата територија на Република Македонија а не да оставаме празни места. Само ако погледнеме од Прилеп, Мариовско е празно, Радовишко, Лакавица, сите тие населени места кои се подалеку од Радовиш се празни, иселени во градовите, а со сегашниот предлог,токму во тие предели се укинуваат општините кои што беа воспоставено со Законот од 1996 година, каде почна да се враќа живот, едноставно таквиот живот пак ќе престане и останува граѓаните да размислуваат сосема на друга основа. Најнапред мора да размислуваме едно што Република Македонија на ваквиот начин на живеење по градовите, напуштање на селата истата неможе да обезбедува основната храна, неможе да обежбедува леб, жито неможе да обезбедува, бидејќи нема население кое се занимава со таа проблематика.

Дали Република Македонија смета на оваа индустрија или стопанство што го има, дека ќе може да успее да го обезбедува лебот за граѓаните кој е основен.
И што би останало за другата храна, млечни производи, месо, сето тоа е така пропуштено, дека ќе одиме ние на увоз. Што имаме тогаш? Која е таа индустрија. Трите наши капацитето што ги мавме створени во социјалистичкиот систем, се распаднати. И на овој начин со страв дека нашите општини нема да опстанат економски, не овозможуваме услови за живот во селата, дека ќе го оптеретат буџетот, или неможе да направат и буџет истите, и сето тоа, правиме дека таа треба да биде врзана према некој град. Овие постоечки сега селски општини кои ги надоврзуваме на градовите. Јас би кажал обратното.

Најнапред да размислиме дали нашите градови можат да опстанат, кој што ги предвидуваме како општини и носители, превземање на други општини со нив. Градското население, луѓето кои што живеат во градовите, бројката е огромна на невработеност и која се пријавила во заводите за вработување, додека бројот на пријавени, невработени луѓе од населените места од селата се далеку помали.Иако тие до сега не се на некој начин згрижени барем во тој поглед.

Јас би препорачал, би го молел министерот на таа околност малку повеќе да размисли и Владата дека мора да направиме еден чекор поголем и неможе да се плашиме дека имаше дискутанти некој дека Европа или било кој ќе ни ја прекрои или ќе ни ја нацрта на нас картата на општините. Картата на општините можеме да си ја нацртаме само ние и тоа исклучиво од развоен аспект. Најмалку да водиме сметка на населението какво население живее таму. Дали е македонско, албанско, турско или било какво. Најмалку е тоа битно. Битно е да одиме на развој на економијата. И од тие причини сметам дека бројот на населението, односно на општните која е предвидена со овој закон е погрешно направен и е доста мал. Може да има некој општини мали, кои што неможат да опстанат, но сепак треба да размислиме и за тие општини, дали не е потребно да се изнајдат средства, да се дотира, да се финансират таквите, се со цел за развој на животот во таа средина.

Бидејќи имаше доста дискусии на тоа поле, јас би сакал да се осврнам само и на две наши општини од кај што потекнувам од Радовиш, општините Подареш и Конче, кој што општини до 1996 година биле во општина Радовиш функционираа седум-осум години ќе направат до есен и сега пак истите се укинуваат и се предвидува да бидат составен дел на општина Радовиш. Јас би кажал за овие две општини мали, кој што се укинуваат и те како економски мо1ат да опстанат, дури можат и повеќе од општина Радовиш.

И двете општини имат доволно ресурси за развој на нивните подрачја, услови за живот на населението, и не би било воопшто проблем со дисперзијата на власта дека сметаме, дека ќе се зголемат трошоците. Јас би кажал дека на тие наши подрачја,  сите тие населени места села, како во подрачјето на општина Конче сегашна и на подрачјето на општина Подареш се обезбеди иста таква инфраструктура. Во сите населени места има школи, имат и амбуланти и сметам дека воопшто нема да има проблем од бројот на тоа население, да тие општини останат и функционират.

Од 1996 до денеска, инфраструктурата во тие две општини можам да кажам за сто пати е поголема од тоа што беше направено во периоодот од 1963 година, од кога се укинати тие две општини до 1996 година, и голем грев би правеле на населението ако ние му го одземеме тоа право да тие луѓе одлучуваат сами за својата судбина.

Истите овие граѓани од овие две општини и на референдум се изјаснија, дека бараат да опстанат како општини и можат. И за тоа сепак треба овој парламент, кој го

сочинуваме ние како пратеници, ние произлегуваме од тие граѓани, кој што го дале својот суверенитет, своето право на одлучување, да одлучуваме во нивно име.

Како би одлучувале ние сега како Парламент, ако едно гласачки тела како општинки се изјасниле дека тие сакат да опстанат, ние ќе збориме или ќе кренеме рака дека вие неможете да опстаните како општина. Која е таа наша сила од ова место или од кабинетско решавање дека неможе да опстанат. Треба да се проба дали ќе опстанат или не, длабоку сум убеден дека ќе имат далеку поголем развој, ако останат како општини отколку истите да бидат припоени према општина Радовиш.

Општина Радовиш има свои проблеми. Радовиш како град не е до тој степен економски силен, нема никакво стопанство и тој ќе успее сега да ја финансира да има повеќе средства дека ќе ги финансира овие две општини. Во никој случај. Тоа се тотално погрешни претпоставки или проценки на оние луѓе кои го изготвувале овој проект.

И, затоа јас би препорачал на Министерството и на Владата да бидат ценети во голема мера, во голема мера, референдумите на општините кои што сакат да опстанат, кои што сакат. Неможе ние од овде да сметаме дека, ти неможеш некој да каже, еве ти не сеи способен за тоа, ти ќе бидеш под моја контрола. Тој сака, тој се бори оти може да опстане, ние ќе му кажеме дека неможи. Кога ќе му го дадеме тоа право, тогаш ќе видиме дали може или неможе. Постојат и други мерки, во светот има општини од два ранга. Општина со поголемо овластување и општина со помало овластување. Нашите закони не даваат тавка можност. Никој не ни пречи, дал до крајот на оваа година, или во 2005 година да ги прилагодиме законите наши према тоа што го барат граѓаните. Едино тоа би било наше добро, кое што ќе го направиме за граѓаните на Република Македонија, се со цел да се развиват нашите делови. А, вака само, ние ќе ги направиме понеразвиени и ќе стоиме на исто место, и ќе имаме стално што поголем број на социјални случаи, ќе нема државата егзистенција, ќе нема свое производство на храна, ќе купуваме и храна. Кога ќе створиме такви општини, ќе створиме услови и за враќање на луѓе кои се иселувале од селата.

Разговарам, комуницирам со многу луѓе, јас би земал и од Скопје граѓани кои што отишле технолошки вишок, или под стечај, а дошле од било кое друго место и сега се враќат во нивните места. Тогај била таква политиката. Да не дозволуваме што поголемо раселување од селата во градовите, но обратно треба да створиме услови, кое што нешто постои во Западноевропските држави, кои се развиени

држави и кои што сакаме и ние да бидеме како нив. Нема таму ни едно место напуштено. Секое место ствара приходи. А ние оставаме празни места.

Е, тоа моја препорака би била Министерството и Владата да размислат најмногу на развојниот дел, на развојниот елемент при поделбата на општините, а елементот каква е популацијата, тоа што се збореше, јас не би сакал во тој дел да навлегувам дека овој дел би бил повеќе албански, да бидат албанци, да овој бил македонски да биде, најмалку тоа е потребно на Македонија. Не ни треба на никој ни на македонци, ни на албанци, ни на турци, ни на срби, не ни треба тоа. Република Македонија е унитарна држава. Сите тоа го прифаќаме. Сакаме граѓанско општество. Што ни треба на нас на тој начин да ги делиме.

По однос на правата на малцинствата или етничките заедници, има си договори, Рамковниот договор во закони, сето тоа може да го преточиме, а не треба да се делиме и територијално на таква основа. Нашата поделба на општините исклучиво треба да биде на развоен план, ништо понатаму.

Токку би имал, ви благодарам на вниманието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Ефтим Манев.

Почитувани пратеници, вие знаете дека фудбалот е најважна споредна работа, добив една молба од Македонската радио телевизија да ја завршам малку порано оваа седница, тоа сватете го како пример дека Парламентот го слуша гласот на народот и сега ве информирам дека утре ќе започнеме, ќе продолжиме со 53-та седница, претпладне, значи пред пауза, значи тука се: Предлог за донесување на закон за јавни набавки; Предло за донесување на закон за надворешни работи, со Предлог на закон и оние два закони за ТАТ ако стигнат.

Попладне продолжуваме со денешнава седница.

Ви благодарам.

(Седницата прекина со работа во 17,45 часот).